**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Триесет и петтата седница на Собранието на**

**Република Македонија, одржана на 25 септември**

**2003 година**

Седницата се одржа во зградата на Собранието на Република Македонија, сала 1 со почеток во 10,20 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Никола Поповски, претседател на Собранието.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ја отворам Триесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Елеонора Петрова, Каролина Ристова, Ѓорге Паљошкоски, Петар Наумовски,Љубе Бошковски, Никола Груевски, Љубчо Георгиевски, Сашко Кедев, Томе Тромбев, Стојан Андов, Орданчо Тасев, Андреј Жерновски, Али Ахмети и Агрон Буџаку, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

На седницата се поканети претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, гувернерот на Народната банка на Република Македонија.

Пред да почнеме со одговори на писмено доставените прашања, апелирам до Владата, се зголемува бројот на неодговорени прашања кои датираат со дати од мај, април, март и тн., ве молам да превземете обврска за наредната седница, ние ќе ви го доставиме списокот на стари и неодговорени прашања да ги ажурирате.

Министерот за правда достави одговор на пратеничко прашање поставено од пратеникот Спиро Мавровски.

Министерот за надворешни работи достави одговор на пратеничкото прашање поставено од пратеникот Никола Апостоловски.

Претседателот, Ќенан Хасипи, Тито Петковски, Наташа Бикова, Невзат Бејта и Ѓорге Палошковски. на Владата на Републилка Македонија достави одговори на пратеничките праШања поставени од пратеникот Емилија Костадинова

Министерот за транспорт и врски достави одговор на пратеничкото преашање поставено од пратеникот Тито Петковски.

Министерот за образование и наука достави одговор на пратеничкото прашасње поставено од пратеникот Ѓорѓе Палошковски.

Министерот за здравство достави одгово на пратеничките прашања посавени од пратениците Ѓорге Палошковски и Никола Апостоловски.

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство достави одговор на пратеничките прашања поставени од пратениците Невзат Бејта и Исмет Рамадани.

Министерот за економија достави одговор на пратеничкото прашање поставено од пратеникот Силвана Бонева.

Министерот за финансии достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Ќенан Хасипи и Цветанка Гашоска.

Министерот за внатрешни работи достави одговори од доверлив карактер на пратениките прашања поставени од пратеникот Ќенан Хасипи.

Бидејќи одговорите на министерот за внатрешни работи на прашањата поставени од пратенкот Ќенан Хасипи содржат податоци од довелив карактер, го молам пратеникот Ќенан Хасипи, доколку сака да постави дополнително прашање тоа да го стори без изнесување на податоците од доверлив карактер.

Доколку при поставувањето дополнителни прашања, сака да изнесе податоци од доверлив карактер, претходно Собранието треба да одлучи да работи без присуство на јавноста. Знаете дека тоа се прави со двотретинско мнозинство гласови, на предлог на претседателот, на Владата или на 20 пратеници.

Го молам и министерот за внатрешни работи да го има предвид тоа при дабањето на одговорите на дополнителните прашања ако се постават.

Го молам пратеникот Ќенан Хасипи да се произнесе дали е задоволен од одговорите добиени од министерот за внатрешни работи, кои се од доверлив карактер, или сака да постави дополнителни прашања.

Сите други ги молам да се исклучат од системот зошто прво ќе одговараме на писмено доставените прашања.

Господин Хасипи, дали сте задоволен од одговорот?

Пријавете се прво.

ЌЕНАН ХАСИПИ:

Одговорот што го добив воопшто не отстапува од образложението што му е доставено на лицата кои што се предмет на пратеничкото прашање, бидејќи прашањето е од доверлив карактер и не поставувам дополнителни прашања.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Го молам пратеникот Спиро Мавровски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за правда, или ќе постави дополнително прашање.

Господин Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Јас сум задоволен за наредното ќе побарам од Основниот суд во Битола. Се работи за аферата ТАТ.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Го молам пратеникот Никола Апостоловски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за надворешни работи, или ќе постави дополнително прашање?

Господин Апостоловски.

НИКОЛА АПОСТОЛВОСКИ:

Задоволен сум од одговорот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Ја молам пратеничката Емилија Костадинова да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од претседателот на Владата, или ќе постави дополнително прашање.

Госпоѓа Костадинова.

ЕМИЛИЈА КОСТАДИНОВА:

Благодарам.

Почитуван претседателе, господа министри и претставници на Владата,

И благодарам на Владата што одговори на моето дополнително пратеничко прашање кое што беше поставено на седницата одржана на 14.04.2003 година, за нетранспарентната приватизација на АД Земјоделска механизација - Виница. Фактички дополнителниот одговор не нуди ништо ново освен препораката надлежните органи да ги превземат потребните активности согласно законските прописи, односно дека Државната комисија за спречување на корупцијата ќе го земе во предвид на разгледување овој случај. Па сега останувам да прашам дали до овој момент предметот е земен во постапка за разгледување. Задоволна и јас и вработените во АД “Земјоделска механизација” - Виница, ќе бидеме кога сите надлежни органи ќе ја завршат работата во својот делокруг, односно и Државната комисија за спречување на корупцијата и Јавното обвинителство, а најпосле и судските органи. Затоа што овој случај мора да има судска разрешница и сите инволвирани поединци и институции да го превземат својот дел од одговорноста за

сторените повреди во постапката и за криминалните дејствија во приватизацијата на АД МЗТ “Земјоделска механизација” сегашен “Еко-Проект” - Виница.

Дали во овој момент предметот е земен во постапка за разгледување, бидејќи одговорот е од јули месец па до сега можеби имаат сознанија. Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали на ова прашање Владата сега ќе одговори, или писмено ќе достави одговор?

Писмено ќе бидете известени за дополнителното прашање и на тоа веќе немате право повторно.

Го молам пратеникот Ќенан Хасипи да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од претседателот на Владата  и министерот за финансии, или сака да постави дополнително прашање.

Господин Хасипи.

ЌЕНАН ХАСИПИ:

Задоволен сум од одговорот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Го молам пратеникот Тито Петковски, да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од претседателот на Владата или ќе постави дополнително прашање.

Господин Тито Петковски.

Задоволен сте од одговорот.

Благодарам.

Ја молам пратеничката Наташа Бикова да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од претседателот на Владата, или ќе постави дополнително прашање.

Госпоѓа Бикова.

НАТАША БИКОВА:

Моето прашање беше поставено до Владата и се однесуваше на отворање граничен премин Берово-Струмјани кај Клепало. Од одговорот сум задоволна особено во делот каде што стои дека од бугарска страна било потврдено дека се обезбедени финансиски средства за довршување на преминот. Но имам едно дополнително прашање до министерот за економија господин Илија Филиповски.

“Дали во почетоко на септември е одржана третата седница на мешовитата македонско-бугарска комисија за трговско економска соработка чии копретседатели се министерот за економија на Република Македонија и бугарскиот министер за регионален развој и јавни работи господин Валентин Церовски. Во колку е одржана, дали е поставено

и разгледано прашањето за отворање на граничниот премин Берово-Струмјани, што е предложено од Министерството за надворешни работи.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

На дополнително прашање ќе одговори господинот Илија Филиповски, министер за економија.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Мешовитиот меѓувладин состав се одржа во Охрид, во почетокот на септември, точно така како што и пратеничката го кажа и прашањето кое што е поставено е исто  така составен дел на меѓувладините протоколи.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Го молам пратеникот Незат Бејта да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од претседателот на Владата, или ќе постави дополнително прашање?

Господин Невзат Бејта.

Не е тука.

Го молам пратеникот Ѓорге Палошковски, да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од претседтелот на Владата или ќе постави дополнително прашање.

Ѓорге Палошковски е најавен дека ќе биде отсутен од седницата.

Го молам пратеникот Тито Петковски, да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за транспорт и врски, или ќе постави дополнително прашање.

Господин Тито Петковски.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Задоволен сум од одговорот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Го молам пратеникот Ѓорге Палошковски, има одговор од министерот за образование.

Господинот Палошковски е отсутен.

И од здравство мислам дека господинот Палошкоски има добиено одговор писмен.

Го молам пратеникот Никола Апостоловски, да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за здравство, или ќе постави дополнително прашање?

Господин Никола Апостоловски.

НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:

Благодарам господине претседателе, од одговорот од министерот за здравство сум задоволен, но поради работата не е расчистена, едно додатно прашање за министерот за одбрана. Дали ќе склучи договор и ќе ги презема обврските за трошоците околу користењето на здравствените услуги на старешините. Сакам писмен одговор.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали писмено ќе одговорите? (Да)

Благодарам.

Го молам пратеникот Невзат Бејта, да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство или сака да постави дополнително прашање.

Господин Бејта е отсутен.

Го молам пратеникот Исмет Рамадани, да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство или сака да постави дополнително прашање.

Господин Рамадани.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Почитуван претседателе,

Од тоа што ми е дадено како одговор на моето прашање за чистење на хидромелиоративниот канал од Сингелиќ до Арачиново, односно Асанбегово, одговорот е во ред со констатација и предзнак дека е направена елаборација во овој правец. Меѓутоа, јас сакам во одговорот на некој начин да е даден рок односно да е нагласено на прецизен начин кога ќе почнат работите за прочистување на овој хидромелиоративен канал. Посебно, ќе замолев да се интервенира малку да се забрза во тие делови каде овој канал поминува во населено место, затоа што треба да имаме предвид дека од загадувањето и од нечистотијата може да се дојде до разни болести.

Затоа, мојата молба е во овој елаборат што побрзо да се интервенира од страна на Министерството на начин со кој ќе констатираме дека е преземено нешто во овој правец.

Инаку, описот на состојбата и мерките кои што ќе се преземат, така како што е кажано во одговорот јас сум задоволен како пратеник.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Петров, дали на дополнителното прашање имате коментар?

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Имам коментар во следната смисла. Надлежен за одржување на каналите во исправна состојба и јавно водостопанство на Македонија, тие се надлежни за тоа. Тоа е јавно претпријатие основано врз основа на закон за водите, во кое што во надлежностите го има и ова, одржување и чистење на каналите односно на системот за наводнување.

Со оглед на фактот дека надлежноста на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство е само да врши инспекциски надзор преку Управата за водостопанство, да ги констатира слабостите односно одсржувањето или неодржувањето на системите вго исправна состојба, нивната исправност, како што во случајот е во прашањето на пратеникот, не можам во овој момент да дадам гаранција во кој рок јавното водостопанство ќе ги изврши работите кои што се инспекцискиот надзор од наша страна извршени. Затоа што, ако прашањето е упатено до Министерството, Министерството ја изврши својата работа и ќе продолжи да ја врши во смисла на правење на програма и план за чистење и одржување што треба некој друг да го реализира. Жалам што неможам на пратеникот да му дадам ветување за рокот во кој што тоа треба да го направи, со оглед на тоа дека треба да се замешам во надлежностите на друг јавен субјект, кој што треба да ги спроведе постапките односно да ја изврши својата надлежност што ќе ја констатираме. Мислам дека тоа ќе биде во најскоро време и ќе умееме да употребиме соодветен притисок дозволен со закон, се разбира, работите во најкус можен рок да бидат завршени.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ја молам пратеничката Силвана Бонева да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од министерот за економија, или ќе постави дополнително прашање?

Госпоѓа Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Господине претседателе, задоволна сум од одговорот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ја молам пратеничката Цветанка Гашовска, да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од министерот за финансии или ќе сака да постави дополнително прашање.

Госпоѓа Цветанка Гашовска.

ЦВЕТАНКА ГАШОВСКА:

Благодарам, задоволна сум од одговорот, бидејќи тој е сеопфатен и јасен.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Со тоа завршивме со одговори на писмено поставените прашања.

Има прашања, кажав на почетокот,  што немаме добиено од Владата, одоговори.

Имавте одговор од претседателот на Владата. Имавте две прашања поставено.

Добро, за второто сака да се изјасните.

Пратеничката Емилија Костадинова, поднесе прашање до претседателот на Владата.

Дали сакате да поставите дополнително прашање, или сте задоволни од одговорот.

Госпоѓа Костадинова.

ЕМИЛИЈА КОСТАДИНОВА:

Што се однесува до одговорот на моето пратеничко прашање поставено на седницата....

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Тоа би било дополнително прашање.

ЕМИЛИЈА КОСТАДИНОВА:

Да дополнително прашање;

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Тогаш немате право на дополнителното трет пат да прашувате, затоа, не сте ставени тука.

ЕМИЛИЈА КОСТАДИНОВА:

Затоа сакам да кажам, односно да прашам дали тие што треба да го испитаат случајот ќе го направат тоа, а одговорот е од месец јули.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Со тој одговор завршила процедурата.

Ако имате ново прашање, поставете ново прашање, а не да поставувате дополнително прашање на веќе дополнителното.

Преминуваме на поставување на пратенички прашања.

Ги молам пратениците да не се јавуваат на компјутерот, затоа што имаме однапред договор меѓу пратеничките групи.

Преминуваме на поставување по едно пратеничко прашање од пратеничките групи.

Прво опозицијата, или позицијата, како ќе одиме? Значи, прво опозицијата.

Ефтим Манев.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Господине претседателе, моето прашање ќе биде поставено до Министерството за транспорт и врски кое се однесува на изградбата на пругата Куманово-Крива  Паланка, бугарска граница кое што е отпочната некаде од пред десетина години. Тогаш со проектот беше предвидено дека истата ќе се изгради со средства од 120 милиони долари. Имам сознанија дека во истата досега се финансирани околу 380 милиони долари, а за нивна доградба веројатно се потребни уште толку.  Би прашал за кое сакам да биде одговорено во вид на информација, колку средства биле предвидени при проектот за изградба на пругата Куманово-Крива Паланка до бугарска граница,  колку се употребени досега за нивна изградба, уште колку се потребни за нивна доградба и кога би била завршена таквата доградба, кои се пречекорувањата од проектираното и сега изградeното, или оствареното што треба да се изгради и догради, во што се состои тоа пречекорување во едни големи размери кое се однесува, дали од паричните средства кои се потрошени досега се има давано аванс на одредени градежни фирми, а кои за таквиот аванс немаат изработено ништо. Со два збора најкратко би сакал една комплетна информација за пругата Куманово-Крива Паланка која што ќе ни биде доставена по однос од почнувањето на градбата, нивната проектирана вредност, колку средства се потрошени, уште колку требаат и кога ќе биде доградена.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Одговор ќе даде господинот Дејан Кошутиќ, заменик министер за транспорт и врски.

ДЕЈАН КОШУТИЌ:

Одговорот може да биде во две фази, значи, една фаза сега пратеникот да добие усмен одговор до каде е состојбата со изградбата на таа пруга. А бидејќи бара детални податоци тоа ќе биде втора фаза во писмен одговор.

Што се однесува до усмениот одговор Министерството за транспорт и врски интензивно работи на реализација на средствата предвидени со Буџетот од 450 милиони денари. Така што пред 1-ви мај беа префрлени средства за градежните фирнми за работите кои се извршени во период на 2002 година. Меѓутоа, за појаснување на пратеникот, средствата не се префрлаат авансно, туку според поставените ситуации од градежните фирми и од Јавното претпријатие Македонски железници. Тоа е едно.

И второ, на средбата во Охрид која се одржа на почетотокот на септември под раководство на министерот Илија Филиповски, во делот на таа билатерална средба со Министерството за регионален развој и јавни работи на Република Бугарија во делот на работната група имавме средба со заменикот министер Митов каде што во протоколот, најголемиот дел од протоколот го зазема  всушност железничката инфраструктура пред се помеѓу Република Македонија и Република Бугарија. Во тој дел на протоколот е посебно истакнат заедничкиот настап на двете министерства околу обид за изнаоѓање на финансирање на довршување на таа пруга и спојување на двете железнички мрежи. Значи,  тоа е она што во кратки црти би можеле да кажеме од усмениот дел, а во писмениот дел на пратеникот ќе му биде доставен детален одговор.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Манев дали сте задоволен од едниот дел од одговорот?

ЕФТИМ МАНЕВ:

Задоволен сум, бидејќи ќе има писмен одговор во вид на информација. Тогаш мислам дека ќе дадат пошироки податоци за кои што имав интерес.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ги молам координаторите на трите пратенички групи во опозиција да изготват меѓусебен распоред кога ќе дојдеме во фазата наизменично позиција-опозиција меѓу вашите три пратенички групи како ви е редоследот внатрешен, или ќе одите наизменично сите три една по друга.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Почитуван претседателе, колеги пратеници, почитувани министри,

Веќе повеќе денови граѓаните во Тетово се вознемирени и прашуваат: што се случува во просториите и имотот на АД Македонија табак - Тетово. Прашањето е до Владата на Република Македнија. Дали случувањата се во согласност со ставовите и определбите на Владата на Република Македонија и со позитивните законски прописи, каква е вистинската сопственичка структура, бидејќи истото предизвикува навистина многу непознаници и различни изјави и коментари од одредени лица. Дали имотот навистина го чуваат вооружени лица и дали постои некаква одлука од некаков орган,се разбира соодветен, за поставување на табла со натпис за тетовски универзитет? Со еден збор, што превзема Владата во врска со овие случувања?

Второто прашање е упатено до министерот за транспорт и врски. Повеќе од година, а можеби и година ипол прекината е доизградбата, дореализација на клучката на патниот правец Тетово-село Брвеница. Морам да кажам дека сега доаѓа период на есен, потоа и зима каде што сообраќајот ќе биде значително отежнат и не ќе може не само безбедносно што е многу важно, но и секако, на секаков начин да се стигнува до населените места Брвеница, Челопек, Волковија. Значи, прашањето би било, до каде е доизградбата на клучката Тетово-село Брвеница?

Третото прашање се однесува до министерот за образование. Меѓутоа, пред да го поставам, јавно би сакал да се заблагодарам на министерот за одбрана господинот Владо Бучковски и на Министерството за образование што успеаа за релативно кратко време да го најдат решението и излезот за 240 ученици од основното училиште Братство Мигени и привремено да бидат сместени во просториите на подрачната единица на Министерството за одбрана.

Ова пратеничко прашање го имам поставено уште на 1 април, само би сакал да го повторам. До каде се проектите, односно техничката документација и сето она што е потребно за изградба на новото училиште на локацијата Спортски центар месна заедница Борис Кидрич во Тетово.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Три прашања. Првото до Владата во целина.

РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:

Бидејќи прашањето се однесуваше на сопственичката структура на едно од големите претпријатија во тутунската индустрија за што Владата во глобала

расправаше и дискутира на последните неколку седници, ќе одговори министерот за економија со информациите кои што досега ги имаме на располагање.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Трансформацијата на Тетово Табак направена е во декември 1996 година и подоцна раскинат е договорот и сопственичката структура во 1999 година како следи, откупен акционерски капитал 51,58%, обични акции 36,66, приоритетни акции на пензискиот фонд 11,76. Во февруари 2002 година извршено е усогласување на Друштвото со Законот за трговски друштва под името Тетово Табак и структурата на капиталот е 89,88 откупен акционерски капитал, обични акции се 7,66 и приоритетни акции 2,46.Причината за зголемената главница на Друштвото за сметка на намалувањето на акционерскиот капитал е со новата регистрација по Законот за трговски друштва очигледно дека апсолутниот износ на капиталот на Агенцијата на Република Македонија за приватизација намален е од 36,66% на 7,66. Заради тоа побарано е од Јавното правобранителство да ги испита основите за покренување на постапка за поништување на извршениот упис на акциите.

Вториот проблем е проблемот на вкупните количини на тутун со кои располага овој комбинат, но истовремено и вкупните побарувања кои ги има државата од овој комбинат и тој се наоѓа би рекол во лавиринтот на Македонија Табак, односно целокупната тутунска индустрија во Република Македонија. И би рекол дека Тетово Табак има обврски спрема Македонска и Стопанска банка врз основа на гаранции од Министерството за финансии некаде околу 47 милиони денари, Агенцијата за развој и инвестиции 41 милион, државата мислам на УЈП по основ на ДДВ камати некаде околу 5 милиони денари и вкупните побарувања се 94 милиони денари. Доверителите ја разгледуваат можноста за решавање на проблемот. Во овој момент не можам да дадам поконкретна информација што понатаму доверителите ќе прават.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господин Томиќ дали сте задоволен од одговорот, или ќе поставите дополнително прашање?

ЗОРАН ТОМИЌ:

Јас би побарал и од Владата доколку е во состојба бидејќи беа поставени неколку прашања, може и писмено да ми одговори.За она што моментално се знае, мислам дека министерот одговори, меѓутоа факт е дека проблемот таму тлее.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали имате коментар на дополнителното прашање, или писмено ќе одговорите господине Филиповски?

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Писмено ќе одговорам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Второто прашање е поставено до министерот за транспорт и врски.

ДЕЈАН КОШУТИЌ:

Фондот за магистрални и регионални патишта ги спроведува планираните активности на таа делница. Остана само една кратка делница каде што е проблемот од имотно правни работи, односно доекспропријација, меѓутоа ние се надеваме дека и таа кратка делница ќе биде разрешена.

Инаку, во оној останатиот дел кој е различен од делот на имотно правни односи и активностите се според планирана динамика.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господин Томиќ дали сте задоволен од одговорот?

ЗОРАН ТОМИЌ:

Да.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Третото прашање е до министерот за образование. Не гледам тука претставник.

Писмено ќе добиете одговор на третото прашање.

ЗАМИР ДИКА:

Господине претседателе, имам три прашања. Првото ќе го упатам до господинот премиер, се надевам дека ќе ми одговори барем писмено, будејќи не е присутен тука. Пред два месеци заедно со господинот Али Ахмети беа во посета на Дебар. Сакам да ве потсетам дека Дебар над 6 месеци е без институцијата општина, затоа што изгоре. Во меѓувреме од Владата имавме и од неколку министри имавме

многу ветувања дека граѓаните на Дебар ќе бидат со објект на општината. Меѓутоа, сме немале никакво позитивно движење во овој правец. Господинот премиер на локалните власти во текот на посетата им вети дека ако го ревидираат проектот ќе помогне со одредена сума да отпочне најмалку работата на изградба на објектот каде граѓаните на Дебар ги вршат своите обврски. Сакам да го прашам, што направил досега во врска со даденото ветување имајќи во предвид дека од локалните власти имам информации дека проектот е ревидиран и предаден во локалната самоуправа.

Второ прашање до господинот Хари Костов, министер за внатрешни работи, во текот на судската седница за обвиненијата против Авни Аети и Сулејмани имајќи во предвид дека во медиумите често се зборува за нивно малтретирање и нивно тортурирање кое што се направило со неколку методи кои не личат ниту на инквизицијата. Од информациите што ги имаме прочитано и кои што се случија во текот на судската расправа каде обвинетите покажаа дека се тортурирани за да ги потпишат доказите, признанијата. Јас сакав да ве прашам, што сте направиле, дали сте преземале некои мерки за да ги докажете овие инсинуации и дали сте презеле мерки еднаш и засекогаш овие начини да запрат, значи овие начини на малтретирања да престанат.

И прашање до министерот за финансии. Зошто не се плаќаат трошоците, патните трошоци на ниво на автобуски трошоци на некои лица кои што се вработени во институции во Скопје, на пример во Парламент, а живеат во други општини. Сакам да кажам дека овде има диспропорција во третирање на овие вработени. На пример, во Министерството за образование, во Министерството за здравство, одбрана и внатрешни работи и Царинската управа, на овие вработени кои што не се од Скопје, доаѓаат од надвор им се плаќаат патните трошоци на ниво на автобус, автобуски трошоци, некои со 900, некои со 1000 денари. Некои вработени во државни институции не ги примаат овие патни трошоци. Ве молам, каде стои овој дисбаланс за третирањата.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

На првото прашање поставено до премиерот согласно Деловникот овластен е господинот Гештаковски да ви одговори.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитуван пратеник, точно е дека премиерот при посетата на Дебар со претставниците на локалните власти разговараше покрај

другите прашања и за прашањето за решавање на просторот за сместување на органите на локалната самоуправа и голем дел на подрачни единици кои делуваат на подрачјето на општина Дебар. Премиерот при тие разговори зеде обврска во име на Владата дека тој проблем ќе биде решен и со учество на дел на Владата. Би сакал пратеникот да го информирам а кој во голем дел е информиран, бидејќи лично сме разговарале за овој проблем во делот. Владата на неколку пати разговараше за состојбата која беше врз основа на одредена елементарна непогода, пожар во деловните простории каде што беа сместени органите на локалната самоуправа и голем дел на подрачни единици. Владата во првиот момент со скромни средства интервенираше за расчистување на просторот и времено сместување на единицата на локална самоуправа на вработените како и на вработените од сите подрачни единици кои делуваат. Во првиот момент тој проблем беше само саниран и времено решен. Со градоначалникот на Дебар бевме во контакти за целосно решавање на тој проблем и Владата расправаше на неколку пати. Последниот заклучок кој го истакна пратеникот и врз основа на кој и премиерот на Владата зеде обврска е дека проектот кој беше понуден до Владата за реализација и кој изнесуваше околу милион ипол евра да се ревидира и да се сведе на одредени реални и разумни граници врз основа на сегашните економски можности.

Моментната состојба, конкретно на прашањето е таа дека до пред два дена до Министерството за локална самоуправа е добиен проект, ревидиран од проктантот, доставен од градоначалникто на износ од над 800.000 евра, мислам 830.000 илјади евра. Тој проект ќе гиде доставен до Владата. врз основа на превземените обврски на Владата и врз основа на понудената конструкција Владата ќе го изврши својот дел на обврски што постојат за решавање на просторното сместување како на подрачните единици, така на лоалните, особено Владата води грижа и за овој период на децентрализација и трансфер на надлежностите.

Што значи дека Владата на наредната илина наредните седници ќе го каже својот дел од учеството, а додека заеднички со сите други учесници: Локалната самоуправа, донаторите, треба да ја затвориме конструкцијата и да го изградиме тој објект.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Дали сте задоволен од одговорот.

ЗАМИР ДИКА:

Задоволен сум од одговорот и ќе се видиме можеби на следната седница, идниот месец кога Владата ќе каже какви мерки има преземено за најмалку да почнеме со изградба на општината. Сакам да потсетам дека секоја минута чекање за граѓаните од Дебар значи дека тие обврски ќе ги вршат на слободни простори.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Нема дополнително прашање.

На второто прашање одговор ќе даде г-динот Хари Костов, министер за внатрешни работи.Повелете.

ХАРИ КОСТОВ:

Благодарам.

За лицата кои беа наведени во прашањата на г-динот Замир ика, јас единствено можам да кажам дек ание не се информираме од весници околу тоа дали наводно биле малтретирани, не биле малтретирани. Во документацијата околу тој случај постојат нивни изјави. Знам дека имаат право на адвокат на користење, знам дека исто така беше овозможено и на адвокати и на членови на семејствата уште веднаш првите денови од притворот да им биде овозможен увид во притворските простории, заедно и со претставниците од Меѓународната заедница.

Според тоа, ако некој мисли дека бил малтретиран, или незнам што се знае постапката во кој што може да постави соодветна преставка. До сега, во Министерството за внатрешни работи претставка на однесувањето на полицијата спрем аовие лица не е добиено. Токму напротив, како што кажав, беше овозможено присуство и на адвокати и на претставници на Меѓународната заедница во траењето на мерката притвор што беше изречена за нив, за нивна посета во притворскит епростории.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Дали сте задоволен од одговорот на прашањето?

ЗАМИР ДИКА:

Не би сакал г-дине минситер, вие знаете како опозиција немаме механизми со кои што ќе докажеме, ќе го докажеме тоа што се кажува од самит еадвокати наобвинетите. На судкста расправа, од самите обвинети, ова знаете, се случило на

судската расправа и тоа што се случило по медиумите. Ние немаме механизми за ова да го докажеме, меѓутоа мислам дека сето ова што е речено од адвокатите, од самите лица, од медиумите, мислам дека за вас треба да биде доволно за најмалку да покренете внатрешна иницијатива и да направите нивно докажување. Затоа што, ако овие инсинуации и 1% да се точни, тогаш феноменот за кој што зборувам е толку опасен што може да го доведе во прашање целиот систем на истражниотпроцес.

Јас ќе ве потсетам дека обвинетиот на последната судска расправа околу 5 часа бил држен со главата надолу и ова е докажано од неговито адвокат. Ние имаме толку механизми како опозиција и затоа ве молам што поодговорно, со сите овие инсинуации, најмалку да дадете еден добар одговор и да ни докажете дека навистинане се прават овие методи на тортури во текто на истражните процеси. Јас не можев да констатирам затоа што немаме механизми г-дине министер.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Г-дине Костов дали имате одговор на дополнителниот коментар?

ХАРИ КОСТОВ:

Јас единствено можам да повторам дека, прво, судската расправа е вон билокакви ингиренции на Министерството за внатрешни работи. Не верувам дека во текот на судската расправа некој некого држел со глава , како што разбрав ако не е згрешен преводот, со глава надолу 5 часа и т.н. Документацијата што постои во МВР нема никаква забелешка во изјавите што се содржани во Министерството за внатрешни работи. Според тоа, не можеме да трчаме по секоја изјава, по секој изнесен вистинит или невистинит дел во медиумите или во јавноста, односно дали потоа понатаму на некој адвокат му текнало на поинаков начин да ја базира својата одбрана и т.н.

Во документацијата на МВР, уште еднаш повторувам нема никаква забелешка на однесвуањето на припадниците на Министерството за внатрешни работи и уште еднаш повтроувам, на адвокати и на членови на семејствата, на лицата што ги спомна пратеникот Дика веднаш им беше овозможена посета во, мислам дека беше затвотот во Шутка и на адвокати и на членови на семејството и на претставници на Меѓународната заедница.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

На третото прашање ќе добиете писмен одговор.

Господин Џелили, во името на ДУИ.

ЗИДИ ЏЕЛИЛИ:

Почитувани претставници на Владата,

Јас имам две прашања, упатени до минситерот за внатрешни работи и барам одговорот да биде писмен.

Првото прашање , во Македонија има околу 156 илјади оружје со дозвола, што значи дека просечно секое третто семејство во Македонија има оружје. Прашањето е - кој е анционалниот состав на личностите , на поединците кои имаат индивидуални дозволи за носење оружје и во кои општини функционираат клубови, ловечки друштва?

Второто прашање е до Министерството за внатрешни работи - од 1992 година па натаму беше практика на заслужните личности да им се даде оружје. Прашањето е колку оружје е доделено на ваков начин и колку од нив се вратени на МВР до денеска? Значи, до 2003 година.

Одговорот го барам во писмена форма.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Согласно Деловникот, дали писмено или усмено, кога веќе е поставеноусмено прашање, одлучува тој на кого е упатено.

Господине Костов, на првото прашање ќе одговорите писмено или сега на седницата?

ХАРИ КОСТОВ;

Тога на првото прашање ќе одговориме писмено.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Значи, на првото прашање ќе има писмен одговор.

ХАРИ КОСТОВ:

Да, иако тука ќе има определен проблем, затоа што кај издавањето дозволи не е задолжително во графата националната припадност на тој кој бара ваква дозвола. Така штоодговорот можеби нема да биде баш најпрецизен во тој дел, заради евиденцијата.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

На второто прашање дали ќе одговорите усмено, или ќе дадете писмен одговор?

ХАРИ КОСТОВ:

На второто прашање ќе одговорам сега.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Повелете.

ХАРИ КОСТОВ:

Во изминативе месец, месецви половина, во јавноста имаше можеби малку поголема присутност на оваа информација околу поделбите на оружје и т.н. вон од тоа што во јавноста беше кажано, а во врска со денешното прашање, јас само би гокажал следново:

Во МВР е донесена регулатива, прравилник за награди во кој што до минатата година се предвидуваше дека и со одлука на минситерот можеше да се подели награда. Меѓу наградата, содржана и во оружје, со тоа што таквото оружје што ќе бид еподелено на лицата, кои ќе бидат оценети дека заслужиле награда, дека мора да биде постаро од 10 години и да биде во формацискиот состав на Министерството за внатрешни работи.

Во превод тоа значи дека не можело да се купув аново оружје во моментот, што не било користено од страна на полицијата и веќе наредниот ден, наредниот месец, таквото ново оружје да биде поделено на поединци за кои се донела одлука за доделување награда.

Впрочем, ваквата неправилност во работењето во 2001 - 2002 година, кога беше донесена таквата Одлука, таквиот дел од Правилникот, беше констатирано и во Извештајот на Државниот ревизор кој констатира дека во 2001-2002 година биле донесени повеќе од 830 решенија што не ги исполнуваат условит еод Правилникот. Тоа беше воглавном ново оружје, новокупено оружје и поделено на определени лица. Значи, повеќе од 830 беа такви случаеви, со тоа што во текот на септември беа донесени  за оние решенија штоне беа во согласност со Правилникот, беа донесени 542 решенија за поништување на таквите решенија за доделување на наградите, со кои што лицата беа задолжени во рок од 15 дена од приемот на решенијата, да го вратат оружјето. Илипак за оние кои веќе го оттуѓиле, на Министерството за внатрешни работи да ја платат денарската  противвредност на оружјето што се води во книговодствената евиденција на Министерството за внатрешни работи.

До сега од тие 542 решенија на лицата им се вратени 336 решенија, а за другите сеуште илиима промена на адреси или се наоаат начини и решенија да не

се прими. До пред два дена фактички вратени се 104 парчиња оружје од тие лица кои се вработени во МВР, а добиле решение да го вратат, потоа 28 парчиња оружје на луѓе кои се надвор од Министерството, значи надворешни лица надовр од инистерството и тие го вратиле оружјето и 5 парчиња оружје за кои не се однесувала Одлуката,односнос е претходно, пред периодот и не морале да го вратат оружјето, но имаме и 5 такви лица. Според тоа, по овие решенија фактички ќе продолжи, остатокот за врачувањето, ќе продолжи постапката на врачување решенија на тие лица.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Дали сте задоволни од одговорот г-дине Џелили?

ЗИДИ ЏЕЛИЛИ:

Делумно сум задоволен од причина што во констатацијата на г-динот минситер се вели дека има решение за враќање на оружје , но нема одреден рок за враќање на оружјето. Околу 540, констатација е , треба да се вратат, но не беше назначен рокот на враќање. Доколку постои одреден рок, сакам да слушнам за колку време треба да бидат вратени тие оружја до МВР?

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Костов на дополнителното прашање ќе одговорите?

ХАРИ КОСТОВ:

Тоа е содржаново решението. Решението е дека во рок од 15 дена од приемот на решението треба да се врати оружјето. Оној кој не постапил, ќе покренеме соодветни, реков 336 до сега примени решенија. Тој кој не постапил во рок од 15 дена ќе следи постапка по Законот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Наредно прашање ќе постави г-динот Слободан Даневски, во името на Либералната партија.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Господине претседателе, дами и господо пратеници, господо министри,

Моето пратеничко прашање е старо-ново. Како мисли да се надмине проблемто со водоснабдување на градот Свети Николе, затоа што поминуваат 6 месеци? Иако нешто се работи, состојбат е алармантна и загрижувачка. Ова е по

барање на многуте граѓани од градот Свети Николе затоа што се загрижени и не се надминува ситуацијата. Сега влегуваме во зимски период. Знаеме дека од април месец во градот се носи вода со цистерни од соседните градови. Навлегуваме во зимски период ког аќе се отежнат условите, а најновите мерења и испитувања покажуваат дек ане е никако подобрена состојбата со водоснабдување, со чиста вода за пиење. како што одат некои зафати таму, нема некој интенција дек аможе да се подобри водата за пиење. Незнам како мисли Владата да го реши овој проблем со вода за пиење во зимскиот период на градот од Свети Николе.

Второто прашање ќе биде исто така наменето до Владата на Република Македонија . Што мисли Владата да направи со “Хидросистемто Злетовица” затоа што имам информација дека 9 месеци луѓето таму не примаат плата, не функционира, а знаеме дека отпочна идејата и јавен е кредиторот, јапонската влада за отпочнување на системот “Злетовица”. Како мисли Владата да функционира ова јавно претпријатие, затоа што мора да отпочнат тековните подготовки да функционира ова јавно претприајтие, тендери, распишување подготовки, документации и т.н. Како мисли Владата да функционир аова јавнопретпријатие?

Благодара.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Во име на Владата на двете прашања ќе одговори г-динот Петров.

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Во поглед на функционирањето односно докаде се работите воврска со водоснабдувањето на градот Свети Николе , подобро е да одговори минситерот за локална самоуправа, во рамките на распределба на средствата, што последен пат беше извршено со кои што тојсистем треба да се заокружи и треба да се заврши.

За второто прашање, функционирањето на Хидро системот “Злетовица” го изјавувам следново:

Хидросистемот “Злетовица” е повеќе наменски објект односно проект со чија што реализација ќе се овозможи водоснабдување на населението и индустријата за преку 100 илјади жители за општините: Кратово, Пробиштип, Штип, Злетово, Карбинци и Лозово, наводнување околу 3100 хектари земјоделски површини во атарот на општина Пробиштип и Злетово за производство на здрава храна, производство на електрична енергија од 56 илајди квч годишно, обезбедување биолошки минимум на реката Злетовица и амалвуање на опасноста од поплави.

Првичната проценка на вредноста за изградба на овој систем изнесува 100 милиони американски долари, а од продажбата на АД Макеоднски телекомуниакции се одбрани односно одобрени 310 милиони денари што се во фаза на реализација.

Заради извршување на работите до почетокот на реализацијата на системот, а тоа ќе каже договорањето на кредитот и извршување на работи на изградба на системот, основано е јавно претпријатие Хидросистем "Злетовица" со надлежности што треба да обезбедат подготовки нужни за стартување на хидросистемот.

Во 2000 и 2001 година, со оглед на тоа дека се работи за јабвнопретпријатие без сопствени приходи, со одлукат ана Владата на Република Македонија обезбедени се и потрошени средства од 20 милиони денари за годините 2000, 2001 и 2002 година, а во текто на 2003 година, од средствата што требаше да се обезбедат, бидејки не беа предвидени во Буџетот, поднесена е Информација до Владата, се наоѓа решение за обезбедување на такви средства.

Министерството за земјоделство, шумарство иводостопанство, со оглед дека ова претпријате е под негова надлежност, прави напори да овие средства за нормално функционирање на јавното претприајтие се обезбедат и во тек е изнаоѓање решение. Наскоро,се надевам дека врз основа на иницијативите на Министерството ќе се обезбедат такви средства така што претпријатието ќе продолжи нормално да функционира.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Дали сте задоволни со одговорот на второто прашање?

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Верувам дека минситерот ќе остане принципиелен и дека оваа иницијатива ќе се забрза, затоа што луѓето веќе 9 месеци немаат земено плата и претстои период каде што треба да се интензивираат подготвителнит еработи со Проектот "Злетовица".

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Значи, за ворото нема дополнително прашање.

За првото прашање, мислам дкеа ќе добиете писмен одговор.

Во имена Либерално демократската партија прашање ќе постави г-динот Зоран Шапуриќ.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Благодарам претседателе.

Првото прашање е за заменикот минситер за транспорт и врски, а прашањето е:

основно образование чигледно е дека во Република Македонија се нопходни странски инвестициии домашни пред се во индустриски погони. Една од главните причини за неизградба на овие погони е недостаток на слободни локации што се правно, урбанистички и градежно расчистени. А бидејќи ова е во надлежност на Министерството за транспорт ив рски, го прашувам заменикто министер што ќе нарпави Минситерството со цел да го забрза процесот на создавање слободни локации за изградба на одредени стопански објекти, пред се сметам на индустриски објекти.

Второто прашање е до минситерот за образовани и наука.

Имено, прашањето е дкеа во последно време доста од високообразовниот кадар, најповеќе млади, ја напуштааа Република Македонија , а дел од нив се магистри и доктори на науки. Моето прашање е колку во моментов, пред се млади, но и останати, доктори и магистри на науки се работно неангажирани и што ќе нарпави Минситерството за образование и наука овие кадри да ги ангажира пред се во институтите и на факултетите.

Третото мое прашање, пред 5 месеци поставив прашање вов рска ос случувањата во ЕКС Инпорт банка. Тогаш ми беше одговорено дек ајас и Парламентот и макеоднската јавност треба да бидеме трпеливи бидејќи презимето на гувернерот му е Трпевски. Меѓутоа поминаа 5 месеци и од страна на гувернерот не добивме ниту писмен ниту усмен одговор, ниту пак на сите мои досегашни најави, согласно Деловникто, гувернерот најде засходно да дојде да одговори. Можеби е денес оправдано отсутен, но јас тоа го правев во повеќе други наврати. Со оглед на тоа што не добивам одговор ниту се одзива гувернерот, јас би сакал гувернерот да одговори писмено на ова мое прашање.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

На третото ваше прашање ќе добиете писмен одговор. Известен е гувернерот, но знаете дека е на службен пат.

На првото прашање ќе одговори г-динот Кошутиќ, заменик министер за транспрот и врски.

ДЕЈАН КОШУТИЌ:

Министерството за за танспорт и врски, Геодетскиот државен завод и Управата за имотно - правни односи, во координација на претседател на Владата на Република Македонија пред два месеци го состави планот врз основа на кој што ќе се изготви точниот преглед на државните локации, што може да се понудат на заинтересираните како домашни, така и странски инвеститори.

Од страна на Министерството за транспорт и врски, пред месец дена е доставена една листа од 1.100 - 1.300 локации кои веднаш се дадени во процедура на Државниот геодетски завод и Управата за имотно - правни односи за нивно дефинирање, околу сопственичкото право, денационализација и останати параметри кои се потребни за локацијата да може да се понуди на заеднитересиран инвеститор.

Пред три дена е доставена нова листа на локациите.

Инаку, се однесува на локации на цела територија на Република Македонија.

Значи тоа е она што се однесува до Министерството за транспорт и врски. Подрачните единици работат интензивно, така што ние сме оптимисти дека, заедно со другите институции, ќе имаме точен преглед на цела територија на Република Македонија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Шапуриќ дали сте задоволни од одговорот?

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Да, со една укажување односно барање до Министерството за транспорт и врски да влијае врз своите подрачни единици, да го забрза овој процес.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Повелете господине Кошутиќ.

ДЕЈАН КОШУТИЌ:

Само едно појаснување.

Што се однесува до подрачните единици на Министерството за транспорт и врски, не е спорно да се влијае. Тие си ја одработуваат својата задача.

Меѓутоа, мораме да имаме предвид дека состојбите во Државниот геодетски завод и во Управата за имотно - правни односи, бидејќи имаме уште два паралелни процеси за трансформација на земјиштето, ја знаеме уредбата за имотно - правни односи, не е можно сите институции тоа да го направат во максимално брзо време. Меѓутоа, координацијата меѓу други институции е максимална. Затоа јас пред малку искажав дека сум оптимиста, дека брзо ќе имаме точен преглед на локации.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

На второто прашање одговор ќе даде господинот Положани, Министерството за образование.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Проблемот на одлив на кадри мислам дека е еден проблем со кои се соочува и нашата земја веќе подолго време, посебно во транзициониот период, па и ние сме во склоп на земјите кои се вклопени во тие таканаречени бреин греин канчи, места од каде навистина интелектуалците одат надвор. Но, за утеха, ако може да ни биде тоа, е дека многу земји во Европа се такви и мислам ако од кај нас одат некаде па и од поразвиените земји, во склоп на тие глобализациони односи, одат спрема САД. Така во Европа само бреин греин канчи, значи тоа што придобива интелектуална сила, можат земјите да се набројат на прсти, а меѓу првите е Обединетото Кралство. Во тој контекст, ние свесни за таквите состојби и во склоп на нашите можности преземаме некои активности кои не се задоволителни, но сепак, а во склоп на интеруниверзитетски проекти, на меѓународните проекти, преку ФАРЕ програмите и во други проекти правиме напор, оваа работна сила, доктори и магистри не дали се вработени, туку да бидат соодветни употребени. Ако има потреба јас писмено ќе ви го доставам одговорот господине пратениче. Но, мислам дека поголемиот проблем стои во фактот што тие кадри не се соодветно вработени, према својата можност да придонесат за ова општество. Инаку, простата вработеност не би требало да биде од голем проблем, а бројот, бидејќи е детален број, ќе можам да ви го дадам писмено.

Инаку, тоа што недостига во склоп на нашите можности и активности е фактот што таквите кадри се поврзуваат и со стопанството, бидејќи на тој начин таквите кадри и поголемиот дел од кадрите да бидат поврзани за добробит и на земјата. И тука се прават некои напори, во склоп на инкубациони центри за развој

или центри за трансфер на технологии кои со поддршка на меѓународни фактори можно е во иднина да прераснат во посодржајни моменти за поуспешна политика спрема задржувањето на интелектуалната сфера во нашата земја.

Како што реков, ако сакате подобри кадри, за вработеноста и ангажирањето, значи во работен однос на доктори на науки, ќе треба, ако се согласите, одговорот да ви го доставам писмено.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Шапуриќ, дали сте задоволни од одговорот?

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Да, што прифаќам, неангажираните доктори на науки и магистри, одговорот министерот да го достави писмено, со една констатација дека, сепак, јас сметам, оваа држава не може да рече дека доктори на науки, без оглед од кој профил, не и се потребни односно нема простор да ги ангажира.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

На дополнителното прашање одговор ќе даде госпоѓицата Шекеринска, или господинот Положани.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Никој не може да каже ниту јас реков дека такви кадри ни се одвише. Реков, и во други земји кои имаат поголем стандард, тие веќе се предмет на тој што реков бреин греин синдром. Но, ние правиме напори, веројатно, во склоп на нашите можности да изнајдеме механизми нив да ги задржиме затоа што тука се школувале и за доброто на оваа земја е нив да ги задржиме, но сигурно дека ќе треба повеќе да направиме, и преку разни проекти, јас реков не сакам да навлегувам во детали, но правиме напори, во склоп на тие што ги набројав, тоа да биде, сепак, ефективен рнапор да се задржи колку што е можно интелектуална сила во нашата земја.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

На третото прашање ќе добиете писмен одговор.

Од пратениците кои не припаѓаат на ниту една пратеничка група прашање ќе постави господин Шакири.

ЏЕЗАИР ШАКИРИ:

Имам две прашања до министерот за внатрешни работи и министерот за транспорт и врски.

Првото прашање е до министерот за внатрешни работи.

Сакам да го прашам министерот што е направено од времето кога имаше граѓанска непослушнос на граѓаните од Танушевци, Малина и Брест и колку документации Министерството за внатрешни работи регулирано и издадено за овие три села.

Второто прашање е до министерот за транспорт и врски.

Ако сте прочитале во Нацрт - буџетот на Владата на Република Македонија, постои буџет од 2000 година до сега кој не е искористен, а е наменет за патот Танушевци - Скопје, Скопје - Граница. Се работи за 400.000 германски марки, а веќе четири години не се гради тој пат.

Го прашувам министерот за транспорт и врски кога ќе се отпочне со тој проект.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

На првото прашање молам д одговори министерот за внатрешни работи господинот Хари Костов.

ХАРИ КОСТОВ:

Точните бројки колку документација е регулирана, ќе мораме писмено да одговориме.

Она што можам да кажам е дека е отворена канцеларија на Министерството за внатрешни работи која еднаш неделно е таму на лице место за собирање на документација.

Од почетокот Армијата испрати лекар кој таму работеше во Здравствениот дом. Меѓутоа, сега Здравствениот дом има исто така воспоставено екипа.

За другиот дел, конкретно колку барања беа доставени, колку документи се регулирани, на тој дел писмено ќе одговориме.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Сепак, господине Шакири на прашањето ќе добиете писмен одговор.

Господине Кошутиќ на второто прашање ќе одговорите?

ДЕЈАН КОШУТИЌ:

Ќе дадеме писмен одговор.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Шакири и на второто прашање ќе добиете писмен одговор.

Сега ќе продолжиме по наизменичниот редослед.

Господинот Караџоски бара процедурално.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Госпоине претседателе, се јавувам процедурално затоа што не гледам претставници од Министерството за финансии, не го гледам ниту министерот ниту заменикот и искрен да бидам голем дел од пратеничката група од кај нас ќе остане скратена да постави прашања, конкретно јас, бидејќи трите прашања што сакав да ги поставам беа до министерот за финансии. Сега незнам која е процедурата, како да го задоволиме тоа право, ќе добиеме писмен одговор, или има некој тука овластен кој би одговорил, доколку прашањата се насочени до Министерството за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Известен сум од БРМ дека и министерот за финансии и заменикот се на Годишно собрание на Меѓународниот монетарен фонд и Светската банка во Дубаи и едноставно е невозможно друг освен тие двајца од Министерството за финансии бидејќи друг нема легитимитет. Ако доставите прашање до нив, ќе добиете писмен одговор за наредната седница.

Одиме по наизменичниот редослед. Одиме со коалицијата.

Има збор господинот Петар Апостоловски.

ПЕТАР АПОСТООВСКИ:

Прашањето што ќе го поставам е до министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство а се однесува на системот Конско како дел од системот Гевгелиско поле.

На почетокот сакам да кажам зошто сега го поставувам ова прашање, а не пред два или шест месеци. Единствена причина е хидросистемот Злетовица, за кој сметав дека треба да биде приоритет.

Бидејќи поставувам само едно прашање, накратко ќе ве запознаам со самиот хидросистем Конско.

Во далечната 1978 - 1979 година е изготвен главен проект, инвестициона програма и тендерска документација.

Овој систем опфаќа површина за наводнување од околу 6.690 хектари. Сега оваа површина е нешто намалена, заради проектот што е во фаза на реализација, односно програмата за наводнување на јужната долина на реката Вардар. Со проектот е предвидено производство на раноградинарски култури, овошни насади, лозови насади и тие 4% од површината втори култури.

Исто така системот ќе се користи за водоснабдување на Гевгелија и околните села. Денес Гевгелија се снбадува со бунарска вода за пиење, а светската препорака сите ја знаеме е дека најпрво треба да биде искористенас површинската вода, а потоа бунарската вода, заради зачувување на длабоките води.

Третата намена на проектот е производство на електричната енергија, пи што ќе се користи висинската разлика од 260 метри.

Не е на одмет да кажам дека на целата техничка документација се извршени три ревизии и тоа од Градежниот факултет во Скопје, ревизија од специјализирани фирми во Белград и по барање и овластување на Меѓународната банка за обнова и развој од Вашингтон, извршена е ревизија од француската фирма Герсара. Од сите тие три ревизии проектот е позитивно оценет.

Прашањето гласи дали Владата на Република Македонија односно министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство го има разгледано проектот за кој зборува и какво е размислувањето во врска со истиот, во смисла на негова реализација, се во интерес на производство на еколошки здрава храна и снабдување на населението со квалитетна површинска планинска вода за пиење.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господин Петров.

СЛАВКО ПЕТРОВ:

На провокативниот дел од прашањето, дали министерот го разгледал проектот, одговорот е да. А каков е ставот на Владата на Република Македонија ќе

одговори писмено за следната седница на Собранието, откако пред тоа ќе ги прибере сите податоци во врска со тоа.

Инаку, не се сомневам во точноста на пдатоците што ги изнесе пратеникот. Точно е дека постои проект. Тој проект е влезен во оние кои треба да се реализираат, проекти во водоснабдувањето. Меѓутоа, во овој момент не можам да му одговорам на прашањето кога и како ќе се реализира тој проект, затоа што за тоа одлучува Владата на Република Македонија врз основа на расположивите финансиски средства, односно обезбедување на средства преку странски кредити, кои дополнително, евентуално ќе бидат побарани за реализација на истиот. Во секој случај ќе следи писмен одговор.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Пратеникот ќе добие писмен одговор.

Од опозицијата прашање ќе постави господинот Србиновски.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Ќе поставам три прашања.

Првото прашање е до Министерството за образование.

Го прашувам министерот за образование дали ја знае состојбата во Основното училиште “Славко Ломбарковски” во ссело Новаци. Имено, Советот на општината и Училишниот одбор се крајно револтирани и незадоволни од работата на директорот на ова училиште, затоа што тој изрази голем непотизам. Имено, го запослува неговито син, запослува и двајца внуци од неговите браќа кои не одговараат на стручната подготовка потребна во тоа училиште. Значи, незадоволство се јавува од Училишниот одбор на село Новаци, од Советот на општината и од градоначалникот.

Дали сте запознати со оваа ситуација, со овој непотизам во тоа училиште.

И дополнително прашање поставува Советот на општината, како е поставен за директор директорот на тоа училиште, бидејќи не е конкурсот завршен, нема ни оглас ни конкурс, туку едноставно е поставен да биде тој. Сменет е поранешниот директор и тој е поставен.

Второто прашање го поставувам до министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство господинот Славко Петров. Имено, дел од проектот што е започнат во Свети Николе е со добар зафат, добар предлог е.

Меѓутоа, сега се поставува прашањето за Битола, особено за ЗИК - Пелагонија.

Со Законот  за земјоделско земјиште, за ослободување на земјоделското земјиште, она со 15% дека треба да се ослободи земјоделско земјиште, на тендер, во ЗИК - Пелагонија има ослободено 15%, меѓутоа нема соодветно ослободено од типот на почвата. Имено, некаде околу 2.000 хектари стојат ослободени, меѓутоа тие 2.000 хектари не може да ги обработи никој. Знач, тие се чист камењар. Значи, нема ослободено од прва, втора и трета класа. Ослободено е се од седма и осма класа.

Дали министерот  ќе најави некоја реформа за ослободување, слична на реформата во Свети Николе и дали ќе се заложи да се изготви тендерска документација, да се ослободи поголема површина, соодветно на класата на почвата од ЗИК - Пелагонија.

Како дополнително прашање, ако сака министерот да каже, дали изврши притисок на мелничките индустрии за плаќање на пченицата посебно во општина Битола па и пошироко.

Третото прашање е до потпретседателот на Владата на Република Македонија. Тоа прашање еднаш беше поставено, а не е одговорено на него. Може прашањето да се постави и до министерот за транспрот и врски, а прашањето е:

Што станува, дали ќе се одвојат средства и дали ќе се направи отпочнатиот пат од претходната Влада што се започна, а останува да се доправи уште од Рапеш до Старавина, некаде за 12-13 километри.

Имено, на сите нас ни е познато што значи општината Старавина за економскиот развој во Република Македонија. За прв пат после 50 години овие граѓани ќе се пворзат со општина Битола, ако се доправи овој пат.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

На првото прашање ќе одговори министерот за образование господинот Азис Положани.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Ако добро слушнав, се работи за Новаци. Изборот на директорот доаѓа по два основа. Едниот е по ВД директор кој што може поради одредени сознанија да

се замени и после влегува во процедура, како што знаете, каде што ќе се уклучат и родителите и училишниот одбор и каде што ќе има прилика преку свој предлог да достават до органите, вклучувајќи ме и мене и моето мислење и очекувам, ако е направена некоја грешка, тоа соодветно ќе се одрази во предлогот на училишниот одбор.

Инаку, што се случува. Се случува често да конкурираат пет мина. Од училишниот одбор сите пет мина добиваат позитивни мислења од бирото, сите ги исполнуваат условите, сите добиваат повторно позитивно мислење и на крајот, јас ќе се одлучам, нормално за еден. Ако има веќе такви сознанија дека училишниот одбор цврсто стои на некој кандидат, иако е направена промена на директорот преку ВД директор законски, јас мислам дека сум спремен да поддржам предлог, кој што така цврсто стои самото училиште. Но не е добро, и не мислам дека правам јас грешка, ако од сите инстанци ни се предложат и ми се поддржуваат сите кандидати, значи крајно опортунистички став кон одредени лица и после се очекува од пет мината да ги изберам, што не е можно. Така што, јас ќе ја разгледам ситуацијата, спомнавте и некои други состојби, како непотизам итн., како што мислам дека во ред е тоа да се разгледа, но мислам дека во фаза на разгледување по конкурс, по редовна постапка предлагање на директор, училишните одбори нека бидат малку пообјективни и поцврсти по својата намера да предлагам кандидат кој што навистина го поддржува самото училиште. Тогаш и мене ќе ме стават во состојба дали ќе поддржам кандидат нивен или не. Но ако на секого му се дава поддршка по секоја инстанца, нормално после јас ќе одлучам за еден од нив, кој што не секогаш може да биде прифатлив за сите но, јас очекувам од вашите искази, јас мислам дека ќе ги проверам и можам писмено да ви одговорам, но овој е мојот принципиелен став околу оваа работа. Детално за проблемот не можам да кажам дека детално го знам со сите сегменти и затоа мислам дека ако сакате можам и писмено да ви кажам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Србиновски дали сте задоволен од одговорот.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Делумно од вториот за конкурсот сум задоволен, меѓутоа, не го оправдувам министерот нека гоземе предвид. Меѓутоа, за непотизмот што е искажан, барам написмено да ми се одговори за да испита состојбата дали е така,

затоа што ова прашање го поставува Советот на општина Новаци. А Советот на општина Новаци, да не кажувам чии Совет е.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

На дополнителното прашање ќе одговори г. Положани.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Јас сега го прифаќам тоа да го разгледам на таков начин и вие ќе бидете писмено известени.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

На второто прашање ќе одговори г. Петров, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство.

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Одлуката за давање на користење на земјоделско земјиште во државна сопственост на одредени категории на социјалци придонесувањето и заради нејзината реализација, имаше предвид неколку категории на земјоделско земјиште, кое што требаше да се даде на користење.

Прво, тоа е слободното земјоделско земјиште, кое што во овој момент е ослободено од оптоварувања и корисници од други категории, кое што беше евидентирано на подрачјето на Свети Николе и со него стартуваше одлуката.

Потоа, земјоделско земјиште кое што треба да се врати во владение на државата од страна на земјоделските комбинати, кои што се во стечај и кои што не го обработуваат, а го имаат на користење.

Земјоделско земјиште кое што ќе се усвои врз основа на дејствие на Владата на Република Македонија, согласно членот 11 од Законот за земјоделско земјиште.

Земјоделско земјиште што врз основа на одредбата на закон е во рамките на оној процент од 15% што комбинатите беа должни да го ослободат.

Бидејќи прашањето се однесува на оваа категорија последната, го информирам пратеникот дека во текот е подготовка и завршна верзија на Законот за измени и дополнувања на земјоделско земјиште, кој што ќе дојде во собраниска процедура и со кој што ќе треба да се забрзаат и да се направат поефикасни сите

постапки околу враќањето на земјоделското земјиште, што се користи неовластено од страна на определени субјекти, без разлика дали е тоа концесија, дали е право на користење, стекнато според поранешните прописи, или договори за долгорочен закуп.

Во постојниот Закон за земјоделско земјиште има одредба според која што тој износ од 15% комбинатите требаше да го издвојат и точна е неговата забелешка дека требаше да биде пропорционален, односно соодветен на класите и квалитетот на земјиштето, што ќе рече дека на секоја класа на такво користено земјиште ќе треба да се издвои 15%. Меѓутоа, во текот на испитувањето е утврдено дека повеќе од нив, не ја исполниле соодветно својата законска обврска, така што некои или воопшто не издвоиле 15% од земјиштето што го користат, други тоа го направиле незапазувајќи ја пропорционалноста, во поглед на квалитетот на земјиштето што го користат, а некои трети ја исполнија во целост својата обврска. Како во постојниот закон нема соодветна одредба со која што ќе се регулира прашањето околу тоа што доколку не постапат и не ја спазат пропорционалноста, констатиравме дека оние комбинати кои што такво земјиште издвоиле, а Министерството го прифатило тоа земјиште и го дало на долгорочен закуп и на користење, практично ја прифатило нивната несоодветна законска постапка да издвои, а Министерството да прими земјиште кое што не одговара на пропорционалноста. Затоа пристапивме кон измена на законот и таа измена ќе ја понудиме, со кое што прво оние што не постапиле, тоа ќе го направат, а оние што постапиле и биле несоодветни односно не ја запазиле пропорционалноста ќе мора да постапат по неа врз основа на дополнително издвојување, зависно од квалитетот, односно културата на земјиштото што ја обработуваат. Во тој дел го убедувам пратеникот дека никој нема да биде поштеден, без оглед кое му е името, колку значи на пазарот на тулот, односно во земјоделието и дека сите ќе ја исполнат својата законска обврска.

Во поглед на притисокот околу мелничко преработувачката индустрија во врска со откупот на пченицата од родот 2002 година можам да кажам дека дека тоа е заедничка надлежност на двете министерства, на Министерството за економија и на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, бидејќи се преклопуваат во тој дел. Одржан е состанок со претставници на мелничко преработувачките претпријатија и констатирани се слабости во поглед на начинот на исплатата на превземените, односно договорените количини на пченица од родот

2002 година, во смисла на неисплаќање, неисполнување на обврските и во поглед на несоодветно плаќање во натура, преку трици, брашно и слично. Заеднички заклучок на сите нас беше дека тој начин на евентуален притисок, или не постапување според одлуката за заштитната цена на пченицата не е соодветен и не е дозволен и заеднички заклучивме дека договорите мора да се исполнат. За да го стимулираме откупот и плаќањето на пченицата од родот 2003 година, заклучивме дека е нужно, односно соодветно да им се дозволи увоз на мелничко преработувачките претпријатија, со одлука на Владата што е донесена во која што само оние мелничко преработувачки претпријатија, кои што извршиле соодветен откуп на пченица од домашни производители, или од Фондот за земјоделство преку пченицата во Фондот, односно Фондот ја продава од стоковите резерви, ќе можат да остварат соодветен увоз на пченица за своите потреби, по количини кои што ги превзеле и ги платиле домашните преработувачки комбинати, односно домашните производители на пченица. Таа одлука е во фаза на реализација и убеден сум дека ќе биде потполно испочитувана и спроведена од мелничко преработувачките претпријатија и во овој момент само можам да порачам дека, доколку постои неплатена пченица, а превземена од нив, само на избор помеѓу откупувачот и производителот, со тоа ќе се рече меѓу земјоделците и откупувачите, може да се изврши плаќање на пченицата не во пари, туку во натура, односно во други стоки. Напротив, ако таква согласност нема од производителите, никој не смее и не може да им натури начин на плаќање, како што е плаќање преку превземање одредени цени на определени стоки.

Мислам дека тој проблем е решен и понатаму останува неговата реализација помеѓу производителите и помеѓу откупувачите и јас се надевам дека во тој дел повеќе проблеми ќе нема.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Србиновски дали сте задоволни од одговорот.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Задоволен сум од одговорот и од првиот и од вториот дел, меѓутоа за вториот дел добро е што министерот напомна да се вклучи и Министерството за економија за тие стоковни резерви дали се 40 илијади тони или 50 илјади тони пченица, заштитната цена е од 10 денари. Министерството за економија треба да си

поведе сметка да префрли средства на мелниците и да се исплати оваа пченица од 10 денари кое е заштитна цена, за која што рече и Владата на Република Македонија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Петров?

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Мислам дека Министерството за економија, ниту пак Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство или пак Владата на Република Македонија не обезбедува и не префрла средства, туку средствата треба да ги обезбедат, да ги префрлат и да ги платат откупувачите на пченицата, бидејќи заштитната цена е нивна обврска, а не обврска на Владата. Обврска на Владат е само да ја донесе, да ја пропише и да ја соопшти, а се друго понатаму, купувањето по таа заштитна цена и плаќањето е во надлежност на другите. Не гледам каде би можело Министерството за економија, Владата, или Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, со свои средства да интервенираат така што ќе го обезбеди откупот, бидејќи таа работа е на оние што работат, односно пазарот, во кој што понудата и побарувачката ги диктира условите на плаќање и другите околности што се означени.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Третото прашање г. Кошутиќ.

ДЕЈАН КОШУТИЌ:

Бидејќи нашето Министерство го покрива широк ресор и во секој момент неможеш веднаш да дадеш одговор за Коридор 10 и за патот во Старавина. Значи процедурата за апликација на проекти кои треба да влезат во програма на Фондот за магистрални и регионални патишта е позната, програмата за 2003 година е позната и според таа програма, Фондот превзема потребни активности.

Што се однесува за предметниот пат пратеникот може да добие писмен одговор од Фондот, доколку тој дел не е влезен во програмата, какви се плановите за завршување на тој проект, бидејќи има голем број на проекти, кои се започнати а не се довршени.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали сте задоволен од ова г. Србиновски.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Не сум задоволен, затоа што прашањето ми беше ќе има средства, ќе се направи тој пат или нема да се направи тој пат. Да се реши еднаш за таа општина Старавина бидејќи знаеме дека патот е главен процес за развој на таа општина и на цела Битола и цела Република Македонија. Каков благодет има таа општина, вие знаете. Затоа го молам Министерството ако не може сега, писмено нека ме извести.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Кошутиќ?

ДЕЈАН КОШУТИЌ:

Ќе добиете писмен одговор.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Нареден ќе постави прашање господин Нејдим Рамизи.

НЕЈДИМ РАМИЗИ:

Имам три прашања. Прашање до Министерството за здравство, Министерството за правда и Министерството за внатрешни работи, тоа е заедничко прашање и Министерството за финансии.

Прашањето до Министерството за здравство всушност се однесува за условите, односно лошите здравствени услови под кои што ги извршуваат граѓаните од населбата Лабуништа, Подгорци и Пласница.

Имено, населбата Лабуништа е со околу 8 илјади жители. Граѓаните своите здравствени услуги ги вршат во амбуланта со околу 5 простории, без никаква техничка опрема, со апотека во која што да речеме, лековите од позитивната листа, скоро да ги нема.

Населбата Подгорци е со над 2500 илјади жители каде што граѓаните своите здравствени услуги ги вршат во зграда со 2 простории која што зграда ја посетуваат и учениците од основното училиште од Подгорци, додека граѓаните од населбата Пласница и покрај лошите просторни услови, кај нив се јавува и проблемот нанемање на услуги во втора смена, така да до Министерството прашувам дали има предвид планирано во населбата Лабуништа се изврши

проширување на постоечката зграда. Во населбата Подгорци пред неколку години е започната изградба на амбуланта која што е недовршена, дали се планира да се заврши тој објект, а во населбата Пласница, дали Министерството планира да воведе втора или трета смена.

Второто прашање се однесува до Министерството за внатрешни работи и Министерството за правда во врска со отворање на канцеларии. Всушност населбата Октиси и Дологожда од Струга имаа доставено до надлежните министерства барање за вакви месни канцеларии, но ваквите барања се отфрлаат, односно Министерството негативно одговара во однос на ваквите барања, поради што прашувам зошто не се дозволува отворање на месни канцеларии во овие две населби, кога сите показатели кажуваат дека овие две населби ги исполнуваат условите.

Третото прашање е до Министерството за финансии. Се однесува во врска со моменталното постоење на кредитни линии во банките низ Република Македонија за поддршка на мали и средни претпријатија, така да според моја информација, граѓаните од Западна Македонија многу тешко доаѓаат до користење на вакви кредити, со изговор дека се работи за кризни региони и не се признаваат хипотеките од градовите од Западна Македонија.

Прашувам, зошто се врши ваква дискриминација, кога сите граѓани се еднакви пред Уставот и пред законот.

(Со седницата продолжува да претседава госпоѓата Лилјана Поповска, потпретседател на Собранието).

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Првото прашање беше упатено до министерот за здравство Реџеп Селмани.

РЕЏЕП СЕЛМАНИ:

Тука од пратеникот беа спомнати три населени места: Лабуништа, Подгорци и Пласница.

Во врска со првото населено место, значи за Лабуништа, како што беше спомнато дека се 5 простории во таа здравствена установа, ние ќе настојуваме евентуално да ја прошириме, бидејќи се знае дека бројот на населението е таму голем за таков пункт, само што треба прво да се направат елаборати во врска со

тоа, а во однос на подобро снабдување на таа аптека што е во Лабуништа, мислам дека ваков проблем не е само таму во овие аптеки што се во руралните средини и ќе настојуваме по однос на снабдување со лекови во таквите аптеки, снабденоста да се подобри.

По однос на населеното место Пласница, дали има идеи да се воведе и втора и трета смена, мислам дека иако такви потреби во многу места населени има, но реалните можности во здравствените установи, по однос на кадри и други можности, мислам дека во сите места не можеме да воведеме втора и трета смена. Евентуално втора има и во така поголеми населени места, каде што се населени со поголем број на жители.

Во однос на населеното место Подгорци, пратеникот спомна дека има еден почнат и недовршен објект кој е предвиден како ординација амбуланта, а досега за здравствените услуги се пружаат во просториите на училиштето ако добро слушнав и разбрав, ќе видиме, ќе направиме едно согледување да видиме до која фаза е изградбата на тој објект и уште колку треба да се доврши иако не е некоја голема сума за довршувањето на ваквите работи, тогаш мислам дека ќе се реши овој проблем.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодаам.

Дали г-динот Рамизи задоволен од одговорот.

НЕЈДИМ РАМИЗИ:

Задоволен сум.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодрам, второто прашање, беше упатено до министерот за внатрешни работи, јас се извинувам г-динот Хари Костов, вас ве обврза. Во ред. Заменичката министерка за правда г-ѓа Мери Младеновска-Георгиевска. Повелете.

МЕРИ МЛАДЕНОВСКА ЃОРЃИЕВСКА:

Бидејќи прашањето беше упатено и до правда и до внатрешни работи, само да појаснам дека вработувањето на матичарите во надлежност на Министерство за правда, но со оглед на тоа што потребно е нели пратеникот го интересираат

конкретни податоци бидејќи добил и одредени писмени обраќања од страна на Министерството за правда претпоставувам, писмено ќе дадеме прецизен одговор.
ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам, господине Рамизи, дали сте задоволни?
НЕЈДИМ РАМИЗИ:

Добро. Задоволен сум.
ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Трето, прашање беше упатено до преставникот на Министерството за финансии, меѓутоа не гледам преставник така што ова прашање ќе го упатиме писмено, па и писмено ќе ви биде одговорено. Во ред.

Одиме тогаш понатаму, на ред е пратеникот Марјан Ѓорчев, меѓутоа не го гледам во салата. Следен е од опозицијата г-динот Илјаз Халими. Повелете.
ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:

Почитувана потпретседателке,  почитувани пратеници

Имам три прашања за тројца министри кои не се присутни во салава, би ги повикал да учествуваат, или еден од овие што е присутен да може да се овласти во нивно име да одговори.

Прво ова да го расчистиме.

Министерот за транспорт и врски еве тука е заменикот. Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана.
ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Меѓутоа, тука е потпретседателката на Владата, така што еве го и министерот за одбрана е тука.
ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:

Во ред. Можеме да продолжиме. Ви благодарам.

Прво имам прашање до Министерството за транспорт и врски. Според член 194 од Законот за дополнување на законот за безбедност во сообраќајот усвоен на 30 мај 2002 година, е предвидено во териториите на локалната самоуправа, каде најмалку 20% од граѓаните зборуваат друг службен јазик освен македонскиот, собраќајните знаци како и дополнителните табели да бидат на тој јазик. Поставувам прашање. Зошто сеуште на патиштата со републички карактер како што е магистралата, значи автоматиштата, а кои се составен дел од територијата на локалната самоуправа сеуште не се поставени овие знаци на случбените јазици кои

што се зборуваат на таа територија. Кога ќе почнете и завршите со реализирање на оваа законска обврска бидејќи поминало година ипол од усвојувањето на овој закон.

Второто прашање е до министерот за одбрана.

Во текот на оваа година, откако сте министер на власт колку албанци се вработени во вашата администрација, како административни службеници без да се опфаќаат албанските офицери, и војниците кои што се платени, платените војници всушност.

Барам да ми се даде и приказ на националната структура во администрацијата на Министерството за одбрана. Податоците да бидат поединечно по подрачни единици.

До министерот за внатрешни работи, слично е прашањето со ова што го поставив до министерот за одбрана, колку албанци се вработени во администрацијата на министерството за внатрешни работи во текот  оваа година, без да се опфатат полицајците, податоците да ми се дадат поединечно според подрачни единици.

Исто така, како е националната структура на вработените, на службениците, на централно ниво и во подрачните единици во Министерството за внатрешни работи. Ви благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодрам, првото прашање беше до Министерството за транспорт и врски, г-динот заменик министер го молам да одговори.

ДЕЈАН КОШУТИЌ:

Писмен одговор.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали сте задоволен г-дин Халими .

ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:

Да. Бидејќи е природно, таква е  состојбата значи.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Во ред. Следното прашање е до министерот за одбрана г-дине Бучковски.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Повеќе податоци веројатно и неговата намера е да споредува и да прави анализи, така што ќе ја задоволиме неговата желба, ќе одговориме писмено,

статистички, затоа што бараа и другите заеднци, албанската заедница, во делот на администрацијата.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Во ред, тогаш одиме и со третото прашање за министерот за внатрешни работи, дали исто така ќе биде писмен одговорот.

ХАРИ КОСТОВ:

Вака, во еден одговор усмено, па ако биде задоволен пратеникот во ред ако не потоа и писмено ќе му одговориме.

Затоа што прашањето беше колку има вработувања во администрацијата вон од полицајците.

Според тоа во текот од ноември навака, кај делот на полицијата има вработено ако беше прашањето 600. Осумсто и седумдесет од кои се 670 полицајци албанци. Инаку во администрацијата ако мисли на служби итн. вработени се 20 референти за издавање на лични карти и пасоши од албанска националност, а инаку во администрацијата фактички мислам дека целата јавност знае дека постои забрана за нови вработувања. Така да од администрацијата дури и она што оди во пензија не се надополнува со нови вработувања, туку толку напротив нови вработувања во администрацијата нема.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам. Г-дине Халими дали сте задоволни.

ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:

Со одговорот не сум задоволен, не барав да ми се каже колку полицајци се вработени, од причина што вработувањето и обуката на полицајците и нивното вработување не зависи од Охридскиот договор. Вие знаете дека во 1999 година, Владата, тогашната Влада каде што учествуваше ДПА иницираше потреба од подигање на бројот на полицајците во полицијата, генерално. Во Мианистерството за внатрешни работи и оттогаш имаше договор меѓу Македонија и САД за тренирање и обука на 500 полицајци. Природно после почна војната и вака се прекина обуката, ина другите полицајци кои беа веќе планирани. Така ова не може да се третира како резултат од Охридскиот договор. Токму почнувајќи од ова јас не побаав да ми одговори колку полицајци има, туку колку има работници вработени во администрацијата во текот на оваа година, генерално општо во Министерството за

внатрешни работи, меѓутоа и во подрачните единици, и да ми даде одраз, приказ на нивната национална структура поединично значи по подрачните едници. Затоа тука има место за писмен одговор, затоа што природно не може да ги знае напамет сите тие измени или предвижувања во вработувања, кои што се реализирале во оваа администрација, на Министерството за внатрешни работи.

Ви благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Г-дине Костов.

ХАРИ КОСТОВ:

Добро. Пратеникот за тој дел ќе добие и писмен одговор меѓутоа мора да му потенцирам дека јас незнам што ДПА договарале кога биле во Владата, меѓутоа бројката од илјада полицајци е точно содржана во Рамковниот договор. И факт е дека и 270 полицајци кои наводно требаше да бидат од претходната влада, се примени со решенија, со согласност од Министерството за финансии, и со решенија од декември месец за 2002 година, и + 600-те нови припадници на заедниците се вработени во овој перид. Според тоа дали било договор со американците и со незнам кого, фактички нема никаква реализација, додека во 2002 од ноември и во овој период е тоа реализирано како дел од Охридскиот договор. За другиот дел тогаш ќе добие писмен одговор.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам, на ред е за поставување прашање г-динот Ангел Димитров. Повелете.

АНГЕЛ ДИМИТРОВ:

Благодарам, г-ѓо потпретседател,

Јас сакам да поставам три прашања, од кои првите две се сврзани со еден ист проблем, а тоа е проблемот со одобрувањето, издавањето и продажбата на учебниците за основното и средното образование.

Првото прашање го упатувам до Министерството за образование.

Со воведувањето на конкуренцијата во издавањето и пежатењето на учебниците за основното и средното образование, се појавија многу пропусти и недостатоци кои предизвикаа вистински хаос во оваа област. Се одобруваа по два, три четири па дури и пет учебници од еден наставен предмет, што не кореспондира со бројот на учениците и со економската развиеност на нашата држава. Ова

предизвика зголемување на цените на учебниците, осиромашување на родителите и предизвика хаос во изборот на учебник по одреден наставен предмет.

Хаосот особено се огледа во следново:

Изборот на учебникот го вршат наставниците, родителите и директорите на училиштата, не врз база на квалитетот, туку врз основа на висината на провизијата што ја нудат издавачките куќи. Советниците во бирото за развој на образованието се јавуваат во улога на автори, сопственици на издавачки куќи и на еден начин работодавци на наставниците дилери, кои продаваат учебници во своите домови, во гаражи, во импровизирани дуќани и каде ли уште не. Овие советници на овој начин држат монопол од својот наставен предмет со години наназад, и ја злоупотребуваат својата функција. Нај очигледен пример се учебниците по македонски јазик и по математика но постојат и по некои други.

Дали Министерството за образование има намера да преземе одредени мерки за надминување на ваквите состојби и дали лицата кои ја злоупотребиле својата функција ќе бидат земени на одговорност.

Второто прашање го упатувам до Министерството за финансии, а се однесува за истата проблематика во учебникарството, што ја образложив веќе во првото прашање.

Прашањето гласи: Дали Министерството за финансии, преку управата за јавни приходи ќе презеде одредени активности и законски мерки за незаконското продавање на учебниците на големо и на мало по гаражи, подруми, импровизирани дуќани, и се разбира без фискални каси. Би сакал доколку е можно да добијам извештај за направените контроли и за утврдените недостатоци во оваа област.

Третото прашање исто така се однесува за Министерството за финансии и во суштина се работи за една иницијатива која сакам да ја покренам преку институтот пратеничко прашање.

Во Македонија сеуште постои огромен процент на сива економија и на даночна евазија. Дали Министерството за финансии е спремно и има можности да објавува месечни и квартални извештаи за првите 100 фирми во Република Македонија, кои даваат најголем придонес во полнењето на Буџетот на Републиката, на Буџетите на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, за здравствено осигурување, и во Буџетот за Заводот за вработување, а со тоа и најмногу допринесуваат за вршењето на функциите на државата, за образованието, за здравството и за вршењето за други јавни дејности на државата. Рангирањето на

фирмите би требало да се изврши според висината на вкупните износи што ги плаќаат по основ на царини, акцизи, данок на додадена вредност, персонален данок, данок на добивка и придонесите од плати. Идејата е на овој начин, да се искаже јавна благодарност на овие фирми и да се предизвика на еден начин вид на натпревар помеѓу трговските друштва да се биде еден од првите сто. Ви благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам. Првото прашање за министерот за образование г-дин Положани. Повелете.

АЗИЗ ПОЛОЖАНИ:

Благодарам.

И на пратеникот му благодарам за придонесот кој што ќе можеме заедно да го дадеме за да расчистиме некои работи кои што навистина се вртат и по медиумите, во врска со тн. хаос во учебникарството.

Мислам дека понекогаш нештата постојат на еден или на друг начин, но именувањето на нештата не се прави соодветно па затоа произлегува и тоа дека ако во едно општество има можност да се бира, или не е како што беше порано, тоа може да предизвика хаос или да се нарекува хаос. Или ако ги враќаме законските решенија кои јас веќе ги најдов тука на само една можност, за избор на една книга и монополизиран присап во таа дејност, тогаш тоа се вика монизам или тоа се вика неможност да се избира во рамките на таа пазарна економија. Како министер навистина се најдов во една состојба дали да го спроведам законот кој е таков каков што е и кој овозможува и бара најмалку две можности, министерот треба да даде согласност за одредена книга, или во процедура ако сите вие како пратеници мислите и јас заедно со вас дека од тој аспект е отидено подалеку и таа благородна и могу прифатлива логика за воведување на една економска логика или квалитет во образованието, што значи борба за квалитет во образованието преку овозможувањето повеќе учебници односно повеќе од еден учебник за еден предмет, се злоупотребува, тогаш во процедура се законите за основно образование и за средно образование, ве молам предложете, иако јас ќе предложам решение. Предложете и вие некое решение, јас ќе го прифатам, со кое ќе се преземе одговорноста дека тоа нема да биде како што беше во монизмот, но од друга страна да има одредени механизми кои нема да направат одредени состојби на злоупотреба, да се изврти идејата за еден пристап кој овозможува во образованието

и учебникарството еден таков приод. Затоа, според ингеренциите што произлегуваат од Законот јас правам се да придонесам колку што е можно, во рамките на моите ингеренции и законски обврски да избегнам такви состојби. Но, точно е, иако направивме ред во процедурата како да се дојде до еден учебник преку одредени нови солуции кои вродија со плод, затоа што јас досега не сум потпишал повеќе од два учебника за една година, најавени се една до две жалби, едната е прифатена а едната е во постапка да се исправи евентуално нечија грешка во процедурата и со тоа сакам да кажам дека тоа што го направивме во процедурата и законски вроди со плод и се покажа како успешно во рамките на институција. а натамошната примена и можностите за избегнување на данок и сосема е точно тоа што го кажа пратеникот, во соработка со други инструменти на државата, преку Министерството за економија, финансии или кој е надлежен за оваа работа, јас сосема ќе поддржам таков пристап, со кој ќе се оневозможи евазија по тој основ и на ова поле.

Инаку, сум издал наредби, всушност укажувања и до училиштата за нажинот како да се избира учебникот. Тука има пак можности за манипулација. Има, господа затоа што веројатно ние сме тие што ги правиме сите тие работи, па и ние што сме во Министерството па и советници во Бирото, правиме законски решенија но секогаш се наоѓа начин да се избегнат. Сигурно треба да бидеме малку поостри и понеакадемски во тоа поле, за да разбереме дека таа работа така веќе неоди. Но, јас ја барам и вашата поддршка за такви чекори, затоа што реков направивме едно законско решение што сега е во сила и велиме дека е во функција на избегнување на монопол и тоа што беше порано, а ова другото сега го оценуваме како врата што води кон хаосот. Затоа, јас сум подготвен - затоа велам дека е во фаза на разгледување законот, па така тоа што е моја идеја но и ваша да ја дадеме за да најдеме посоодветни решенија. Сепак, одговорноста за праведното спроведување на законското решение и можноста за избор на учебник да не се искриви и да не се деградира и прерасне во хаос, сепак, мислам дека е одговорноста наша заедничка, во образовниот систем, не велам надвор од образовниот систем, а инструментие за нивно казнување или дали ќе земат од нив - ние веќе прибираме инфорамации кои директори и кои советници како се однесувале во спроведувањето на оваа работа, па ќе се преземат одредени мерки и казни, со што може би малку ќе помогнеме, но поголема е помошта кога сите заедно ќе бидеме малку посвесни за потребата под еден таков пристап кон овие работи. Значи, проблемот не е во законот, не е во тоа дека не се преземаат активности, туку либералниот начин на сваќање на некои

решенија и можности. Ние сме во фаза на разгледување на истите и мислам дека ќе најдеме решенија кои ќе помогнат. Не велам дека предложените се идеални, но ќе помогнат, законот е во постапка, со кои мора да се стави ред на оваа работа. Тоа треба да го направиме заедно со другите органи, затоа што и даночната евазија што произлегува од тоа не е за потценување.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали г-динот Димитров е задоволен од одговорот?

АНГЕЛ ДИМИТРОВ:

Јас сум задоволен од одговорот, особено со тоа што предизвикав големи емоции и кај министерот, што значи ќе се зафати со работата. Работата беше во тоа што ова не е прва година како се јавуваат вакви работи, истите советници со години наназад, 4-5 години вршат притисоци на наставници и директорите. Се согласувам со министерот дека воведувањето на конкуренцијата е една благородна идеја која води до напредок, но колку што имаме поголема слобода, тогаш треба да има и поголема контрола и во идните измени на законот ќе настојуваме да внесеме поголема контрола во таа работа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Одиме понатаму, двете прашања беа поставени за Министерството за финансии, меѓутоа, ќе бидат писмено одговорени, поради отсуство на претставниците на Министерството.

Одиме со следното прашање, господинот Марјан Ѓорчев.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Благодарам госпоѓо потпретседател,

Моето прво прашање е до министерот за образование, второто е до министерот за образование и министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство заедно и третото прашање е до министерот за култура односно до министерствата.

Првото прашање е до Министерството за образование. Шаховската федерација на Македонија прва поднесе документи за пререгистрација од Сојузна федерација на почетокот на годината и приложи програма за потребни средства при што сакам да напоменам дека оваа година е година кога се одржува Европско првенство во шах кое почнува на 10 октомври во Пловдив. До ден денешен нема ниту еден денар средства префрлени на Шаховската федерација, а би сакал и министерот да се запознае дека Македонија ако некаде се презентира успешно во

светски размери, тогаш тоа е преку шахот. 2001 година Македонија е осма на светското првенство во репрезентативен шах, 2002 година Македонија е осма на Олимписките игри. 2002 година двата македонски екипни тима во Европскиот куп на шампиони се 5 и 8 место, а 2003 година нашиот најдобар македонски играч Киро Георгиевски е 4 во Европа.

Би сакал да го замолам министерот ова прашање да го разгледа многу сериозно затоа што времето е кратко, имаме шанси, можеби Република Македонија може да постигне повисоки дострели дури и борба за медал, но останува прашањето на финансирање.

Второто прашање е до министерот за образование и министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство заедно.

2002 година од деканот на Ветеринарниот факултет е поднесено барање и добиена согласност од Министерството за земјоделство, шумартство и водостопанство и од Министерството за образование за изградба на нов ветеринарен факултет и болница за показна настава како и сместувачки простор за голем број на активности од сферата на ветерината на локација на Хиподром со комплетна техничко-технолошка и финансиска документација и во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и во Министерството за образование.

Моето прашање е тој проект кој сметам дека е исклучително важен за Република Македонија, поддржан од тие две министерства во 2002 година да се одговори до каде е неговата реализација и дали навистина тој проект за Ветеринарниот факултет и сите оние објекти околу него ќе биде реализиран.

Третото прашање е до Министерството за култура. На територијата на Република Македонија во сферата на еден дел од Законот за авторски права посебно во делот на филмската продукција голем дел на претпријатија како што се Градски кина во Скопје и други правни субјекти низ Републиката, пропаѓаат со голем број на вработени заради присуство на пиратерија, огромен број нелегални ВХС видео касети и ЦД дискови кои циркулираат низ Македонија во видеотеките и ги спречуваат тие правни субјекти во Република Македонија нормално да си ја обавуваат својата дејност и голем број на луѓе можеби ќе бидат на удар на стечајни постапки, ликвидација и повторно останување без работа.

Моето прашање е до министерот за кулура дали имаат план заедно со Министерството за внатрешни работи овој облик на нелегално одвивање на

правниот промет во делот на филмската продукција да се спречи и кои се начините за таквата борба против пиратеријата.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Првото прашање е до министерот за образование господинот Положани.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Во врска со првото прашање се соглассувам и сум поборник дека треба да се поддржуваат активности кои достоинствено ја претставуваат нашата земја и во тој склоп за респект е шаховската асоцијација, се согласувам, има добри резултати, но во однос на мојата поддршка иако лично сум за адекватно поддржување на таква активност е врзана за Агенцијата за млади и спорт која обично ги поддржува овие активности и односите меѓу Министерството и Агенцијата во таква поставена структура не е субординациска за да може секогаш да вроди со најповолни резултати. Но, мислам дека и во Агенцијата за млади и спорт, тоа е владина агенција, мислам дека сериозно ќе се разгледа вашето барање  и јас како претставник на Владата ќе преземам одредени активности да се овозможи тоа што барате и ќе помогнам во таа насока во согласност со можностите што ги има Агенцијата.

Инаку, Министерството во склоп на проектите што одат преку наука помага некои активности со елементи на научна активност или такви активности или таа помоше е симболична и мислам дека преку Агенцијата би можело да се направи повеќе, а јас ќе се ангажирам тоа да биде со поголем резултат.

Во врска со второто прашање ќе одговорам на делот кој мене ми е познат. Точно е дека е дадено позитивно мислење за потребите на Ветеринарниот факултет и болницата за нивните потребни да биде лоцирана на одредено место кое вие го спомнавте, но, за жал, тоа не беше поддржано со финансиски средства, а кога би било во тоа време и за мене и за нас како Влада би било полесно тоа да го направиме. Во меѓувреме господине Ѓорчев испадна друг проблем дека самиот статут на Ветеринарниот факултет поради релациите што Институтот за ветерина се доведе во прашање самата егзистенција и ние пријдовме на еден друг правец прво да го консолидираме факултетот како таков, затоа што тој амбиентален карактер од зградата, од објектот има проблем, туку и од самата суштина што професорите и наставниците на факултетот се вработени на Институтот веројатно поради подобрите услови таму и беше проблем да опстои.

Сега сме во фаза тој проблем со взаемно разбирање да биде надминато, веќе сме во фаза на предлог на начин како тоа да се разреши и тогаш веројатно претстои во тој склоп заедно со Институтот решение кое ќе ни отвори можности за поконзистентни решенија.

Ова е причината зошто до сега, освен финансиските тешкотии кои се секогаш присутни, но мислам во оваа фаза нашата цел беше да го стабилизираме факултетот како многу потребна високообразовна институција и во однос на интеграционите процеси односно директивите од Европската Унија, а во друга фаза веројатно ќе ни се овозможи полесно таа визија ја реализираме малку поспокојно.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали сте задоволен од одговорот господине Ѓорчев?

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Му благодарам на министерот, задоволен сум.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Следното прашање беше поставени до двајцата министри за образование и земјоделие. Вие веќе го одговоривте, само министерот за земјоделие ако има нешто да додаде.

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Не оценувам дека треба да одговорам, бидјеќи министерот за образование даде одговор на клучните прашања. Поддршката што Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ја дало за формирањето на овие институции останува и понатаму дека јас како министер нема да ја повлечам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Третото прашање беше до Министерството за култура, меѓутоа, немаме претставник, па дали ќе може подоцна господине Ѓорчев кога ќе дојдат претставниците ќе се погрижиме лично да одговорат.

Одиме со следниот пратеник. На ред е госпоѓа Весна Борозан.

ВЕСНА БОРОЗАН:

Благодарам госпоѓо потпретседателке,

Моето прво прашање е упатено до министерот без ресор во Владата на Република Македонија господинот Владо Поповски и претседател на Комисијата за станбени прашања.

Пратеничкото прашање е во име на група граѓани кои се корисници на општествени станови кои станови се опфатени со Законот за денационализација.

Имено, со примена на овој закон во моментот на донесување на решение за денационализација во име на старите сопственици на носителите на станарско право на овие станови државата во рок од една година треба да им обезбеди станови.

Во групата граѓани кои го поставуваат ова прашање се наоѓаат дури и граѓани и такви случаеви кои такво решение имаат добиено уште од 2001 година и од тогаш до сега се наоѓаат во непрекината неизвесност кога ќе ги добијат новите станови. И покрај уредно доставената документација до Комисијата за станбени прашања секојдневно се одлага решавањето на нивното прашање, тие се непрекидно под притисок на сопствениците на становите, што е разбирливо и доаѓа до такви конфликтни и непријатни ситуации да мора да интервенира и МВР.

Прашањето би било дали можат овие граѓани да се надеваат на итно решавање на нивниот проблем поготово имајќи во предвид дека е почеток на зимата, дека тие се во недоумица дали да набавуваат огревно дрво за наредната зима во своите стари станови или можат да се надеваат на решавање на станбеното прашање во други услови.

Второто прашање го упатувам до Владата, бидејќи сметам дека е меѓуресорно прашање и дека тука има што да кажат и Министерството за економија и Министерството за животна средина и просторно планирање, дури и Министерството за транспорт и врски и други институции.

Повод за моето прашање е веста од пред неколку месеци на ТВ А-1 во која беше кажано дека извесен господин добил решение за изградба на ветерници за производство на електрична енергија на Водно.

Бидејќи и професионално сум заинтересирана за ова прашање како граѓанин, како екологиста бев заинтригирана и тргнав да се распрашувам по нашите институции како тој господин добил вакво решение за градба на ветерници, притоа сакам да појаснам дека јас потополно го поддржувам ваквото решение за изградба на вакви објекти, меѓутоа, истовремено сум свесна за два факти.

Првиот е дека вакви објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори како што се ветерници, мали хидроелектрани и тн., прво се премногу скапи објекти како инвестиција за инвестирање и дури странските консултанти ја советуваат нашата држава да не влегува во изградба како држава на вакви објекти, туку да подготви проекти и да понуди концесии на приватни лица поготово на странски правни лица, бидејќи повеќето од западните земји имаат

обврска за изградба на вакви објекти за производство на енергија од новливи извори заради протоколот.

Меѓутоа од друга страна исто така сум свесна дека изградбата на вакви објекти за секогаш го менува изгледот на животната средина, конкретно во овој пример тоа е драстично покрај крстот на Водно да изникнат две ветерници, тоа дефинитивно засекогаш го нарушува изгледот на релјефот на сртот на Водно. Овие објекти можат агресивно да делуваат на нашата средина.

Да не должам прашањето ќе го формулирам на следниот начин:

Која е постапката за прибирање на потребна вкупна документација за реализација на мали енергетски објекти во приватна сопственост, а посебно за странски правни лица и дали Владата смета дека постоечката процедура е доволно ефикасна и наменета за да привлече вакви инвеститори.

Третото прашање сосема кратко, сите знаеме дека септември е месец на пазарување, набавка на учебници, зимници и други потребштини за зимата, јас како граѓанин во текот на септември бев многу пати иритирана, покрај грижата како да се обезбедат финансиски средства за сето тоа, бев иритирана од неиздавањето на фискални сметки од страна на не само мали трговци во бакалници и слично, меѓутоа од големи и важни институции дури и големи ресторани во Скопје.

Прашањето го упатувам до Минстерството за финансии барам известување как се одвива процесот на фискализација и барам известување за местото на кое граѓаните ќе можат да известуваат за вакви случаи за непостоење на фискални каси во одредени објекти.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Првото прашање беше упатено до министерот Владо Поповски.

ВЛАДО ПОПОВСКИ:

Се работи за суштински и важно прашање, основен проблем во реализацијата на истото е што при доаѓањето на оваа Влада буквално не затекнавме ни еден слободен стан што може да се даде за таа намена односно за реализација на членот 70 од Законот за денационализација. Според него државата ја презела обврската да ги обезбеди тие луѓе со станови кои спорет тој член треба да ги напуштат становите на кои имале станарско право и во кои живееле повеќе години.

Да повторам, веројатно не ме слушнавте добро, се работи за суштинско и важно прашање, основен проблем е при реализацијата на истото е дека при доаѓањето на  оваа Влада не затекнавме ни еден слободен стан кој може да биде

употребен за реализација на членот 70 од Законо за денационализација, а што подразбира обезбедување на станови на оние луѓе кои треба да ги напуштат тие станови во кои со години живееле и на кои имаат станарско право.

Тргнувајќи од тоа на неколку наврати Владата расправаше за тоа прашање во таа смисла во годинешната програма за изградба и одржување на станови точно и децидно е утврдена нејзината заложба дека такви станови мора да бидат обезбедени.

Во овој момент тоа што можам да ви кажам е дека минатата недела почна реализацијата на овој вид на баратели, во Скопје се поделени неколку решенија што граѓаните ќе ги добијат овие денови, во овој момент континурано со ЈП за стопанисување со станбен и деловен простор на РМ во сите градови бараме да изнајдеме можности за реализација на ова прашање, инаку во Скопје деновиве се обезбедени уште десетина станови со кои сметаме дека ќе бидат изградени до крајот на оваа година, дека носителите на станарско право по основ на тој закон ќе ги добијат тие станови.

Во некои градови проблемот е навистина објективен со што ќе вложиме дополнителни напори не на таква градба и на тој начин се усложнува ова прашање. Инаку, исто така, став на оваа Влада е да ги употреби сите средства што и стојат на располагање и во таа смисла доколку не успееме со ставањето на расположивиот фонд во употреба за реализација на овие барања да се стават и комерцијалните станови со кои располага ЈП за стопанисување со станбен и деловен простор и се надеваме дека обврската на оваа држава ќе биде исполнета.

Во постојана комуникација сме со овие граѓани и со газдите на тие станови, до сега наидувавме на разбирање, па верувам дека на задоволство на сите ова прашање ќе го разрешуваме.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Госпоѓо Борозан, дали сте задоволни од одговорот?

ВЕСНА БОРОЗАН:

Мислам дека сите ќе бидеме задоволни тогаш кога законските обврски на државата ќе бидат исполнети.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Следното прашање беше упатено до Владата, ќе одговори потпретседателката госпоѓица Радмила Шеќеринска.

РАДМИЛА ШЕКЕРИНСКА:

Благодарам госпоѓо потпретседател,

Што се однесува до конкретното прашање во врска со случајот кој го спомна пратеничката, Владата ќе излезе со дополнителна писмена информација, меѓутоа, бидејќи во ова потпрашање беа поставени и неколку потпрашања и беа дадени некои коментари, сакам само да истакнам дека забелешките, мислењата, аргументите кои беа изнесени од страна на пратеничката ги дели и Владата, што значи дека во следниот период Владата понатаму ќе остане на политиката на поддржување и на приватни иницијативи во развојот на енергетски потенцијали во Република Македонија особено оние кои користат обновливи извори на енергија.

Меѓутоа, треба да ни биде јасно дека за да тој развој биде правилен и за да тој развој од една страна ги задоволува и условите за заштита на животната средина треба да бидат јасно поставени правилата за игра и за државата и за сите потенцијални инвеститори.

Мислам дека ова ќе биде едно од многуте прашања кое што ќе се решава во текот на реформата на енергетскиот сектор во Република Македонија. Еден од тие чекори беше направен од страна на македонската Влада, македонското Собрание со измените на Законот за енергетика, со формирањето на регулаторната комисија. Тој процес продолжува со процесот на реструктуирање на најголемото претпријатие кое што работи во таа област, Електростопанство на Македонија и ќе продолжи и понатаму со либерализирање на овој пазар и задоволување на условите за регионален пазар на електрична енергија. Токму заради тоа сметаме дека и до крајот на 2003 година и особено во текот на 2004 година Владата ќе ги интензивира активностите околу додефинирање на некои одредби во Законот за енергетика, со што ќе се дефинираат условите под кои евентуалните приватни инвеститори, како и оние кои што приватно егзистираат на овој пазар ќе знаат под кои правила, под кои услови ќе може да пласираат енергеија генерално на енергетскиот пазар.

Значи Владата ќе сака да ја регулира оваа област за да дозволи и поголема иницијативност од страна на приватниот сектор, меѓутоа и да загарантира задоволување на условите за заштита на животната средина.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Госпоѓа Борозан дали сте задоволни од одговорот?

ВЕСНА БОРОЗАН:

Навистина сум задоволна од тонот на одговорот, меѓутоа јас се надевам дека ќе добијам и писмен одговор од Владата за точно прецизната процедура која е потребна за да се добие документација за изградба на еден мал енергетски објект.

Ова го барам вака стриктно атоа што мојата приватна истрага по оваа процедура покажа дека постојат проблеми во однос на добивање на дозволи за концесија и сметам дека ние како пратеници можеби ќе можеме да помогнеме со наши иницијативи во измена на оваа процедура.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Третото прашање беше поставено до Министерството за финансии, меѓутоа ќе биде доставен писмен одговор.

Има збор господинот Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Госпоѓо потпретседателке, Пред да почнам да ги поставувам моите прашања би посакал од господинот министер Илија Филиповски јавно да ми се извини затоа што одговара на прашање кое јас не го поставив. Одговорот така фалсификуван е поделен до сите мои колеги пратеници.

Пред мене ги имам стенографските белешки од седницата одржана на 29.05.2003 година, на која во моето дополнително прашање дали е точно дека на 1.01.203 година нивото на Охридското Езеро беше на највисоката кота откако се мери истото т.е. 693,61 метар и дали истото после тоа предизвика прелевање на Глобочица и колкави се директните штети од ова прелевање.

Во одговорот на министерот тој кажува - точно е дека на ден 1.01.2003 година котата на Охридското Езеро беше 693,61 метар и продолжува со невистината, но не како што наведувате 694,61 метар односно 1 метар повисоко. Во случај нивото на Охридското Езеро да ја достигне котата што вие ја наведувате би имале катастрофални последици, односно половина Струга и Охрид би биле потопени.

Затоа господине министре многу убаво знам што прашувам, а вие со вашиот одговор до мене и проследен до колегите пратеници се обидувате да ме дискредитирате, но тоа нема да го дозволам, затоа што и вашиот одговор на РЕК Битола во кој тврдите дека се издадени само 20 решенија...

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Се извинувам, ова прашање ви е или коментар?

СПИРО МАВРОВСКИ:

Не, јас кажав дека прашањето го немам поставено, но ова го добија сите колеги пратеници како одговор на мое прашање.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Јас ве молам, поставуваме прашања. Ве молам во форма на прашање да се изјасните инаку не би можело ова да биде тема на денешната дискусија.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Ве молам госпоѓо потпретседателке, мислам дека сите пратеници го добија одговорот од министерот и ред е, затоа што оваа невистина е проследена до сите пратеници треба да се заштити дигнитетот на секој пратеник.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ве молам, само во форма на прашање да се обратите до министерот.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Не, јас барам само извинување, не во форма на прашање, бидејќи на крајот од одговорот потврдува дека се истечени околу 6 милиони и 600 иљади киловат саати и е направена штета од 210 иљади евра, кои се доволни средства за господинот министер Хари Костов да ја заврши акцијата доброволно собирање на оружјето.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Мавровски излегувате надвор од дневниот ред. Ве молам да бидете коректен и да се придржувате до дневниот ред.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Госпоѓо потпретседателке јас побарав минатиот пат, господинот министер не беше тука и сега го нема, тоа е во ред. Јас само побарав извинување јавно од него. Сега ќе ги поставам прашањата.

Првото преашање е до господинот премиер, второто до господинот потпретседател на Владата Муса Џафери и третото до господинот министер за внатрешни работи Хари Костов.

Дали премиерот Црвенковски знаеше за решенијата на господинот министер за образование Азис Положани за отворање албанска паралелка во Битола. Ако знаеше по кои критериуми дозволи да се започне со работа на паралелката, затоа што после една недела,  ако веќе знаеше, а суспендира одлуката на министерот Положани. Ако не знаеше дали ќе побара одговорност, т.е. оставка од министерот? Тоа е првото прашање.

Второто прашање е до господинот потпретседател на Владата господинот Муса Џафери. Ако пратениците од ДУИ цело време се залагаат за мир, толеранција, безбедност би го прашал господинот Џафери да каже од која дата, односно од кога ќе биде безбедно во поранешните региони кои тој ги направи кризни и небезбедни и од која дата ќе почнат да го спроведуваат Охридскиот одговор односно обврската на албанската страна за враќање на бегалците, враќање на безбедноста и почитување на унитарна Македонија и нејзината територијална целовитост.

Второто подпрашање е зошто ДУИ како дел од Владата не почне медиумска акција, кампања за лојалност кон државата преку убедување на албанското население за почитување на институциите на системот (судството, полицијата, армијата), како и еднаш конечно да почнат да плаќаат даноци, струја и други давачки.

Третото прашање е за господинот Хари Костов.

Дали после оние четири дена разговори и укажувања за безбедноста во Република Македонија е точна изјавата на господинот началник на СВР Куманово во која тој кажува дека границата за единиците на Министерството за внатрешни работи е недостапна, ситуацијата полека се смирува, месното албанско население се враќа во своите домови, но тој со жалење констатира дека дел од бандите ја напуштиле територијата на Република Македонија.

Прашањето до вас е дали оваа изјава е точма, дали ова значи четврта фаза од апсењето на командантите Бреза и Чакала, т.е. нивно бегање преку граница и дали после тоа не следи петтата фаза за сите нас, а тоа е заборавот, или пак ќе се случи шестата фаза како во случајот Саид Рушити и повторното враќање и тероризирање на населението.

Второто подпрашање е дали вие лично го поддржувате во однос на безбедноста на државата и моменталната состојба претседателот Борис Трајковски кој кажува дека европските сили повеќе не ни се потребни, или премиерот на државата Бранко Црвенковски кој бара продолжување на мандатот на силите на Европската Унија.

На крајот едно прашање, што со запалените куќи во село Арачиново во кое се тврди дека има доста информации, но досега не е пронајден ниеден виновник. Ако имате информации би ве замолил и како строго доверливи да можам да ги добијам.

На крајот како министер за внатрешни работи ви ги честитам новите 20 полицајци, селската стража во Арачиново која мислам дека повеќе нема да дозволи никакви насилства и палења на куќите на македонците, затоа што другите не се самозапалувани.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Јас уште еднаш молам да бидеме коректни при поставувањето на прашањата, да се држиме до процедурата и да не поставуваме 13 туку 3 прашања.

Пред да преминеме на одговори на прашањата јас само би сакала да го прашам министерот Јанев дали би сакал да даде коментар на претходното прашање од пратеникот Ѓорчев во врска со одговорот на прашањето.

ЉУБОМИР ЈАНЕВ:

Тоа не беше до мене упатено.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Не беше ваше. Благодарам.

Одиме со одговор на прашањето.

Првото прашање беше упатено до премиерот на кое ќе одговори потпретседателката Радмила Шеќеринска.

РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:

Следејќи го тонот на таканареченото пратеничко прашање на пратеникот мислам не во име на Владата, во име на сите овде би барала да се извини заради злоупотребата на логиката и правилата на институтот пратенички прашања, да не зборувам заради злоупотребата на бројките, па од три претпоставувам станаа 13.

Меѓутоа, ако се сведам на конкретното прашање што беше поставено до премиерот или до Владата би сакала да го кажам следното.

Согласно закон одлуките за формирање на паралелки во основните и средните училишта се во рацете, односно во ингеренциите на ресорниот министер, министерот за образование и наука. Согласно законот министерот треба да носи решенија кои ќе бидат базирани на задоволување на технички и други услови.

Владата донесе одлука со која што ова решение практично се стави во мирување заради познатите состојби во Битола, заради тоа што учениците да бидат во училиште излегоа на улиците и заради тоа што сметаме дека овој тип на проблем не може да се решава со постојани демонстрации и со постојано неизведување на наставата. Затоа сметавме дека прашањето треба да се решава онака како што треба од образовен аспект и почитувајќи ги правилата и законите. За таа цел потребна е ситуацијата во Битола и во битолското образование да се стабилизира, што значи учениците да можат да се вратат во своите клупи. Тоа значи наставниците, директорите на училиштата да го обноват образовниот процес а понатаму да зборуваме за тоа кои правила, кои услови треба да бидат задоволени и што значат македонските закони за секој премиер, министер за образование, директори, училишта, наставници итн. итн.

Меѓутоа, мислам дека е лошо, и денешното пратеничко прашање покажува дека трендот е и понатаму да го политизираме македонското образование. Да ги злоупотребуваме учениците најмладите и да ги вметнуваме сите, од претпоставувам политички партии во решавањето на нештата кои што треба да се решаваат согласно законите и по нормална процедура.

Мислам дека тоа ќе биде лошо за сите нас и затоа апелирам и кога ќе го третираме ова прашање и на пратенички прашања и во некоја друга прилика да му пријдеме без амбиции да заработуваме политички поени. На тој начин ќе ја исполниме нашата одговорност и пред учениците во Битола и пред учениците во Република Македонија, а се разбира и пред нашите граѓани.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали сте задоволни од одговорот господине Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Прво, тонот на кој што ми се обраќа госпоѓата потпретседателка воопшто не го прифаќам. Не чувствувам апсолутно ништо да можам токму нејзе да и се извинам, или на Владата, затоа што Владата го прави овој проблем

Ако апелирате дека опозицијата е таа која што треба да поентира, мислам дека  се лажете, затоа што тие деца излегоа на улица токму поради вашите решенија такви се прашањата, а вие го избегнувате одговорот. Тие деца на улица ги донесе токму вашето решение на вашата Влада и на вашиот премиер за формирање на една паралелка во основно училиште. Граѓаните во Битола се поставени на столбот на срамот во претходната недела дена затоа што излегле на улица тие деца.

Немојте госпоѓо така да манипулирате со јавноста за да можете вие да добиете некои поени, за кои што целата одговорност ја сносите токму вие и вашата Влада и вашата некоординираност. Затоа тука да им се извините на граѓаните на Битола за сите навреди што ги искажавте како ксенофобичен или уште не знам каков се неграт и уште опозицијата да биде виновна за некој што излегол на улица.

Мислам дека не е коректно и дека треба да се држиме до правилата на игра. Очекувам и од вас како Влада за се она што го правите добро е добро, но тоа што не чини и што сте згрешиле немојте вашата одговорност да ја префрлате на опозицијата.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали има коментар госпоѓа Шеќеринска.

РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:

Јас само се обидов да одговорам колку што можам конкретно на некои од конкретните прашања кои што ги поставивте. Кој знае за она што Владата донела после тоа различна одлука од она што ја донел министерот. Меѓутоа мислам дека не треба да ја заоструваме понатаму работата. Ако ги погледате стенографските белешки на тоа што вие го кажавте и тоа што јас го кажав ќе видите дека квалификациите кои што вие сакате да ми ги ставите во уста јас апсолутно не ги употребив, ниту нкој од колегите во Владата, дека всушност е ваша фабрикација, а не беа кажани ниту на оваа ниту на други седници. Никој овде не зборуваше ниту за ксенофобија, никој овде не обвинуваше некого. Јас само кажав дека и за ова прашање треба да водиме сметка да не ги дигаме тензиите ниту во Битола ниту надвор од Битола. Како што гледате едно прашање во Битола може да предизвика пожари или во Скопје, може да предизвика пожари и на други места. Сметам дека на прашањето треба да пријдеме рационално, да му пријдеме како на прашање кое што

е образовно и кое што така треба да го решаваме и на прашње кое што сите не засега.        Јас апелирав само до пратеникот да прифатиме еден таков тон на расправа, а апсолутно немав намера ниту пак се обидов да носам квалификации за граѓаните на Битола, или за било кои други граѓани, туку пред се на политичките партии и пратениците и министрите кои се наоѓаат во оваа сала.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Министерот за образование, господинот Азис Положани сака да додаде нешто.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Иако од страна на пратеникот се спомена моето име или врзано решение за мое име, а мислам дека релацијата би била покоректна ако ми се обратеше мене со тоа прашање, а не на луѓе кои не се тука и кои не се со закон надлежни за оваа работа.

Имен, точно е тоа дека кога се носат одлуките врзани за активностите кои што беа спомнати, тоа се ингеренции кои треба да ги реализира министерот и врз основа на таа одлука која произлезе од одредени побарувања таму беше донесена таква одлука, која потоа, и пред да донесе Владата, од моја страна беше ставена во мирување, затоа што тоа беше едне придонес кон неконфликтното, кон нивноти, како сакате сфатетего решавање на проблемот, бидејќи тоа го надмина веќе образовниот контекст на проблемот и сигурно со една таква одлука, која јас и претходно сам јас дадов таков правец на резвојот на овие работи, со што сакав да придонесам да се надмине проблемот на начин на кој навистина имаме потреба сите ние да ги надминуваме состојбите.

Во овој контекст мислам дека нема тука кој губи кој добива, или кој какви одлуки носи, да се повикуваме чии грешки се, какви грешки се, ќе се види во иднина, но се што правиме правиме во правец на реализација на законското право на заедниците, или на било која јазична група во областа на образованието, а притоа нормално ние не сме подготвени таа реализација да биде по цена на дестабилизација или по цена на злоупотреба на таквите решенија од одредени сегменти кои веројатно имаат потреба подолго да размислуваат за потребата за прифаќање на образованието, како јавно, како општо добро за сите нас и за доброто на Македонија.

Навистина тука мислам дека нема потреба од понатамошни политикански разговори, затоа што мислам дека се што правиме правиме за доброто на сите граѓани, без разлика кои се тие, па и за доброто на Битола.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Второто прашање беше упатено до господинот Муса Џафер, а во негово отсуство...

СПИРО МАВРОВСКИ:

Имам коментар на господинот Азис Положани.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Неговото обраќање беше во функција на дообјаснување на прашањето, така што секој од министрите има право да одговори. Се е тоа во функција на дообјаснување.

Сега ако може на второто прашање да одиме, па вие потоа ќе се искажете.

Второто прашање беше за потпретседателот Муса Џафери, дали вие би одговориле госпоѓо Шеќеринска.

РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:

Искрено да кажам не би можела да одговорам, бидејќи тоа повеќе наликуваше како на прашање упатено до ДУИ отколку до потпретседателт. Ќе имаме прилика откако ги видиме стенографските белешки и потпретседателот Џафери можеби подобро тоа ќе го одговори.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Мавровски останува да добиете одговор по писмен пат.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Нормално да добијам одговор во писмена форма и да се заблагодарам на министерот што го даде објаснувањето за паралелката во Битола. Јас него не го прашав, добро е што кажа.

Уште една работа. Формално правно тоа е се во ред, но фактички паралелката продолжува. Мислам дека фактичката состојба е она која што треба во моментот да се види.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Третото прашање беше упатено до министерот Хари Костов, односно имаше една серија потпрашања, повелете.

ХАРИ КОСТОВ:

Јас ќе се обидам да се снајдам во таа серија потпрашања.

Најнапред би сакал да кажам дека во изминатиот месец и неколку дена од зголеменото полициско присуство во Кумановско-Липковскиот регион бројот на различни криминални активности и нарушувања на јавнито ред и мир, пукање со оружје и т.н. во овој месец е намалено за повеќе од 85% во однос на претходниот период. Имаме точни информации дека дел од некои криминалци кои биле во тој регион повеќе не се наоѓаат во Република Македонија . Исто така како што имало нелегални влегувања во определени периоди сигурно некои од нив и како поединци нелегално пребгегале од Република Македонија . Меѓутоа, тоа не значи барем во сегашното Министерство за внатрешни работи, воопшто не е направен билокаков план, кој што има 4-та, 5-та, или 6-фаза. Ако имало во времето кога бил друг состав таму, па 6-тата фаза им бил заборавање, во оваа фаза, во овој состав на Министерството најмногу се прават планови до 3 фази.

Сакам да му кажам на пратеникот дека и покрај фактот дека можеби некој од тие бандити и криминалци се избегани од Република Македонија , криминалот не застанува. За сите тие, двајц, тројца, се распишани меѓународни потерници и тоа не значи дека некој ќе успее да се скрие во Косово, во Албанија, во Грција и т.н. Затоа што, имаме доста добра соработка со КФОР и со Владата на Република Албанија и веруваме дека нашите нарпори во тој дел ќе доведат дека тие луѓе за коисе поднесеникривични пријави и за кои што има меѓународни потерници, во соодветнов реме ќе одговараат пред лицето на правдата. Исто така, како што има, јас г-динот Мавровски пред некој ден го прашав, на пример, минатата недела имаше во Вест дека и ВМРО бара некој човек за кого што има меѓународна потерница, па го прашав г-динот Мавровски дали е барањето затоа што можеби не ја платил членарината во ВМРО во однос на платата која што ја имал, па сега бараат некои ненадоместени чланарини од претходниот период да им бидат надоместени. Меѓутоа и тој човек ако во моментов не се наоѓа во Република Македонија и неговито криминал не застарува, па така кога и да е ќе одговара пред лицето на правдата. Не постојат разлики во ставовит еоколу присуство на Конкордија, или новите меѓународни

европолициски сили во Република Македонија . Барем ние досега не можевме да видиме никаква разлика помеѓу она што имаше претседателот Трајковски или претседателот на Владата Бранко Црвенковски. Токму напротив, и кај едниот и кај другиот е јасен ставот дек ан а15 декември мандатот на Конкордија завршува. Впрочем, тоа е и став и на Меѓународната заедница, тоа е став во кој што и изминативе денови беа поддржани од Европската Унија и не постојат дилеми дека на 15 декември мандатот на Конкордија ќе заврши. Потоа, ќе следи, за што иофицијално Владата се обрати до г-динот Солана со официјално писмо и во начело барањето е веќе во начело одобрено, дека наместо Конкордија од декември односно од 1 јануари во Република Македонија ќе претстојува таканаречена Европска полиција, екипа, околу модалитетите и околу бројот сеуште се разговара, меѓутоа екипа која ќе биде, главно, за помош и подршка на реформите кои што треба да се извршуваат во МВР и за интегрираното гранично управување и т.н. Според тоа, во тој дел не постои никаква разлика помеѓу надлежните државни органи околу завршувањето на мандатот на Конкордија и нејзина замена со вакви европски полициски сили. За жал, засега во случајот околу Арачиново и со палењето на некоиод куќите до сега немаме опипливи сознанија кои што би можеле да не воведат, да не носат до сторителот на евентуалните такви запалувања на куќите. Така , немаме некои податоци кои би ги изнесувале на некоја затворена седница или затворен одгвор, како што пратеникотпобара.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Мавровски дали сте задоволен од одговорот?

СПИРО МАВРОВСКИ:

Господинот министер кажа дека пукањето е намалено за 85% во Кумановскиот крај, но еве синоќа видовме дека во центарот на Куманово со автоматско оружје повторно се пукаше. Не слегоа тие во Куманово, па ние да ги бараме по планините.

Друго, не очекував дека министерот како министер ќе се информира од дневните весници, посебно од “Вест”, мене досега не ме прашал зошто ВМРО барал некој човек кој не е моментално водржавата, мислам дека како минситер ќе помогне да се најде човекот и да се донесе и ако извршилнекои престапи, нека биде осуден тука во Македонија.

Во врска со вториот дел од прашањето за силите Конкордија, мислам дека во ред е објснувањето од г-динот министер, а за Арачиново еве нека биде поставувањето на оваа стража од 20 луѓе , можеби ќе донесе и некои подобри

информации за палењето на куќите и ќе дојдеме до некои поопипливи сознанија и во Министерството и ние како пратеници за случувањата во тој регион. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господин Костов.

ХАРИ КОСТОВ:

Бидејки, прв пат ни се поклопуваат интересите, дефинитивно ќе помогнеме тоа лице што и тие го бараат да се обезбеди во  Република Македонија , а ако не на крајот на криштата да ја плати членарината во ВМРО.

ЉИЉАНА ПОПОВСКА:

Во ред.

Одиме понатаму со псотавување на пратенички прашања.

На ред е господинот Јордан Михајловски.

ЈОРДАН МИХАЈЛОВСКИ:

Благодарам почитуван апотпретседателке, почитувнаи минстри и заменици министри во Владата, почитувани колеги пратеници, ќе поставам три прашања.

Првото прашање е упатено до Министерството за економија и се однесува на следново. Прашањето е мотивирано од еден значаен проблем за Републиката и за локалната економија на Крива Паланка, општина, општина од која доаѓам. Факт е дека пред неколку години од познати причини е затворен рудникот за олово и цинк “Тораница”. Притоа, без работа останаа 500 рудари и уште толку семејства без егзистенција. Востратегијата и плановите што и нашиот министер за економија јавно ги презентираше, стоеше опцијата дека проблемто со рудникот “Тораница” ќе се решава во пакет со комплексот на оловоцинковите рудници на територијата на Источна Македонија. Со оглед на тоа дека чувствувам дека во тој план не се раздвижува нешто конкретно, сакам да го прашам министерот за економија, дали таа опција дека во пакет ќе се решава проблемот за оловоцинковите рудници од Источна Македонија и понатаму е валидна. Дали веќе има , се навестуваат стратешки партнери и дали ќе оди на тендер продажбата во пакет. Едноставно, сакам да знам какви се активностите и дали има надеж за рестартирање на овој комплекс и за рестартирање на рудникот “Тораница” Тоа е првото прашање.

Второто прашање е упатено до Министерството  за транспорт и врски. Еден колега пред тоа постави прашање на оваа тема, тоа беше рпашањето за железничката пруга Куманово-Крива Паланка, изградбата до Девер-Баир, потегот до Бугарија. Меѓутоа, јас ќе кажам само дека , малку ќе го проширам прашањето за Коридорот-8, за кој можам да кажам дека е од стратешки интерес на Републиката, со оглед на тоа дкеа во него се содржат 4 сегменти и тоа енергетско поврзување, комуникациско поврзување, железничко и патно поврзување. Со оглед на тоа дека првите два сегменти, а тоа е енергетското и комуникационото поврзување има и конкретни резултати, видливи резултати оваа година, меѓутоа , патното и железничкото, а особено патното поврзување се некако запоставени. Со оглед на тоа дека деновиве имаше некои активности, а особено контакти министерот за транспорт ив рски со меѓународни субјекти, при што беше кажано дека можат да се обезбедат и странски поволни кредити и друга финансиска подршка од земјите во регионот, кои исто така се заинтересирани за ова, сакам да прашам, дали во однос на тие навестувања има нешто ново, дали тие навестувања се гарант, ќе може да се изгради и стратегија, конечно, работите на Коридорот-8 да започнат во догледно време.

Третото прашање е упатено до Министерството  за животна средина и екологија . Во програмата на Министерството за екологија , еден значаен проблем веќе е акцентиран, а тоа е изградбата на регионалната депонија за складирање на смет, која се однесува за Северо-Источниот регион односно за општините Крива Паланка, Куманово, Клечовце, Нагоричане, Кратово и други општини кои се наоѓаат во овој регион. Моето прашање е во однос на ова . Кога ќе започне со изградба оваа депонија, што е значајна од еколошки аспект и дали има конкретни активности. Кога сум веќе кај овој проблем од екологијата, имам уште едно потпрашање. Би го прашал минситерот, со ова што се случува во нашата земја од несоодветната амбалажа со коај буквално во еден грд колаж е покриена целата наша земја, полињата, патиштата и водотеците, особено до пластичната амбалажа, сакам да прашам дали Министерството за животна средина и екологија веќе размислува да ги прифати светските и европските искуства и да изгради соодветни стандарди и правила за употреба на еколошка амбалажа во  Република Македонија  . Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Првото прашање беше упатено до минситерот за екологија.

Господин Филиповски.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Во врска со Тораница, би рекол  и за другите два рудника, за Злетово и за Саса , изработен е елаборат со донација на Норвешката Влада. Тој елаборат е презентиран некаде на 10 септември, сега се работи на тендерската документација и очекувам дека тендерот за трите рудника ќе биде објавен некаде до средината на октомври, со тоа што нема да биде тоа во пакет, туку тоа ќе биде на едне тендер за секој рудник посебниуслови. Тоа значи дека може да се јават заинтересирани да купат поединечни рудници или можеби некој сите три.

Што се однесува до комплексот на олово-цинковата руда тука е и топилницата , со оглед на судските спорови кои се водат и кои се во тек, значи, тој дел засега не е завршен и неможам да предвидам кога тоа може да се заврши, тоа зависи од судските процеси. Значи, зборувам за трите рудници и очекувам дека до средината на октомври ќе бидат објавени меѓународни  тендери.

Што се однесува до тоа дали има заинтересирани фирми, ние ги имаме информирано сите наши амбасади надвор од  Република Македонија и внатре во Македонија кои се исто така амбасадите за намерата за продажбата за овие рудници, консултантите Лајоз Бриџ и Адам Смит институт, исто така, работат на комерцијализација од маркетиншкиот пристап, па се надевам дек аќе се јават заинтересирании инвеститори. Но за тоа ќе видиме откако ќе се затвори тендерот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Михајловски далис те задоволни од одговорот.

ЈОРДАН МИХАЈЛОВСКИ:

Му благодарам на исцрпниот одговор на г-динот министер. Задоволството ќе биде поголемо, кога ќе се вратат рударите во своите окна и кога ќе се рестартира рудникот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Второто прашање е до заменик минситерот за транспорт и врски.

ДЕЈАН КОШУТИЌ:

Во едно од одговорите пред малку ја спомнав билатералната средба која ја имавме со Бугарското министерство за регионален развој и јавни работи, така што Министерството за транспорт и врски заедно со Министерството  за  економија, пред се, ги прави сите можни напори за обезбедување на средства, инвестиции кои

ќе овозможат Коридорот-8 да биде реалност. Од тој аспект на таа билатерална средба го потпишавме протоколот, министерот Филиповски го потпиша Протоколот за соработка, трговско-економска соработка со Република Бугарија, меѓутоа, битниот сегмент на тој Протокол, беше и овој инфраструктурниот.

Втората активност беше од министерот за транспрот ив рски г-динот Милаим Ајдини кој го потпиша во името на Владата декларацијата во Бари, во која декалрација и другите министерства на земјите кои се ослонуваат на Коридорот -8 , ги дадоа координатите врз основа на кои стратегијата за тој Коридор-8 ќе продолжи понатаму. Од тие причини по потпишувањето на декларацијата, отворена е и канцеларијата во која ќе се организира оперативниот дел за Коридор-8. Бидејќи, Коридорот-8, за разлика од Коридорот-10 е малку во понеповолна ситуација, затоа што, пред се, железничкаа инфраструктура не ни е комплетна, патната инфраструктура, пратениците знаат и јавноста дека имавме потпишување, пред се, на договорт со Европската банка за развој за Северната обиколница околу Скопје, така што најголемито проблем ни претставува завршувањето на железничката инфраструктура. Меѓута, сметаме дека заедно со нашите колеги од министерствата, пред се од Министерството за регионален развој и транспорт и врски на Бугарија, ќе имаме сили и ќе најдеме разбирање кај европските институции за изнаоѓање на затворањето на финансиската конструкција за тој дел на Коридор-8.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали сте задовоелн со одговорот г-дине Михајловски.

ЈОРДАН МИХАЈЛОВСКИ:

Му благодарам на заменик министерот на исцрпниот одговор, само сакам да го потсетам на една обврска дека ние во Крива Паланка се соочуваме со еден голем проблем, заради недостаток на планови на десниот брег Крива Река, градското подрачје, така што локалната самоуправа и граѓаните се наоѓаат пред проблем, што не можеме да го донесеме деталниот урбанистички план на градот и замолувампод итно овој дел од пругата што поминува низ Крива Паланка да биде дефиниран.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Одиме со третото прашање.

Министерот за животна средина и екологија Љубомир Јанев.

А, заменикот минситер за транспорт ив рски сака да дополни.

Повелете.

ДЕЈАН КОШУТИЌ:

Блгодарам на пратеникот што ме потсети. Имено, во делот на разговорите околу оформувањето на протоколот со ресорното бугарско министерство, како еден од битните стратешки моменти ги вклучивме и пограничните општини кон Бугарија. Од тој аспект и за железничката инфраструктура посебен дел е напомнат, всушност, е дел за кој пратеникот ова го спомнува. Тоа е поврзувањето на двете железнички инфра структури. Тука е и проектот околу изградбата на железничкито тунел, така што, тоа е се спомнато и прв пат ставено во еден протокол врз основа на кој понатаму работните групи ќе ги развиваат проектите и од наша страна се завршени, а доставенис е и до ресорното Бугарско минситерство.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Одговор на третото прашање министерот Јанев.

ЉУБОМИР ЈАНЕВ:

Согласно стратегијата на Министерството за решавање на проблемто со цврстиот отпат, а според таа стратегија решавањето на овој проблем ќе биде на регионален тип односно со изработка и егзистенција на 6 до 7 регионални депонии, отпочнат е проектот за изработка на студија за северо0источниот регион, во кој што регион спаѓа и општина Крива паланка. Значи, овој проект за изработка на студија е во почетна фаза, почнат е и со оваа стратегија ќе треба да се добијат границите на овој регион. Понатаму, ќе се добијат потенцијалните локации на една ваква регионална депонија и ќе се утврди начинот на менаџирање со оваа регионална депонија. Бидејки, ова е процес понатаму ќе се пристапи кон конкретна реализација на изработката односно отворањето на оваа регионална депонија. Меѓутоа, бидејки овој процес бара време и се разбира дека со изработката на студијата и изработката на самата депонија ќе потрае, а имајќи ја предвид состојбата на сегашната времена депонија во општина Крива паланка, во меѓувреме е реализиран еден заеднички проект помеѓу Министерството за животна средина, помеѓу локалната самоуправа и помош од Германската Влада, со кој што проект е извршена ревитализација на постоечката времена депонија во општина Крива Паланка, која што сега веќе има можности да работи според сите технички нормативи, кои што треба да бидат запазени при работењето на вакви депонии.

Инаку во однс на потпрашањето , се разбира дека состојбата со дивите депонии и на оние легални депонии, каде што веќе преовладува отпадот од типот на несоодветна амбалажа, како што е пластичната амбалажа го имаме предвид и при изработката на сегашната легислатива, посебново Законто за отпад, кој се наоѓа во завршна работна верзија и кој што ќе биде ставен во владина и во собраниска процедура, токму се зема предвид и третманот на ваквито отпад, амбалажа, која што е тешко или воопшто не е разградлива. Значи, во тој закон ќе бидат земени предвид и санкциони мерки, а и превентивни мерки од типот загадувачот плаќа. Исто и во законот за фондот за животна средина, кој што исто така треба да биде донесен до крајот на оваа година ќе бидат разработени конкретни мерки, кои ќто ќе придонесат за плаќање на одредени такси на вакви загадувачи, кои такси ќе бидат наменети во стимулирање на амбалажа, која што не ја загадува животната средина однсно се рециклира или пак се разградува.

Затоа и при собраниската процедура би ги замолил пратениците за една поддршка на вавките мерки кои што веќе се применуваат во останатите земји од Европа и во светот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Михајловски дали сте задоволен од одговорот?

ЈОРДАН МИХАЈЛОВСКИ:

Му благодарам на министерот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Прашање ќе постави госпоѓа Силвана Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Благодарам госпоѓо потпретседателке, почитувани дами и господа, претставници на Владата,

Неодамна имавме прилика да прочитаме во дневниот печат за започнатите, а според некои извори и веќе завршени преговори помеѓу Владата на господинот Црвенковски и Мајкро софт корпорацијата за обезбедување на софтвер кој што ќе го користи Владата. Бидејќи не сме информирани кој ги водел ваквите преговори и дали тие веќе завршиле, моето прашање ќе го поставам до Владата на

Република Македонија, бидејќи сметам дека е од суштествено значење за Република Македонија, ќе се обидам да ги дообјаснам моите потпрашања.

Најрпво, сакам да прашам дали е водено сметка дека со овој чекор Владата ги принудува останатите субјекти кои што соработуваат со неа, поради компатибилност со софтверот да користат производи на Мајкро софт. Потоа, дали во предложениот договор има клаузула која покрива, односно ја регулира повеќекратната извесна надградба на софтверот, дали има клаузула која го ограничува годишното менување на цената од страна на Мајкро софт, дали Мајкро софт се согласи да ги преведе сите свои производи на нашиот јазик и при тоа постојано да го одржува тој превод. Употребата на нашиот јазик секако ја прави употребата на софтверот многу полесна за корисниците, но можеби уште поважно е тоа што е многу лесна и за учење. Овде ќе напоменам дека веќе постои софтвер базиран на линукс платформата кој што е преведен и на македонски, а можеби и уште поважно е тоа што е безплатен, или многу поефтин од Мајкро софтовите продукти. Понатаму, дали Мајкро софт понудил да компензира некои од нашите трошоци за идните големи надградби на нивните продукти. Понатаму, би продолжила со сигурносните аспекти на овој договор. Какви гаранции даде Мајкро софт дека кодот кој што ќе го користи Владата на Република Македонија е без тројански коњи и задни врати. Дали Владата на Република Македонија е свесна дека со овој чекор и задава смртна пресуда на младата, но мошне активна линукс заедница во Република Македонија која до сега успеа во неколку акции во голем дел на македонски да го преведе интерфејсот на овој оперативен систем. Понатаму, дали Владата на Република Македонија е свесна дека на тој начин таа задава посредно силен удар на младата македонска софтверска индустрија која е од непроценливо, од огромно значење за Република Македонија. И зарем тоа не беше и ваша заложба, почитувани дами и господа, младите стручни кадри да ги искористиме овде во Република Македонија и да го спречиме нивниот одлив во странство. Ова е дотолку пострашно што и самиот премиер по едукација е од оваа бранша. Сметам дека е многу важно за Република Македонија да ја изгради таа софтерска економија во овој свет кој се смалува многу е лесно да се стане зависен од други земји. Значи, се откажуваме од одредени можности, бидејќи божем е поефтино, или полесно нешто да се купи од други земји, или пак можеби мотивите се сосема други за овој договор, можеби тоа е фирмата Семос која што е во

сопственост на сопругата на господинот Црвенковски и која што е Мајкрософтов партнер за едукација и безбедносни решенија.

Понатаму, ќе продолжам за безбедносните аспекти на овој договор. Што ќе се случи ако земјата од која што доаѓа Мајкро софт воведе ембарго кон Република Македонија, што ќе се случи ако тие земји ја употребат својата економска моќ и не присилат да правиме работи што не сакаме да ги правиме, што ќе се случи ако таа земја е нападната од друга земја и се случи некој терористички напад кој што ќе го оневозможи работењето на софтверската индустрија од која што ние зависиме и ако земјата во која што се наоѓа компанијата за софтверско производство одлучи дека нашата земја не треба да има најдобар софтвер за шифрирање или можност да создаде супер компјутер. Зошто таа Влада да одлучува што е добро за Република Македонија.

На крајот нешто што е исклучително важно по мене. Дали е свесна оваа Влада каков удар со тоа му задава и на македонското компјутерско образование. Универзитетите не треба да предаваат предмети базирани на продукти кои што се менуваат секоја година, тие треба да предаваат предмети базирани на напишани и отворени стандарди и основни принципи. Ваков вид на образование ќе остане кај нашите студенти во далечната иднина. Во прилог на ова употребата на слободните и со отворен код оперативни системи во образованието на студентите им овозможува тие да видат како е изграден вистински оперативен систем, почнувајќи од џебни системи, се до супер компјутери им овозможува на студентите да бидат образувани на оперативни системи кои што се користат од 1/3 од сите сервери во светот денес и кои брзо се шират на територијата на компарациските дестоп машини. Студентите со можноста да го видат изворниот код ќе можат да осознаат не само како работи оперативниот систем и како да го администрираат, туку и зошто така работи. На крајот на краиштата, зошто Владата на Република Македонија ги игнорираше сите укажувања на компјутерската заедница во Република Македонија, а ако пак како причина за потпишувањето на овој договор го земате тоа што Мајкро софт има веќе етаблиран систем на школување, да не заборавиме дека во Република Македонија во 10-тина центри повеќе од една година функционира и експерт европскиот компјутерски пасош, кој во Европа е мошне ценет систем на едукација и сертификација од обласа на корисничките и оперативните системи како за Мајкро софтовите платформи, така и за линукс програмата. Тоа го зборувам, бидејќи работев во една таква институција, во еден таков центар за едукација и

преквалификација на возрасни. Но, да не должам многу, само ќе спомнам дека повеќе земји кои што својата администрација и едукација не ја потпираат на мајкро софтовите продукти, туку на продукти базирани на слободен софтвер помеѓу кои што се и Јапонија и Германија која што само во Минхен има 25.000 компјутери во градската управа не користат мајкро софтвер, тука е и економското чудот Малезија и многу американски сојузни држави. Меѓутоа, се разбира никој од овие земји нема премиер кој што е дипломиран електро инженер по информатика и автоматика и чија што жена е сопстевеник на главниот партнер на Мајкро софт во Република Македонија , тоа е фирмата Семос. Секако дека ако вакво нешто се случи во други земји, тогаш премиерот сигурно до сега ќе си бараше ново работно место.

На крајот, морам да нагласам дека за потребите на ова пратеничко прашање имам користени делови од отвореното писмо на Џохал, директор на Линкус интернешенел до македонската Влада кое што е објавено на интернет страниците и информациите исто така од сајтот на слободен софтвер Македонија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ова прашање беше упатено до Владата на Република Македонија. Ќе одговори потпретседателката госпоѓица Радмила Шеќеринска.

РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:

Бидејќи прашањето содржеше многу тези кои што покриваат области образование, економија, монополи, мислам дека ќе биде добро да одговориме и писмено како Влада. Меѓутоа, би сакала да расчистам неколку работи за де не се создава ваков непотребен сомнеж, дури би рекла параноја. Најпрвин, лошо е доколку Владата на Република Македонија и некои од пратениците, или Владата на Република Македонија и некои од ругите институции во државата комуницираат како потпароли на други компании. Мислам дека тоа не треба да го правиме . Ниту Владата треба да брнаи позиции или мислења на една компанија во софтверската индустрија, или друга. Тоа мислам дека не е добро кога го прават и пратениците.

Би сакала многу јасно да кажам што до сега се случува во Владата на Република Македонија во делот на прашањето кое што беше покренато, а тоа е односите, или можниот потпишан договор со Мајкро софт корпорацијата. Од страна на Мајкор софт корпорацијата на Владата на Република Македонија и беше во прва фаза понудено писмо за намери со кои би се остварувале преговороите кои што Владата на Република Македонија би ги водела со Мајкро софт компанијата. Значи, во оваа фаза во Владата на Република Македонија работи работна група која што

даде некој иницјален извештај кој што ќе го разгледуваме на следната седница, или на некои седници на Владата на Република Македонија или во кое што се поставени основите на разговорите кои што ги воделе со оваа Компанија.

Понатаму, што ќе се случува во разговорите, на кој начин и дали ќе стигнеме до таканаречен стратешки договор е прашање кое што сеуште не може Владата на Република Македонија да го одговори, впрочем заради тоа постојат и вакви преговори, заради тоа постои потпишување на писмо на намери. Меѓутоа, во ниту еден случај без разлика на тоа каков е исходот од овие разговори не може да стане збор за создавање на некој монопол, или за создавање на односи помеѓу Владата на Република Македонија и некоја компанија која што би ги исклучила другите софтверски гранки, или другите софтверски компании. Во ниту еден случај не може да стане збор за аранжман кој што како што се кажа во овие тези би ја уништил софтверската индустируа. Она за што во ваков договор би станувало збор е да се легализира софтверот кој што денеска се користи, претпоставувам и во оваа зграда, а кој што е мајкро софтер, значи не е некој друг и кој што во голем број дури и на државни институции не е лиценциран. Значи, се работи за пратски копии, односно пиратски софтери. Тоа се вклопува во борбата на Владата на Република Македонија која што е навистина еден од нашите приоритети не само за развој на странските инвестиции и развој на економијата, туку и за нашето приближување кон Европската унија што е незамисливо доколку не дадеме гаранции за почитување кон Европската унија што е незамисливо доколку не дадеме гаранции за почитување на авторските, линдустриските права. Значи, регулирањето на прашањето на софтвер и тоа не е пиратски, туку регулиран, лиценциран софвер е прашање кое што Република Македонија мора да го реши. И ако во Република Македонија кај огромен број корисници тој софтвер во компјутерската индустија е мајкро софтвер, тогаш ние имаме интерес да ги регулираме тие односи, односно да го регулираме прашањето на софтверот. Се разбира дека она што го нуди во овој момент мајкро софт корпорацијата е не само да го решиме прашањето на легализирање на овој софтвер, туку и да го решиме прашањето на нивно инвестирање во македонски софтверски фирми за понатамошен развој на апликативни решенија, нешто што ќе биде плус за софтверската индустрија во Република Македонија и се разбира инвестиции, или помош на образованието. Тоа се разбира нема да значи мајкросовизирање на образованието како што овде беше наведено. Тоа нема да ги тангира образовните програми кои што се спроведуваат според до сега договрени

програми, меѓутоа ќе им овозможи на оние образовни институции кои сега користат мајкро софт софтвер, тоа да го прават со лиценциран софтвер и со софтвер кој во текот на времето ќе се надградува со најновите верзии.

Би сакала да го кажам и следното. Ако не беше така, тогаш зошто на пример едно од министерствата на Владата на Република Македонија во 2002 година, ако на 2001, значи Министерството во Владата на Република Македонија под раководство на ВМРО-ДПМНЕ не донесеше одлука да купи околу 1.700 лиценци на мајкро софт софтвер, без при тоа да се постави прашањето на Линукс, без при тоа да се постави прашањето на некои други оперативни системи и тоа по пазарна цена која што е далеку, далеку поголема отколку онаа која што би ја постигнале со некој стратешки договор со Мајкро софт. Значи, не само што ете, се избрал Мајкро софт софтверот без да се земат предвид забелешките кои што сега доаѓаат од пратеникот, туку и тоа е направено по цена еднаква на онаа што ја добивате ако влезете во куќан и добиете за една копија, значи многу, многу повисока цена на Пазар. Да нема дилеми, бидејќи овде се имплицираа многу работи дека одлуката на Владата на Република Македонија била иницирана од тоа што сопругата на премиерот била сопственик на Мајкро софт партнер, прво тоа не е точно. А вотор, ако е тоа така, тогаш претпоставувам дека пратеникот мисли дека нашиот премиер е толку влијателен што заради своите бизнис интереси успеал да ги убеди и владите на Србија и Црна Гора и Владата на Хрватска, и Владата на Словенија која што втор пат потпишува ваков договор на Бугарија, Романија итн. Точно е дека постојат и други опции, тие ќе ги имаме предвид. Меѓутоа, точно е дека во Република Македонија со онаа компјутерска образованост која што ја имаме најголемиот дел од тоа образование е свртено кон Мајкро софт оперативниот систем. А ништо не е донесено како одлука, целата процедура на носење на одлуката и преговорите онолку колку што можат да бидат преговори транспарентни ќе се одвива целосно транспарентно. На крајот и Владата на Република Македонија и Собранието на Република Македонија, се разбира и јавноста ќе бидат известени. Меѓутоа, да не влегуваме во замкаа исто така на бизнис интереси и однапред да носиме одлуки дека едно ќе биде победа, а друго ќе биде смрт за софтверската индустрија, или за македонската економија. Мислам дека овие анализи треба да ги правиме многу постручно и заради тоа работата барем во Владата на Република Македонија ја насочуваме кон работни групи кои што ја знаат оваа работа, да ги разгледаме сите аспекти, да земеме предвид дека Мајкро софт е компанија број еден во овој дел,

дека тоа дали Република Македонија ќе се одлучи да го лиценцира Мајко софт софтерот, или некој друг софтвер да купи, нема да ја одлучи судбината на  Мајкро софт корпорацијата и на крајот на краиштата да не влегува во размислување што ќе биде ако САД прогласат ембарко на Република Македонија. Мислам дека тогаш политичките и економските импликации ќе бидат многу, многу поголеми отколку импликациите врз компјутерскиот бизнис.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Госпоѓа Бонева, дали сте задоволни од одговорот?

СИЛВАНА БОНЕВА:

Ќе бидам задоволена кога навистина написмено госпоѓица Шекеринска и Владата на Република Македонија ќе одговорат навистина на сто она што го наведов во моето обраќање. И ќе кажам дека не станува збор за  параноја и уште помалку дека сум портпарол на некоја компанија. Зборувам од мое лично има, госпоѓице Шеќеринска и зборувам од тоа што го најдов на сајтовите, меѓутоа и од искуството што го имам и во семејството и во институцијата каде што работев и знам многу експерти по информатика со кои што сум разговарала, а во исто време и на сајтот што можеме да прочитаме на македонските експерти кои што навистина се побунија против ваквиот правец на решавање на проблемите. Се надевам дека ќе ги земете во предвид посебно нивните укажувања, укажувањата на експертите од оваа област за доброто на развојот на македонската економија во овој дел.

РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:

Оваа забелешка апсолутно ќе јаземеме предвид. И досега консултациите се правеа со експерти од оваа област, тоа ќе биде и понатаму. Меѓутоа, точно е дека никој нема право да го монополизира терминот експерт. Во вакви области како што и во многу други ќе имате различни експертски мислења за едно прашање. Така што не може да кажеме дека се ова друговор е нееспертско, а некои од експертите кои што се изнесоа во јавноста со некои негативни мислења, дека само тие се експертите кои што постојат во Република Македонија. Можеби ова пратеничко прашање ќе биде позитивно за да и во јавноста се развие дискусија околу оваа тема. Меѓутоа, да не влегуваме во шемата на тоа дека е црно, или бело. Има аргументи за и против. Мора македонските интереси да го идентификуваме и да ја донесеме одлуката на тој начин. И компаниите ќе имаат свои бизнис интереси, тоа е легитимно право. Ние

ќе имаме право и обврска да ја донесеме одлукатакоја што најповеќе ќе одговара на македонските граѓани и во делот на софтверот во државната администрација и во делот на можните инвестиции во економијата и во делот на развојот на софтверската индустрија, па и во делот на образованието, а се разбира и сите други свери.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Прашање ќе постави господинот Хусеинџеват Хусеини.

ХУСЕИНЏЕВАД ХУСЕНИНИ:

Почитувани министри, почитувани колеги,

Прашањето е до Владата на Република Македонија Ѓ, иако треба да го поставам до министерот за економија. Тој ми рече дека не може во оваа област да ми помогне. Дали може и како може Владата на Република Македонија да има надзор вез работата на приватните претпријатија, затоа што тие со своето дејствување влијаат негативно во нашите објективи како Влада. Исто така, на директен, или индиректен начин и во безбедносната состојба. Да бидам поконкретен, попрецизен. Претпријатието Еуро табак кое не е целосно приватизирано имало албански дистрибутери и македонци. Во двата последни месеци таа одбива да соработува со албанецот кој ја врши оваа работа 12 години, која му е единствена професија, додека го фаворизира македонецот дистрибутер.

Да бидам попрецизен, се работи за фирмата ПВЦ, вакви фирми има повеќе, сите обврски кон државата ги има извршено навреме. За мене, ова има конотација на економска дискриминација, што е лошо. Но, полошо е дека овој вид на монопл дозволува некому да има голем обрт, што му дозволува на дистрибутерот да плати една рента на оној кој го дозволува овој монопол.

Не се работи само за ова. Нешто слично имаме и кај другите фирми како Мобимак и Космофон, кои што во своите претставништва во Тетово имаат вработено многу малку албанци. Тука не треба стручњаци, а пак корисниците се 80% албанци. Ова се прави и со телефонските картици на Мобимак, кој единствен дистрибутер е од Скопје, па од Тетово мора да патува во Скопје да земе картон со картички за да ги продава во Тетово и Дебар, како дистрибутер од трет или четврти ред.

Мислам дека оваа Влада, доколку сака и доколку има можност може да ја регулира оваа работа, дека албанците не се вработуваат како буџетари, на пример, за што се трудиме, но треба и во производството. Да се вработат и на овие

работни места. А, се знае дека приватизацијата во Западна Македонија се направи во прилог на директорите кои во тоа време беа македонци. Како ќе ги вработиме албанците? Ова е првото прашање.

Второто прашање е до министерот за култура.

Би сакал да имам подетална информација по однос на буџетските трошоци од страна на Министерството за култура за годината пред оваа коалиција да дојде на власт и за тековната година, со цел да имам аргументи да тврдам дека министерот и актуелното министерство ги третира на многу поадекватен начин албанската култура и другите немакедонски култури.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Првото прашање е упатено до Владата, ќе се обиде да одговори министерот за економија господинот Филиповски.

Повелете.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Со почитуваниот пратеник јас имав една средба, мислам пред еден месец, заедно со дистрибутерот кој вршел дистрибуција на цигари, се работи за дистрибуција на цигари од Тутунскиот комбинат - Скопје. Порано имало два дистрибутери и сега се определил за еден дистрибутер. Со оглед на тоа што Тутунскиот комбинат - Скопје е приватизиран, јас му одговорив на почитуваниот пратеник дека навистина јас не можам никаква мерка да преземам за тоа да се направи, да се реализира дистрибуцијата преку другата фирма. Се работи за приватни интереси на приватни фирми. Во тој дел сакам уште еднаш и овде пред Собранието да потврдам дека Министерството за економија или министерот за економија нема никакви надлежности во приватните фирми да бараат кој да биде дистрибутер и кој да се вработи.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали е задоволен од одговорот господинот Хусеини.

ХУСЕИНИ ХУСЕИНЏЕВАТ:

Задоволен сум.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

На второто прашање ќе одговори заменик министерот за култура Мелпомени Корнети.

МЕЛПОМЕНИ КОРНЕТИ:

На прашањето на обемот на буџетски средства што се користат за програми на културите на заедниците во Република Македонија во моментов се разбира не можам да дадам прецизен одговор, прецизен бројчан податок. Тоа ќе го добието во писмена форма. Особено што, колку што разбрав, првиов дел од прашањето се однесува на распределбата на средства од претходната власт.

Меѓутоа, можам да кажам од тоа што во текот на годината се работеше, како една од позначаните ставки е ставката за издавачка дејност и дека во неа, значи во Програмата за издавачка дејност за 2003 година проекти на јазици на заедниците беа финансирани со околу 20% од вкупните средства наменети за издавачка дејност. При што, се разбира беа доминантни издавачките зафати на албански јазик.

Што се однесува до тоа што во другите области се работи во текот на годината, во моментов правиме преглед и извештај. Мислам дека ќе можеме добро да ве информираме за некоја од наредните седници.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Господине Хусеини дали сте задоволни од одговорот.

ХУСЕИНИ ХУСЕИНЏЕВАТ:

Задоволен сум и благодарам на госпоѓата заменик министер.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Одиме понатаму.

Прашање поставува господинот Ружди Матоши.

РУЖДИ МАТОШИ:

Благодарам почитувана потпретседателке.

Јас имам три прашања, едното за Минстерството за образование, или пак во целост за Владата, едно за Министерството за одбрана и едно прашање за Министерството за култура.

Што се однесува до Мнистерството за образование или Владата, ме интересира зошто Владата не го применува Законот за средно образование на албански јазик  во Битола и во Скопје.

Значи, како што се знае ова е еден проблем, истакнат проблем и конкретно немаме некој сериозен пристап кон оваа проблематика. Кога велам дека нема сериозен приод, ова го засновам на многу факти. Посебно на фактите што ги дава власта, изјавата на заменикот министер за образование дека по повлекувањето на одлуката, тој рече дека се подобри грешката, значи која грешка е исправена?

Истовремено, аргументите што ги даваат директорите на училиштата и надлежните органи во образованието, дека наводно пречка за да се учи во училиштетото “Гоце Делчев”, во просториите на ова основно училиште е возраста, каде не се согласува возраста на учениците од средното и основното образование. Што значи дека ова не е некоја причина.

Иако се најде друга локација, повторно излегоа несоодветни аргументи само со една цел, учениците од средното образование на албански јазик во Битола да не учат на мајчин јазик. Ова е исклучително лоша глетка за Македонија, но и за власта, кога знаеме дека сите треба да работиме да ја интегрираме земјата во евроатланските механизми. Со овие дејствувања и оваа неподготвеност да го решиме проблемот во Владата, токму се пречи и го расипува имиџот на Републиката наспроти овие институции. Се чудам каков е залогот на политичкиот маркетинг оваа Влада со изјавите на Герасимовски, заменикот министер за образование дека - грешката ја поправивме.

Второто прашање е до Министерството за одбрана:

Војската на Република Македонија има обврска да се интегрира во НАТО. Првенствено ја има изградбата на структурата на Армијата, посебно во командните структури и административните структури, да се постигне процентот. Имаме една екипа офицери на Република Македонија во НАТО, каде се сите македонци. Зошто нема ниту еден албанец.

Третото прашање е до Министерството за култура.

Националната праграма за култура најмалку ги опфаќа, најмалку се вклучени тие институции што беа вклучени во претходната програма, како што беа

вклучени Театарот во Тетово, Галеријата во Тетово, Албанскиот театар во Скопје, Ансамблот “Емин Дураку” од Скопје, Филмската продукција за филмови за албанската култура, тука имаме 0% и кога се мисли да се инвестира во изградба на некоја културна институција во Западна Македонија? Што стана со проектот за Библиотеката во Тетово?

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Првото прашање беше упатено до Министерството за образование или до Владата.

Ќе одговори министерот за образование, г. Положани.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

На почетокот прашањето беше поставено зошто не се спроведува Законот за средно образование во Битола и Скопје. Потоа е елаборирано од страна на г. пратеник.

На почетокот би кажал дека немаме иста ситуација и нема иста состојба кога се работи за Битола и за Скопје.

Како прво, сакам да кажам дека во Скопје, не само што се почитува Законот за средно образование, дека во основа на тој закон и нашите заеднички ангажмани што ги правиме во Скопје се отворени голем број на паралелки, што е уште во тек, за што ќе можам подетално да информирам и писмено ако треба за бројот на паралелки што оваа година се отворени според Законот за средно образование. Со тоа се овозможува простор на сите кои сакаат да се приклучат кон едукативниот и образовниот процес, и со тоа да се создадат можности за сите граѓаните, како што реков и на еден дел во претходното излагање, да се создаде можност да се исползува од образованието за секого, како универзална вредност за доброто на човекот и на земјата.

Затоа мислам дека случајот поврзан со средното училиште “Арсениј Јовков”, не е неимплементирање или неспроведување на закон, туку е неусогласување во склоп на училиштето на можностите и потребите и просторните можности и хармонизација на овие можности со претензиите и барањата на овие родители од една страна да се задоволат со тоа што ќе ја следат наставата во

своето матично училиште, а од друга страна на родители кои мислат дека во тоа училиште нема место за таа работа. Така што, како што реков, ова не е неспроведување или спроведување на закон, туку е во рамките на Законот хармонизирање на можностите во последните моменти, кое што хармонизирање е задоволување на побарувањата од албанската наставна група што ја бојкотираше наставата од почетокот на годината. Идеата е до решение да се дојде со разбирливи и взаемни комуникации, тоа решение да биде засновано врз аргументи и факти, за што мислам дека постојат, но треба и родителите меѓу себи и самиот директор да изнајде решение во потребната насока. Јас очекувам во таа насока, дека тука ништо не е спротивно на закон, не е спротивно на тоа што досега се работело, или помалку од тоа што досега се правело, но идеата е да се разгледаат меѓусебните потреби заедно и реализацијата на тие потреби да не биде проследена со активности што одат на штета и на образовниот процес, и на образованието во целина.

Во Битола, точно е тоа дека тоа е сосема друг проблем каде што реализацијата на едно право што исто така беше под ингиренции на Министерството за образование, текот на реализацијата на едно право беше проследено со активности што сигурно резикуваше не само реализација на ова право и самиот тек на образовниот процес, врзан со правата на албански јазик таму, тука целокупниот образован процес и целокупните состојби врзани со образованието и надвор од него.

Првото решение, нормално, беше базирано врз законот и Уставот и во вклоп на моите ингеренции за да се задоволи едно право, а другото решение нормално за спроведување што исто така е мое решение е за да се надминат таквите состојби, да не предизвикуваме нешто што сигурно не ќе овозможи реализација на тоа право, но ќе го оштети целокупниот едукативен процес, па како што имаме и знаци процесот во основното образование во Битола презеде еден таков чекор, што нормално го надминува контекстот на образовниот карактер, значи има влијание и од други околности, беше донесено во координација и во согласност со потребните фактори. Се смрзнаа активностите за целата оваа состојба да се надмине на мирен начин, на начин што ќе овозможи едно меѓусебно разбирање и изнаоѓање начини и патишта како тоа да се реализира и како да не дојде до натамошна деградација на образовниот процес во целина и посебно за одредената искажана потреба за паралелка на албански јазик во Битола.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Матоши дали сте задоволни?

РУЖДИ МАТОШИ:

Јас не сум задоволен поради фактот што овде се однесува со чекори преземени од Министерството за образование и одговорноста е и на Владата и на премиерот, дилетантни чекори, што значи без усогласување на факторите што ги спомна министерот зема одлуки. Ова значи дека е неодговорност.

Јас мислам дека треба да имаме еден регуларен приод што се однесува до овие феномени затоа што ова многу ќе ја чини Македонија. Немаме регуларен приод, кога станува збор за други проблеми, како што е проблемот во Шемшово, каде целата Влада се крена на нозе и нон стоп плачеше пред меѓународниот фактор дека треба да се регулира ова прашање. Додека сега, таа е нема. Глувонема. Не приоѓа на овие проблеми што земјата ќе ја чинат многу во растурањето на имиџот, кога се знае дека на Република Македонија и треба имиџ што рефлектира со добро разбирање, доверба и соживот.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Има збор г. Положани.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Јас ги сваќам и позитивните пораки од страна на пратеникот, но сепак мислам дека оваа Влада и министерството посебно направиле доста позитивни и афирмативни чекори токму во духот и во правец на афирмација на оваа нова политика и со нови можности во оваа земја. Мислам дека било која активност што е во функција на мирно решавање и на постојните проблеми во државата, што не се само овие, бидејќи веројатно на патот кон стабилизацијата, целосна стабилизација и на земјата и на регионот ќе има уште предизвици што мислам дека со методологија и метод на кој што се базираме ние и ги надминуваме сите, така што со полна почит кон сето изнесено и од страна на пратеникот, мислам дека сепак оваа Влада,

особено во образованието, направи доста респектабилни чекори и во потребна насока и во меѓународно признати насоки за што мислам дека и генерациите ќе бидат благодарни и на оваа земја, а и на сето она што го правиме во насока на позитивна реализација на овие настојувања.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

На второ прашање одговара г-дин Бучкоски, министер за одбрана.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Г-динот Матоши постави неколку прашања, но за разлика од неговиот колега Халими кој имаше прашања за вработените во администрацијата и во подрачните едници каде што реално бројќите ќе покажат дека состојбата не е розова и дека треба уште многу да се работи на сооветната и правична застапеност.

Во делот на структурата на АРМ оваа Влада може со гордост да се пофали дека најмногу направ, заедно со МВР, токму околу зголемувањето на процентот на застапеноста на припадниците на заендиците, пред се на албанската заедница. Но, бидејќи прашањето беше и дополнително, затоа што неверувам дека и г-динот Матоши не знае што се случува, затоа што на седницата во петокот, во нашата меѓусебна реплика и дијалог му кажував некои бројки за моменталната состојба со припадниците на албанската заедница во Македонската армија и зошто таа не е само македонска армија туку армија на сите граѓани на РМ.

Она што сакам да го знае е дека најмногу што во овој момент е битно за АРМ, соодветно и правично да бидат застапени припадниците на заедницата, во командните структури. Тоа максимално можно го користиме, тоа веројатно го знае, еден од замениците началници на Генералштабот е албанец, генерал. Во овој момент го подготвуваме вториот генерал, бидејќи се работи сериозно на ова. Нависококомандната школа во Турција се наоѓа полковникот Насер Седими, кој веројатно ќе биде еден вод новите македонски генерали. Во Мисијата која ја имаме со нашите сојузници, како дел од антитерористичката коалиција во Централната команда на Флорида, се наоѓа еден капетан Албанец, и поведена е постапката да имаме еден офицер или поофицер и во нашата мисија што ја имаме во Брисел, во НАТО. Верувам дека на 1 октомври ќе го промовираме и првиот албанец офицер или подофицер, кој ќе биде дел од воената мисија. Инаку, за негово потсетување, верувам дека тоа го знае, бидејќи пред десетина дена беше во Брисел, и воената и цивилната мисија делат исти простории, бидејќи е тоа заедничка мисија на РМ. Во оваа мисија заменикот на амбасадорот Нано Ружин е г-ѓа албанка и верувам дека со

тоа што во овој момент во најбитниот дел за нашето членство во НАТО ќе промовираме уште еден припадник од албанската заедница ќе покажеме искрено дека до 2007 година, ќе го оствариме она што го зацртавме. Но, бидејќи тоа не може да се направи преку ноќ, би апелирал и ДПА како најголема опозициона партија на албанската заедница во РМ, да ни помогне со афирмирањето на можноста во Армијата на РМ да се вклучат што повеќе луѓе од албанската заедница кои имаат завршено високо образование, бидејќи за нас се поразителни бројките дека на послендиот отворен конкурс за офицери каде што требаше да примиме оваа година 20 офицери албанци се јавија за жал само 3 албанци со завршено високо образование. Верувам дека на дополнителниот конкурс ќе се поправи бројката биејќи ние правиме и дополнителни напори се обидуваме во нашата евиденција да ги пронајдеме сите албанци кои се резервни офицери во Армијата на РМ, и нив да им понудиме можност со еден курс да го премостиме овој период каде што објективно не може да се поправат за 10 месеци состојбите кои во изминатите 10 години не биле на она соодветно ниво на кое сите посакуваме.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам господине Матоши дали сте  задоволен од одговорот.

РУЖДИ МАТОШИ:

Јас знам дека г-динот министер сето ова сака да го прикаже како добра волја на оваа Влада и на самиот него за измена на структурата, меѓутоа уште еднаш сакам да повторам дека претставува обврска РМ и Армијата на РМ, за членување во НАТО обврска е изградбата на командната структура и административната. И ние гледаме дека во оваа насока се јавуваат различни пречки, наизглед се чини дека нешто се прави но конкретно има пречки, за да се зодадат албански структури во рамките на Армијата на Република Македонија треба да има поголема транспарентност во однос на овие конкурси кои што ги спомнавте во однос на начинот на кој што се прават тие и обуките кои ги спомнавте со цел што е можно поскоро да се постигне тоа што сите го посакуваме.

За да се воспостави доверба од стртана на албанците во однос на војската, неопходно е во составот на командната структура односно составот да биде во согласност со Охридскиот договор.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали Бучковски, имате тука нешто да додадете.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Да, бидејќи тонот на кој сега разговараме, за разлика од петокот е многу поконструктивен, иако не сака да проговори, за пречките кои се објективни, не се субјективни, ќе му посочам неколку примери на г-динот Матоши.

Проблемот е објективен, бидејќи во овој момент и воопшто имаме проблем со соодветната и правична застапеност на албанците во администрацијата, затоа што процентот на албанци со завршено високо образование, кои чекаат работа, е минимален и се создава реален проблем за нивно вклучување. Веројатно сето тоа е рецидив за се она за што говориме. Затоа мислам дека е многу битно што и по отпочнувањето со работа на Штуловиот универзитет се пружа можност да се образуваат албанци што ќе можеме до 2007 година, што ние го имаме зацртано како рок, да ја поправиме оваа командна структура. Дека довербата во Армијата и воопшто во државата е подобрена покажува бројката на кандидати со завршено средно образование кои, за 90 места што ги имавме за подофицери се пријави една фантастична бројка од 800-тини млади албанци, што во овој момент, од нив 107 веќе го завршуваат курсот за подофицери, во Велес. Другите чекаат да започне следната обука на крајот од годината. Ова покажува дека непотребно се стравува дека ова не може да се направи. Но, евидентно е дека не може да се направи преку ноќ и нека не се грижи г-динот Матоши, командната структура ќе го отсликува бројот на населението, не само на албанската заедница туку на сите заедници, во оној момент кога сите посакуваме дека ќе станеме полноправни членки на НАТО.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Третото прашање беше поставено до преставникот на Министерството за култура.

На прашањето ќе одговори заменичката за култура Мелпомени Корнети.

МЕЛПОМЕНИ КОРНЕТИ:

Прашањето се однесуваше главно на инвестициони вложувања во објекти за културата на албанската заедница. Јас колку разбрав еден дел се однесува на проекции за наредниот период, да кажеме среднорочно и имаше неколку прашања кои беа конкретни.

Во однос на тоа што се планира на среде рок, би кажала дека сеуште не можам да соопштам поради тоа што во тек, односно на јавна расправа е националната програма за култура, како стратешки документ за развој. Понатаму ќе уследи утврдување на мрежата на национални институици и тогаш ќе можеме да

одговараме за тоа прашање вклучувајќи ги и институциите од областа на заштита на културното наследство, кои ќе произлезат од реорганизацијата на оваа дејност која е предвидена со Законот за културно наследство. Тој закон сега е во постапка, тече јавната расправа и до крајот на годината ќе се усвои.

Конкретно беше поставено прашањето за библиотеката во Тетово и за филмската дејност.

Околу библиотеката, јас незнам точно, каде е запрено, но знам дека се почнати подготовки за тоа. Но, со оглед на фактот што финансирањето ќе биде, да кажам од три страни, при што ќе учествува локалната самоуправа, донатор и Министерството, подготвителните работи одат малку побавно.

Во однос на филмската дејност, ќе кажам дека средствата за 2003 година, главно се наменети за довршување на филмови започнати во претходните години. Доколку тогаш биле прифатени проекти на албански јазик, тогаш и тие се финансираат. Доколку немало, тука, не можам да зборувам, бидејќи не е тоа дел од работата на овој состав, на Владата и Министерството. Меѓутоа, конкурсите по дејности, вклучувајќи ја и филмската дејност, завршија во текот на летото. Тие се разгледуваат комисиски. Така што финансирањето во 2004 година, односно, дали ќе се финансираат и дела на албански јазик ќе го знаеме кога комисиите ќе завршат со работа, со тоа што, се разбира, има критериуми за избор. Јас незнам колку конкурирале, од кој вид. Доколку ги исполнуваат условите на конкурсот, веројатно ќе бидат земени предвид. Значи тоа е програма за филсма дејност за 2004 година.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Г-дине Матоши дали сте задоволни од одговорот.

РУЖДИ МАТОШИ:

Да.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Објавувам пауза до 15,10 минути.

(по паузата седницата продолжи со работа во 15,30 часот)

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

(Да продолжиме со работа)

Според утврдениот редослед на ред е г-ѓа Лилјана Поповска.

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги пратеници.

Ќе поставам три прашања.

Првото прашање  се однесува до Министерството за транспорт и врски. Имено тоа ми е обврска од гласачите од првата изборна единица.

Господине заменик министер, дали сте запознаени со проблемот на жителите од Скопје, од Булевар Македонска Брига во Скопје, тоа е во источната индустриска зона, за нивниот проблем. Имено наскоро тие можат да останат без покрив на главата. Се работи за 37 семејства со од прилика 150 граѓани кои живеат во објекти кои не се влезени во урбанистичкиот план. Тие подолго време бараат легализација на своите градби во кои се населени во периодод од 1948 до 1964 година.

Идната недела е закажана седница на Советот на општина Кисела Вода за донесување на деталниот урбанистички план за овој дел од градот и доколку не се изземе овој дел од деталниот урбанистички план при постапката за донесување и доколку не се изнајде некое договорно решение, тие луѓе навистина остануваат на улица. Напоменувам дека луѓето се водаст на тие локации и во тие објекти и според катастарот, а зацртани се како корисници на тие парцели. Битно е и тоа дака тие објекти им се доделени од правни лица, на користење. Подоцна тие ги доградувале, надградувале, изградена е инфраструктура, сами си обезбедиле струја вода, телефон, светло, асвалт итн, во целиот тој  повеќедецениски период се обидувале да ги легализираат своите градби, плаќале данок на имот, и сите други давачки кои се неопходни во поглед на комуналните потреби.

Инаку, да го кажам и тоа дека на тоа место е предвиднео да се изградат станови. Предвидени се околу 1620 стана. Граѓаните прашуваат дали профитот на поединци може да биде над интересот на овие луѓе, за да имаат обезбедено елементарни услови за живот.

Прашањето е дали сте запознаени со проблемот на овие жители и доколку не сте дали би биле спремни да ги примите и евентуално да најдете заедничко решение. Тоа е првото прашање.

Второто прашање е до претставниците од Министерството за правда, а се работи за Законот за локални избори.

Ме интересира до каде е дојдено со подготовката на новата верзија на законот за локални избори. Посебно ме интересира од аспект на внесување на родовата квота од 30% на кандидатските листи за локални избори и од аспект на одредени механизми за санкционирање на семејното гласање, што од многу набљудувачи на наши претходни избори беше посочено како голем проблем во кој посебно се злоупотребени жените. Ова го прашувам затоа што токму пред една

година македонското женско лоби излезе во јавноста со барање за промена на Законот за локални избори, во оваа насока, по урнекот на законот за избор на пратеници, со кој обезбедивме поголемо учество на жените во овој парламентарен дом. Тогаш ми беше кажано од Министерството за правда дека до крајот на годината ќе треба да се изготви нова целосна верзија на Законот за локални избори и дека тогаш такви измени се предвидени.

Ме интересира до каде е со подготовката на овој закон и дали се земени предвид овие барања што веќе ги искажав.

Третото прашање го упатувам до Министерството за надворешни работи.

Ме интересира дали се води организирана грижа за македонското малцинство во другите земји и на кој начин.

Конкретно низ примери би кажала што е сторено на пример и до каде е со граничниот премин кај Стрезимир. Знаеме дека тој беше замислен како можност за околу 20-тина илјади горани од македонско етничко потекло, да можат да имаат непосредна комуникација со своите роднини во РМ, а и заради заживување на стопанските активности во тој крај, кои би биле секако во функција на стабилизација на регионот.

Значи, до каде е со преминот Стрезимир, бидејќи знаеме, граѓаните за кои наводно беше наменет, не беа задоволни и посочија дека треба да биде на друго место и на друг начин решен режимот на користење на тој премин.

Како второ потпрашање, дали Министерството за надворешни работи презеде нешто или има намера да преземе, во врска со проектот кој води директно кон асимилација на македонското малцинство во Североисточна Албанија и на Косово, се мисли на гораните. За тој проект дознавме од медиумите, проект со кој се предвидува македонски деца, уште од мала возраст да учат друг јазик. Ова навистина ме потсетува на еден непријатен настан, нешто слично што пред многу многу децении, во минатиот век се правеше во Грција, кога беа отворени таканаречените градинки фредерики, познати по тогашната кралица Фредерика, каде што македончињата од мали нозе се учеа на грчки јазик и на тој начин, практижно, иште од најмали нозе започнуваше нивната асимилација. Тогаш може би немавме национална држава која би се  грижела за тие луѓе. Меѓутоа во денешно време, при постоење на РМ, мислам дека е недопустливо да дозволиме да се случуваат такви процеси на асимилација кон македонското малцинство во соседните земји, а ние како држава да не реагираме.

Ме интересира, може би не сум информирана дали сме реагирале, или ако не сме, дали имаме намера да реагираме.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Првото прашање е упатено до Министерството за транспорт.

Повелете.

ДЕЈАН КОШУТИЌ:

Граѓаните нека достават писмено барање до Секторот за документирање и управување со градежно земјиште и тогаш ќе се види дали може да се изнајде законска рамка за легализација на нивните објекти.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали г-ѓа Поповска сте задоволни од одговорот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ова формално е во ред, меѓутоа, со оглед на тоа што овој вторник, значи за неколку дена е закажана седница на Советот на општина Кисела Вода, не сум многу сигурна дека оваа формална процедура ќе доведе до некој соодетен ресзултат.

Јас би била позадоволна, доколку може да се организира, уште утре  средба со иницијативниот одбор на таа група граѓани и да се види некако да се ургира пред самата седница на Советот на Кисела Вода.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Г-господин Кошутиќ.

ДЕЈАН КОШУТИЌ:

Добро, утре во 10 часот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

На второто прашање ќе одговори г-дин Гештаковски иако е доставено до министерството за правда.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Прашањето е до Министерството за правда, меѓутоа, се однесува и до Министерството за локална самоуправа од аспект на децентрализација.

Со програмата за работа на Владата и согласно со Програмата за децентрализација е предвидено измена и дополнување на Законот за локални избори, со една динамдика, првата фаза или предлогот за измена и дополнување на Законот да дојде во месец ноември, од аспект на усогласување, врз основа на

решенијата од територијалната организација, особено од решенијата кои ќе се наметнат од аспект на територијално регулирање на градот Скопје, и во тој дел во Програмата на Владата, сметам дека донесувањето е предвидено во 2004 година за месец февруари. Сигурно, покрај овие аспекти законот за локалните избори, треба да се усогласи со делот на новите решенија од Законот за избор на пратеници и од аспект како на органите на спроведување, укинување на избирачките легитимации и воведување на новиот начин и сигурно сум убеден дека Владата ќе води грижа и ќе ги предложи решенијата во делот како овластен предлагач од правда и решенија кои се усвоени за застапеноста на половите во Законот за пратнеици.

Сметам дека ова е динамиката да се води грижа и сигурно врз основа на изградениот став во Република Македонија на застапеност на државно ниво на припадниците на женскиот пол, сигурно би трабал и јас како министер да ги преставуваат на тој сооднос на локално ниво.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Дали сте задоволна од одговорот?

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Да многу сум задоволна. Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Третото прашање е до Министерството за надворешни работи. Ќе добиете писмен одговор.

Од опозицијата Трендафилов Ѓорѓи.

ЃОРЃИ ТРЕНДАВИЛОВ:

Моето прво прашање се однесува до Владата. Имено станува збор за свлечилиштето во град Велес, во месноста Рамнина. Ситуацијата барем според кажувањата на жителите на тој дел од градот станува крајно згрижувачка, затоа што во овој момент се загрозени поради лизгањето на земјиштето повеќе од 200 семејни куќи, а станува збор за куќи на сопственици кои ги имаат подмирено сите комунални обврски кон градот Велес. На неколку пати е инсистирано да се даде одговор до каде се испитувањата, дали воопто се готови резултатите и што воопшто планира да направи Владата, затоа што со оглед на временските прилики кој следат во месеците пред нас нивната загриженост е дотолку поголема, затоа што веќе првите куќи почнуваат постепено д се лизгаат. Со тоа ги загрозуваат и оние кои во овој момент можеби не им се заканува некоја непосредна опасност. Затоа тоа е моето

прашање и би сакал Владата да одговори дали постои финансиска конструкција за да се санира свлечилиштето во месноста Рамнина во Велес.

Второто прашање би го упатил до министерот за економија господинот Филиповски.

Повеќе вработени од велешката топилница која поради познатите настани повеќе месеци не работи. Би сакале да знаат што се случи со онаа слаткоречивост на  неколку министри од Владата на господинот Црвенковски, дека тие ќе ја освојат фабриката, особено нивната загриженост е зголемена после соопштението на Лондонската берза на метали кога тие, Лондонскаста берза на метали изјави дека апсолутно не гарантира за квлитетот и видот на металот кој се појавува како производ на Топилницата во Велес, и особено што веќе кон одредена група на работници кои најверојатно биле макссимално изманипулирани од тие еден до двајца слаткоречиви министри на господинот Црвенковски им се подготвуваат кривични пријави поради узурпирање и отуѓување на имот кој не е во нивна сопственост.

Моето трето прашање е упатено до Министерството за внатрешни работи.

“Дали Министерството за внатрешни работи ќе се потруди да ги врати во владение оние три објекти во Тетово, затоа што според одредени сознанија и укажувања групите militанти кои во овој момент и сеуште ги узурпираат овие три објекти се одговорни за одреден број криминални активности во околината и во самиот град Тетово, а и за подметнување пожари во македонски куќи во Тетовските села”.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Првото прашање е до господинот Љубомир Јанев, министер за животна средина и просторно планирање.

ЉУБОМИР ЈАНЕВ:

По однос на прашањето на господин Трендафилов, Владата на минатата седница расправаше по однос на Информацијата за свлечилиштето Рамнина во Велес по Информацијата од Министерството за животна средина и просторно планирање, токму како последица од изработениот елаборат, кој што требаше да даде подетална информација за целосно испитување на самото свлечилиште од стручен и технички аспект и да бидат предложени исто така, од технички поглед

можни решенија и динамика на реализација на тие технички решенија во однос на санирање на свлеилиштето Рамнина.

Како заклучок на Владата, беше информирано оперативно тело на кое што чело сум јас и тоа оперативно тело ќе биде состзвено од претставници од повеќе министерства од општина Велес, од комуналните претпријатија кои се занимаваат со оваа проблематика во општината Велес и од стручни лица од институции, како што се од Градежниот факултет ГИМ изрботувачот на елаборатот, кој што од понеделник ќе почнат активно да работат со проблемот свлечилиште Рамнина.

Значи од понеделник имаме закажано состанок на кој што треба да се предвидат динамиката на изведување на работите и финансиските средства кои што ќе бидат вложени како оваа година, така и наредната година, а се разбира, бидејќи проблемот е таков голем дека вложувањето и динамиката на овие средства ќе трае подолг временски период.

Според изработениот елаборат најверојатно и во самите сегашни буџети за 2003 година, ќе се изнајдат средства за вложување за првичните оперативни работи, а тоа се подразбира дека ќе биде растеретување на самото свлечилиште, на оние места каде што тоа е можно. Понатаму, рушење на оние куќи што не се безбедни за становање и изнаоѓање можности за доработка илил разработка на урбанистички план кој што ќе најде можности за дислокација на оние куќи кои што веќе се срушени, така да тој материјал што ќе биде изнесен од местото, да бидее наменет за трајно решавање на проблемот со овие дислоцирани луѓе.

Инаку и досега се превземаат мерки во однос на решавање на овој проблем. Овие лица кои што непосредно се загрозени, чии што куќи не даваат сигурност за живеење, се сместени во приватни живеалишта, каде што Министерството за труд и социјална полилтика веќе се грижи, односно плаќа за нивното сместување.

Исто така, Министерството за транспорт и врски веќе превзема конкретни активности преку градежниот инспекторат за рушење на овие куќи, кои што треба да се срушат и за изнаоѓање на соодветни локации.

Значи, формирано е оперативно тело кое што од понеделник ќе почне активно да се бави со решавање на проблемот со свлечиштето Рамнина.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали господине Трендафилов, сте задоволни од одговорот?

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Сакам да му обрнам внимание на господинот Јанев дека голем дел од тао тој што го кажа се активности кои што се предвидени да се изведуваат или во блиска иднина или во еден долгорочен план. Но, јас би му обрнал внимание дека сме крајот на септември и дека временските услови сериозно можат да предизвикаат несакани трагедии, пред се, порди тоа што се загрозени подиректно или индиректно повеќе од 200 семејни куќи. Се надевам дека динамиката која ја диктира оперативниот план на Министерството за животна средина, ќе успее да го направи тоа пред а се случи оваа трагедија. За тоа задоволство или незадоволство после активностите кои ќе ги чекаме од понеделник во Велес.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Јанев, дали имате одговор на дополнителниот коментар?

ЉУБОМИР ЈАНЕВ:

Владата водејќи сметка за сериозноста на проблемот, токму од тие причини го формира ова оперативно тело, конкретно да почне реализацијата на решавањето на проблемот со свлечиштето Рамнина.

Инаку проблемот Рамнина и свлечиштето се проблеми кои влегуваат во сферата на природни катастрофи, кои што тешко се контролираат. За несреќа во Велес е тоа во населено место и се разбира дека тој проблем носи поголема тежина.

Меѓутоа, токму ова оперативно тело ќе треба да почне со конкретно решавање на проблемот. Сите сме свесни за тоа дека овој проблем нема да се реши преку ноќ, меѓутоа првите активности во однос на растоварувањето на почвената масас и тоа тело кое што се движи, треба да го направи токму тоа. Значи, да го сопре свлечилиштето, бидејќи доаѓаат есениски и зимски период, каде што атмосферските врнежи, можат повторно да го активираат свлечиштето со поголема динамика, брзина на движење и затоа и решавањето на овој проблем оди токму во таа насока, а понатаму, треба да се спроведат технички решенија кои што ќе бидат предложени со изработката на главни проекти од институциите кои што се надлежни во тоа. Свесни сме за проблемот и затоа почетокот на решавањето го поставивме така и со таа динамика да се елиминираат опасностите.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

На второто прашање ќе одговори господинот Филиповски, министер за економија.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитуван пратеник, значи вкупните обврски на Велешката топилница беа проценети, колку јас се сеќавам на 32 милиони долари и претежно беа обврски према приватни фирми. Приватните фирми отворија стечајна постапка. Дел од институциите на државата кои имаа побарувања, исто така се приклучија кон приватните доверители. Отворена е стечајна постапка поставен е стечаен управник. Стечајниот управник заради одржување на кондиција на Топилницата дел од металите сигурно ги продал да обезбеди гориво, електрична енергија и слично. И тоа е прашање на судот. Јас се надевам дека на господинот пртеник му е јасно дека тоа прашање е на судот, дека не е тоа за извршната власт. Тоа е прво.

Второ, што се однесува до Лондонската берза тие се шпекулации. Тие шпекулации може да се отфрлат само со еден факт дека во овој момент Топилницата е активирана, работи, се продава, доверителите ја имаат активирано, према тоа, апсолутно не постои таков проблем и нема слаткоречиви министри, туку министри кои си ја вршат работата.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали сте задоволни од одговорот господине Трендафилов, или имата дополнително прашање?

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Мислам дека станув збор за недоразбирање помеѓу мене и господиноте Филиповски. Јас зборувам за периодот во Топилницта откако е воведена стечајна постапка, откако државата со механизми интервенира на начин, како што интервенира, јас зборувам за периодот пред отворањето на стечајната постапка. Зборувам за таканареченото координативно тело составено од работници во велешката топилница, луѓе кои единствено ги интересира да заработуваат и да донесат се што е потребно за егзистенција на нивните семејства и впечатоот за манипулативноста на одредени министри и владини функционери доаѓа токму од нив, затоа што тие искрено верувале дека тоа што го прават, го прават за доброто и за себе и за своите семејства. Факт е дека тие во овој момент се без работа и се придружени на онаа три илјадна невработена маса во Велес, која од минатиот 15 септември до денеска ги полни чекалните на Бирото за вработување во Велес. Значи јас не зборувам за овој период откако е поведена стечајна постапка. Зборувам за луѓе кои се вработени во Топилницата и кои од името на тоа координативно тело

тргувале, преговарале, дозволувале да се изнесуваат било какви производи од Топилницата и тие имаат впечаток дека сега токму тие ќе бидат покажани како виновници односно неможат да го избегнат чувството, дека во овој случај тие ќе бидат едноставно жртвени јагниња. На тоа мислев, не не зборувам воопшто за актуелната или тековната стечајна постапка во Топилницата.Зборувм за периодот пред стечајната постапка.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господин Филиповски.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

За предстечајната постапка постоење на координативно тело апсолутно не познавам, незнам, знам дека доверителите имаат формирано тело кое ја следи состојбата во Топилницата, тоа е прво.

Второ, треба да се знае дека вработените во Топилницата се вработеник во МХК Велес, а дека имотот е префрлен во Инвестас. Тоа претпоставувам дека господинот ја знае таа состојба и дека во тој дел практично се расчиствуваат односите. Бидејќи за МХК Велес е отворена стечајна постапка, тие се на Бирото за вработување, но истовремено намерата на Владата е и една од претпријатијата која е во ФЕСАЛ аранжманот е Топилницта Велес, а ќе биде на продажба во оној момент кога судските спорови ќе се завршат. А до тогаш, доверителите си ја тераат својата постапка во однос на тие повеќе фирми што ќе се формирани од Панама.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

На третото прашање ќе одговори господинот Хари Костов, министер за внатрешни работи.

ХАРИ КОСТОВ:

Министерството за внатрешни работи, повторно ќе повторам не е суд кој може да утврдува која да биде од овие, ако можеме да речеме две страни, првата страна. Според тоа, ако во случајот се формирааат Тетово Табак, се мислеше на трите објекта, не е доволно да имаме само изјави во јавноста дека некој мисли дека овој е сопственик, или дека е тој сопственик и да имме изјави во јавноста дека една личност купува 6%, или не купува 6% и така натаму туку, мора било едната, било другата страна за тоа да добие соодветна судска пресуда. Или пресуда со која што ќе стопира судот со времена мерка за извршување на било какви активности, или

пак судска пресуда со која ќе се укаже кој како е сопственик. Додека немаше такви судска пресуда, дури и како времена мерка МВР неможе да се вмешува во случајот некого да иселува и тн.

Притоа, сакам да кажам дека ние имаме во тој дел само едно делче кое се однесува на барање за наша асистенција и тоа што е барање и што е наша надлежност, ние утре ќе го извршиме.

Меѓутоа, во делот околу сопственоста, единствено е само дека ние по службена должност ги собиравме сите документи и од Агенцијата за приватизација и од Центаралниот депозитар, ние за да утврдиме од прилика каква е сопственичката структура во тој комбинат, зтоа што таму се правени многу промени.

Значи, притоа, мора да се донесе судска одлука било како времена мерка. Меѓутоа, сакам да кажам дека исто така не е доволно што имаме гласини во јавноста дека некој платил 500 илјди евра и дека за него работата е завршена и тој е сопственик. Ниедна трансакција од било која од овие купувања и продавања на акциите, што на крајот не е заведена во Централниот депозитар, нема да има правна важност. Според тоа, тогаш кога судот ќе утврди дали со привремена мерка, или како конечна судска пресуда, или пак и ние кога ќе ги имаме сите овие податоци, кои повторно мораме до судот да ги доставиме со соодветно барање за определена мерка, тогаш може Министерството да интервенира во извршувањето на тие судски пресуди.

НИКОЛА ПОПОВСКи:

Господине Трендафилов, дали сте задоволни од одговорот?

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Господинот Костав, очигледно се прави невешт. Јас не барав од министерот за внатрешни работи и секторите на МВР да утврдуваат сопственост. Јас побарав господине Костов, полилцијата да интервенира за да ги отстрани милитантните и вооручените лица кои во овој момент ги држат овие објекти. А во нкиту еден момент не очекувв да интервенирате и да барате кој е сопственик, со оглед на тоа што пред некој ден изјвивте дека полицијата во Македонија гарантира фер и судска постапка, можеби наскоро ќе дојде и тоа време кога и тоа ќе го утврдувате.

Значи арав полицијата дали ќе интервенира да ги отстрани милитантните и вооружените лица кои во овој момент претставуваат закана за цивилното население во Тетово,особено што за многумина од овие вооружени припадници се тврди и постојат индиции и стојат зад палењето на македонските куќи во Тетово и тетовско.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Костов на дополнителното прашање.

ХАРИ КОСТОВ:

За маркетинзи нема време да се губи, тоа не е спорно, прво, дали воопшто некој видел таму вооружени лица или  дали такви вооружени лица наводно, ова што деновиве излезе дека се тоа службено обезбедување. Дали вие знаете дали таа служба за обезбедување не е од сопственикот на фирмата?

Според тоа, за кажување приказни пред јавноста е лесна работа, ние, додека немаме податок и судска пресуда кој е сопственикот таму, друго не можеме да интервенираме. Инаку, тогаш ќе биде во цела Македонија каде што сака МВР таму ќе воспоставува сопственици или несопственици. Додека немаме релевантна судска пресуда дали како времена мерка или невремена мерка која покажува кој е сопственикот до тогаш Министерството може да ја чека само судската пресуда и по неа да постапи.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Прашање ќе постави господинот Костовски.

ТРИФУН КОСТОВСКИ:

Почитуван претседателе, колеги, почитувани министри, почитувана Влада на Македонија,

Јас имам да поставам три прашања.

Првото прашање ќе бидам консеквентен на мојот став Македонија и Европската Унија . Пред се би сакал лично да знам, а претпоставувам и многу колеги сакаат да знаат која од особите министерката Илинка Митрева или вицепремиерката Радмила Шеќеринска е одговорна за евроинтеграцијата односно сите процеси кои треба Македонија да ја однесат во тоа друштво.

Бидејќи, објективно, имаме еден дуализам во поглед на тоа кој и за што е одговорен. Јас ќе се навратам на изјавата на госпоѓа Митрева во март во која најави дека кон крајот на годината Македонија ќе поднесе и ќе биде апликант за влегување во Европската Унија. Тоа беа зборовите во обраќањето на министерката Митрева откако се соочи со фактот дека Хрватска веќе истрча и нејзината апликација беше прифатена во Брисел. Сакам да знам што во меѓувреме Владата има направено на

тој план, дали терминот е реален да се очекува и доколку не е  да се даде друг тајминг на кој дефинитивно ќе направи концепт и план како да стигнат до тоа време да ги дадеме тие апликации. Тоа е првото прашање.

Второто прашање генерално се однесува на Владата. Сведоци сме дека во последно време малолетничката деликвенција е еден непријатен дел со кој се соочуваме во нашето секојдневие. Во решавањето на овој проблем секако дека спортот е еден од основните услови со кои може да се сузбие оваа деликвенција, односно деца кои повеќе ќе се посветат од најрана младост на спортот, во салите, во школите ќе имаат помалку време да се занимаваат со оние други нешта кои го прават човекот да не биде човек. Од тој аспект сакам да знам дали Владата има концепт да донесе одредени закони во кои ќе го потпомогне развојот на спортот генерално, општо како во школите така и во останатиот слој на луѓе кои го сакаат тој спорт, а исто така сакам да дополнам дека тоа е многу битно и спортот кој станува професионален дел од нашето секојдневно живеење станува се повеќе неизвесен колку ќе биде во состојба да го истурка. Сведоци сме денеска дека во сите спортови почнувајќи од фудбалот, ракометот, одбојката, кошарката, сите 90% од екипите кубурат со начин како да преживеат. Јасно е дека единствена можност тој спорт да опстои тоа е јако стопанство односно во моментот кога тоа стопанство е релативно на стаклени нозе, тогаш Владата треба да испадне со одредени мерки односно привелегии за стопанственците кои ќе можат да одвојуваат дел од она што го заработуваат и да го пренаменат во спортот. Така го правеле и порано, така го прават и денеска во низа други земји. Претпоставувам дека Владата на ова прашање ќе застане сериозно, ќе размисли и ќе испадне со некаков став како да се помогне во спортот.

Моето трето прашање е пак до Владата, бидејќи Владата е генералниот застапник на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти. Веќе низа години наназад владее хаос со ова јавно претпријатие. Согласно  Законот за јавни претпријатија кој е донесен на ниво на Влада регулирано е дека се формира Управен одбор во ова јавно претпријатие и тој Управен одбор во спрега со Владата ги носи сите услови под кои треба да дејствува тоа јавно претпријатие. За жал, сведоци сме дека таков Управен одбор нема, а денеска ова јавно претпријатие од ракав истресува цени и услови под кои  одредени субјекти можат да играат и да се натпреваруваат.

Сакам да кажам дека Јавното претпријатие со еден хаотичен однос кој го има во своето работење не само што не му служи на спортот, туку истиот го доуништува.

Почитувана господо, барам ова Јавно претпријатие да даде детален увид во тоа на кој принцип работи, каде одат средствата, како се користат и како се затвораат, бидејќи имотот со кој располага ова јавно претпријатие е 70-тина објекти кои се делумно дадени под закуп, морам да кажам многу сомнителен закуп, а делумно сами ги стопанисуваат и од она што го стопанисуваат вадат маст и се она што е можно од екипи кои и така не можат да го поднесат тој товар.

Да спомнам, да не бидеме гробари на спортот во Македонија, бидејќи во многу градови е замрен тој спортски живот и денеска сме сведоци на замирање на еден спорт и спортски живот во еден најспортски град во Македонија, тоа е Битола. Битола нема претставник во прва лига ниту фудбал ниту кошарка ниту одбојка, единствено има во ракометот, но морам да признам дека е на прагот истиот да се откаже од проста причина што нема финансиски средства да опстои. Ако тоа си дозволиме, тогаш и нам не ни е местото овде.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

На првото прашање ќе одговори госпоѓица Шеќеринска.

РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:

Неколку пати дискутиравме на ова прашање и дискусијата ја повторивме на Комисијата за надворешна политика дали структурата која постои за координирање на процесот на европска интеграција во Македонија е оправдан или не. Нормално,колку држави толку различни системи, меѓутоа, ако постои една константа во сите држави околу процесот на европска интеграција, тоа е дека Министерството за надворешни работи и Министерството за европски интеграции или Сектор или Централен уред и Канцеларија за европски работи ги делат обврските од процесот на европска интеграција кои се дефинирани повеќе или помалку јасно.

Значи, вклучително и земјите кои припаѓаат на процесот на асоцијација и стабилизација, меѓутоа особено земјите кои веќе се подготвуваат од следната година да станат членки на Европската Унија формираат такви структури кои од една страна ќе го овозможат политичкиот дијалог на државата со Европската Унија и тој политички дијалог се води во Министерството за надворешни работи, додека самиот внатрешен процес, координирањето на работата на внатрешните

министерства по некои конкретни прашања битни за процесот на европска интеграција го водат или Министерство за европски интеграции или на пример Координативна канцеларија на Централната влада како што е во Полска или Централен уред како што е во Словенија или Министерство за европски интеграции како што е во две-три држави.

Како и да е изберетеја шемата во секој случај соработката односно поделбата и на обврските и на одговорноста и на работата помеѓу Министерството за надворешни работи и некој друг орган или институција секогаш постои и тоа јасно ако ги читате актите со кои е формирана Европската Унија и европските заедници и ако ги разгледувате оние таканаречени три столба. Еден од тие три столбови го покрива Министерството за надворешни работи, соработката во другите два дела ги покриваат надлежните институции за процесот на европска интеграција.

Меѓутоа, мислам дека поважното политички прашање е второто кое беше поставено од страна на пратеникот, а тоа се однесува на плановите на македонската Влада околу апликацијата за членство во Европска Унија.

Апсолутно го делиме ставот кој и овде беше изнесен, а кој и неколку пати беше истакнуван од страна на претставници на македонската Влада вклучително и на овие седници на комисии како Комисијата за надворешна политика дека апликацијата треба да биде проследена со серија на политички активности, па и маркетиншки активности во и вон Република Македонија особено сконцентрирани во земјите членки на Европската Унија. Апсолутно нема да се работи ниту пак се работи на еднократна политичка одлука која едноставно ќе ја обелодениме и која ќе ја доставиме до Брисел.

Во моментот Владата, надлежните институции, Претседателот на државата, Собранието учествуваат во серија разговори, подготовки, консултации со луѓе кои се значајни во рамките на Европската Унија особено луѓе од земјите членки на Унијата каде ги тестираме првичните реакции околу нашата апликација за членство во Унијата. Се разбира дека секогаш ќе добиете различни размислувања, меѓутоа, сите размислувања, сите коментари, сите сугестии одат во насока на поднесување на апликација во вистинскиот политички момент. Вистинскиот политички момент ќе треба да го процени Владата која ја има најактивната улога во целиот процес и за тоа ќе го информира македонското Собрание и за тоа ќе изврши консултации со македонското Собрание.

Меѓутоа, да немаме дилеми дури и Хрватска не поднесе апликација која е прифатена, туку таа поднесе апликација за која Министерскиот совет побара мислење од Европската комисија. Значи, се работи навистина за процес кој е малку технички посложен и не може така едноставно да се даваат квалификации дека апликацијата е прифатена или не е прифатена. Хрватска се наоѓа во процес на испитување на сопствената апликација, нешто што ќе и следи на Македонија во моментот кога таа ќе излезе со апликација за членство. Сметаме дека апликацијата за членство ќе треба да биде дадена во оној политички момдент кога Македонија ќе може да излезе со добар резултат во поглед на исполнувањето на политичките, економските критериуми, како и во поглед на административните капацитети кои ќе треба да го поддржат процесот за европска интеграција.

Очекуваме навистина дека ова е догледен рок, апсолутно не се работи за нешто што среднорочно или долгорочно се планира, меѓутоа, мислам дека на вистинска седница и на Комисијата за надворешна политика во македонското Собрание, па дури и на седница на специјална или посветена меѓу другите и на тоа прашање на самото македонско Собрание би требало ова прашање подетално да го отвориме и да ги образложиме кои се аргументите кои зборуваат во полза на скоро поднесување на апликацијата, а кои би биле евентуално негативните импликации ако такви воопшто постојат.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали сте задоволен од одговорот?

ТРИФУН КОСТОВСКИ:

Делумно да, меутоа, би сакал сето тоа што вицепремиерката Шеќеринска го кажа малку во пообразложена форма, ако може, во писмена форма да го даде, би сакал, а нејзината препорака што би била можеби предмет на идните седници на Собранието, длабоко го поздравувам и го поддржувам.

РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:

На неколкуте средби на Комисијата за надворешна политика во македонското Собрание и министерката за надворешни работи и јас настапувавме со некои поопсежни информации околу процесот на европско интегрирање на Република Македонија и мислам дека ќе биде во ред доколку и оние пратеници кои се заинтересирани за овој процес ги добијат истите тие информации јас со задоволство тие ќе ги испратам на пратеникот Трифун Костовски, а апсолутно мислам дека оваа

дебата се почесто и почесто ќе треба да ни се навраќа на седниците и на Собранието и на собраниските комисии така што навистина и како Влада сме задоволни што од самото Собрание добиваме многу позитивни импулси и заинтересираност дебатата по ова прашање да се отвара и по малку зрее и во квалитет и во квантитет.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Второто прашање беше поставено до Владата во целина за спортот, па дали ќе дадете одговор?

Има збор господинот Герамитчиоски, заменик министер за образование.

ТАЛЕ ГЕРАМИТЧИОСКИ:

Прашањето е тесно поврзано и со проблемите што младите ги имаат во рамките на анализите што Министерството ги прави, посебно прашањето на малолетничката деликвенција која поприми во минатото прилично загрижувачки размери, бидејќи не се појавија само насилства во училиштата, туку и се случи убиство во кое беа актери ученици.

Се направија опсежни анализи како да се сузбијат овие појави, да се ангажираат младите во спортски активности за кои мислевме дека би требало да се направат значителни напори да се организираат на повисоко ниво.

Од тие причини беа ревитализирани оние идеи во оние места каде отсуствуваше таканаречените градски лиги на мали спортови на ниво на основни училишта и на ниво на средни училишта да се обноват таму каде опстојуваат да се зајакнат мерките на поголема организираност се со цел тие игри да имаат поголема масовност како би можеле младите дел од својата енергија да ја насочат во тие цели.

Морам да признам дека во овие напори отсуствуваат средства и анализите кои ги направивме покажаа дека огромен дел на училишта и училишна мрежа немат соодветни спортски објекти во кои би можеле активно да спортуваат, затворен простор доста недостасува, значи спортски сали. Некои иницијативи и анализи покажаа дека можеби со таканаречените балон сали оние интервентни ќе може да се ублажи овој недостаток на простор и поттикнавме одредена приватна иницијатива доколку некои приватни лица изразат подготвеност за инвестиција во овој дел, во

Министерството за образование и наука се отвораат можности за соработка со тие лица за заедничко инвестирање и заедничка перспективност во оваа проблематика.

Поголема ефикасност очекуваме во овој сегмент на работа на Министерството кога ќе се реализира идејата на Владата за инкорпорирање на Агенцијата за млади и спорт во рамките на функционирање на Министерството, тогаш нивните средства и програми е се здружат со веќе постојните програми кои егзистираат во Министерството и оние оперативни програми за реализација на што помасовно и поквалитетно учество на владите во спортските натпревари, сметаме дека е ова добар пат за намалување на сите овие девијантни појави кои се јавуваат во општеството.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали сте задоволен од одговорот или имате дополнително прашање.

ТРИФУН КОСТОВСКИ:

Јас би имал дополнително прашање.

Од господинот минситер ја слушнав објективната ситуација, за која денеска размислува Владата, меѓутоа и објективно и самиот потенцираше дека средства фалат.

Дали Владата размислува на кој начин да дојде до тие средства и на кој начин да се помогне ден поскоро во овој сегмент.

Лично сум убеден дека комбинацијата приватна инвестиција и јавен сектор не оди. Тоа е наша обврска на сите, да им дадеме на нашите поколенија, на нашите идни поколенија здрав живот, здрав однос. Тоа е обврска на секој. Да не го претвараме тоа преку луѓе да гледаат бизнис или интерес. Тоа е од општ интерес на целата држава.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Тале Герамитчиоски.

ТАЛЕ ГЕРАМИТЧИОСКИ:

Во неколку наврати кога се расправаше по овие прашања и во некои други прилики за состојбите за инфраструктурата во образовната мрежа не е нешто посебно што би открил дека огромен дел од мрежата на училиштата се наоѓаат во тешка состојба од аспект на нализа на инфраструктурата. Голем дел на средствата кои што фалат не можат да бидат покриени од Буџетот на Република Македонија ,

бидејки средствата за таа намена се оскудни. Најголемито дел на средства одат на патни идруги материјални трошоци.

Во недостик на можности за инвестирање и градба на нови спортски објекти се снаоѓаме онака како што умееме. Склучена е и одредена спогодба со Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти во кои што навистина од нивна страна со минимални надоместоци во одреденис редини се користат објектите со кои што тие стопанисуваат. Дел од учениците одат и ги одржуваат часовит епо фискултура таму каде што е можно тоа. Но во голем број на средини не постојат такви објекти, не постојат ни блиски објекти во кои што може таа програма да се спроведува. Дури ни се случува ситуација и во нови училишта, новоизградени училишта да не егзистираат затворени простори, спортски сали во кои што елементарно часовите по фискултура ќе се обавуваат.

Затоа не можам да се согласам со пратеникот секој во оваа тешка економска ситуација во која се наоѓа Република Македонија и повикување за заедничко донирање на средства, или интересовно здружување на други правни субјекти кои што сакаат да инвестираат во иднината на малдите добро би дошло. Особено ова се однесува и со здружување на интересот на спортските клубови кои што мора да се вклучат по активно, доколку имаат свои средства, во финансирање на вакви активности, бидејки е добра прилика на вакви натпревари да се регрутираат нови идни спортисти, активни спортисти кои би биле од обостран интерес и на училиштата и на спортските екипи.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Третото прашање е упатено до Владата во целина, за Јавното претпријатие.

РАДМИЛА ШЕКЕРИНСКА:

За ова прашање писмено ќе одговориме, бидејки се работи за состојби во Јавно претпријатие од каде што немаме директен претставник. Мислам дека подобра ќе биде информацијата во писмена форма.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Добро, значи ќе добиете писмен одговор.

Има збор господинот Ѓорѓи Оровчанец.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Моето прво прашање го поставувам до министерот за внатрешни работи, г-динот Хари Костов, но пред да го псотавам прашањето би сакал да елаборирам и дадам одредени инфорамции за состојби со цел тоа да бид еподобро сватено.

Во изминатиов период се случија неколку работи кои што се доста чудни и кои што не се во согласност со било какви ниту законски или демократски, или било какви други норми на однесување.

Наводно во овој период, ќе набројам и пвоеќе лица и што се се случува, лицето Лазаровски Јовче кој што е вработен во ОКТА на два пати е киднапиран без никаков налог од страна на лицата кои тоа го извршиле, без никаков документ. Задржуван е во полициски простори по 9 саати, малтретиран, а при обидот да помине со фамилија на одмор неговиот апсош е оштетен од лицето кое го проверувало и под изговор дека неговитопасош е технички неисправен вратен е од граница.

Ќе ги набројам лицата и потоа ќе кажам кои се некои заеднички елементи.

Славица Радојковска, која е заменик директор во Секторот за односи со јавноста на двапати, меѓутоа во пократко време еднаш заедно со нејзината сестра Софија држани се по 3-4 саати, малтретирани, изложени на разни притисоци.

Возачот, кој е професионален возач Марјан Петров исто така на двапати, еднаш 9 саат, еднаш 3 саати киднапиран, малтретиран и т.н. , а тоа не се случува само со нив, се случува и со 4 новинари на границата, новинар на “Утрински” весник, А-1 телевизија, Сител телевизија и новинар на “Вест”. Имињата можам да ви ги дадам , но мислам овде не е во ред да ги кажам. Задржани се на граница подолг период, испитувани во смисол каде биле, со кого контактирале, која им била целта на нивното патување, а целта бил престојот на меѓународниот саем во Солун. Понатаму, покрај овие имаме и на границата е задржан и генералниот дирекот на ОКТА господинот Рафаилидист кој што два саати е малтретиран на границата, со најразлични испитувања. Вие имате сигурно повеќе информации, што и како, меѓутоа за овие други претходни ќе кажам дека кај сите нив е вршен притисок со сила да потпишат изјава напринудна соработка. Да признаат невистини и ред други работи со кои што истите биле подложени на додатно малтретирање. Во меѓувреме е на граница киднапиран и грчкиот граѓанин Никос Нулос на фирмата “Сигма”, кој што е задржан 24 часа, во непознат правец, не се ни знае каде. Од неговото возило се одземени и документи и пари. За оваа работа, грчкиот амбасадор има поднесено

и нота до Владата на  Република Македонија  . Во овој период  и бевме сведоци на тоа, нашите медиуми објавија дека и во грчките медиуми се објавени текстови кои што зборуваат за овие состојби и ги насловуваат како терористички чинови и акции врз грчкиот капитал и т.н. и т.н. За оваа состојба си претпоставувам дека сте информирани и вие господине министре, меѓутоа и покрај информирањето на Владата и лично претпоставувам и на вас, овие состојби не се прекинати. Во меѓувреме очигледно за овие состојби е информиран веќе и Европскиот парламент каде што ќе биде презентирана состојбата во нашата земја од страна на европратениците од Република Грција. И покрај информираноста овие постапки не се запрени, и поради тоа морам да ви го поставам прашањето дали сето ова е дел од стратегијата на патот кон поголема демократија, приближување кон НАТО и побрзо зачленување на нашата зема во Европската Унија?

Второто прашање е до Владата, и се однесува на еден чин кој неодамна е случен, а тоа е за еден горлив проблем , а тоа е нашата невработенсот, односно невработеноста во нашата земја. Интенцијата и на претходната Влада, претпоставувам и на оваа Влада  е да што поголем број на луѓе добијат било какво вработување и на некој начин да тој социјален сегмент попушти, да обезбедат егзистенција за себе. Објавено е дека минситерот за социјала и труд на Република Грција господинот Репас, имал одобрение од Владата за контигент на луѓе кои што легално ќе можат да одат како сезонски работници во Република Грција, кој број не е занемарлив. Од страна на Владата испратен е за потписник на тој договор вработениот во Министерство за надворешни работи, бившиот амбасадор во Република Грција  Љупчо Арсовски, кој не го потпишува тој договот. Мене ме интересираат причините зошто тој договор не е потпишан?

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Првото прашање, господин Костов, министер за внатрешни работи.

ХАРИ КОСТОВ:

Вака, неколку работи околу поединечниве случаи не ми е познато, за некои поединечни знам и за тоа ќе образложам. Меѓутоа мислам дека не треба да се употребуваат никакви изрази околу киднапирање, снемување на луѓе и т.н., затоа

што Министерството за внатрешни работи и по Законот има право да повика на разговор со покани, со луѓе сведоци, со  луѓе адвокати доколку сака, па според тоа не се работи за никакви киднапирања иако не зборам за сите поединечни случаи затоа што не ги знам. Меѓутоа, за првите три случаи не ми е познато, најавени се наводни некои , мислам дека се работи за првото лице кое што пратеникто го спомна, јас побарав лично до мене да биде доставена белешка за евентуални такви настани, локации, времиња и т.н., за да видиме кои одговорни лица би можеле да направиле нешто вон од своите овластувања. До сега никој ниту во Министерството најавил на било какво малтретирање, киднапирање или малтретирање на луѓе новинариве, особено како што спомна пратеникот од А-1, Сител и т.н., не верувам дек амедиумите би трпеле нешто да не го пренесат во јавноста или да не се обратат до Министерството за внатрешни работи ако имало ваква работа. Јас може да кажам дека од сите овеи случаи, сум запознат единствено со, и сега жал ми е што на Собраниево го спомнувам, меѓутоа со евентуален случај околу генералниот директор на ОКТА, кој што беше спомнат овдека, затоа што човекот беше лично и на состанок кај мене во Министерството за внатрешни работи. Она што господинот го кажа беше само дека на граничниот премин при напуштање на Македонија во Грција, бил задржан повеќе од два саата на граничниот премин, кога му било прегледуван пасошот, му бил прегледан телефонот и т.н. На мое барање да пренесе конкретен поднесок во точен ден, час, кога тоа се одржало за да видиме дали од Министерството имало некои пречекорувања, таква писмена белешка или поплака од директорот во Министерството за внатрешни работи не е добиено.

Околу Сигма незнам, имаше активност од Министерството за внатрешни работи, утврдени се даночни неправилности, затајување на данок, поднесени се прекршочни пријави и ништо досега не сме имале никаква реакција од Грчката страна, затоа што фактички тоа е претставништво на Албанска фирма во  Република Македонија  во која учествуваат и грци. Досега во Министерството за внатрешни работи, нема никаква нота, ниту од грчкиот амбасадор за укажување на било какви, вакви евентуални неправилности кои што ги спомна  господинот Оровчанец. Исто така и прекчера фактички во Министерството за внатрешни работи повеќе од саат време на состанок кај мене беше и надлежниот директор на грчката служба, кој што воопшто не спомна никакви незадоволства, туку напротив спомна една добра соработока помеѓу министерствата за внатрешни работи на двете држави.

Според тоа , би замолил доколку има за поединечниве случаи кои што беа спомнати да бидад доставени конкретни датуми, гранични премини евентуално или било места во кои што наводно тоа било  одржано за да можеме дополнителните работи да ги провериме.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господин Оровчанец.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Видете, не се поставува прашањето за работата на службата за внатрешни работи. Проблемот е што овие случувања се прават без покани. Тоа е проблемот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господин Костов.

ХАРИ КОСТОВ:

Единствено за да видиме дали е без покани, треба да ги добиеме точно времето , настаните , да ги добиеме тачните податоци, да добиеме претставки од тие луѓе, па да видиме дали за тоа нема соодветна документација и покана направено.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Второто прашање ќе го одговори госпоѓица Шекеринска.

РАДМИЛА ШЕКЕРИНСКА:

Благодарам господин претседател, од самиот почеток  на мандатот на оваа Влада, започнавме интензивни консултации, разговори со грчката влада , со највисоки претставници претставници на грчката влада, околу можноста за регулирање на престојот на сезонски работници од  Република Македонија  во Република Грција. Имајќи ги предвид токму проблемите кои што ги спомена пратеникот, невработеноста, потребата од дополнителни работни ангажмани, а особено имајки предвид ги можностите за вработување на сезонски работници за време на туристичката сезона, како и во пресрет на Олимписките игри кои што ќе се

одржат во Атина во 2004 година. Така што на неколку средби досегашни разговаран е текстот околу договор кој што ќе го регулира ова слободно движење и регулирање на престојот на сезонските работници од Република Македонија во Република Грција. Мора да признам дека од грчка страна оваа иницијатива или овој проект , навистина се оценува како многу позитивен и многу потребен и за Грчка страна и за подобрување на билатералните односи на двете земи. Меѓутоа во исто време и Македонската Влада е заинтересирана што е можно побргу овој процес да се заврши. Јас очеквуам бидејки на некоја од последните средби, за кои што зборуваше и пратеникот беа разменети и Предлог анекси на споменатиот договор, дека во најкус временски рок ќе се завршат преговорите околу ова прашање, во интерес на двете држави, во интерес на двете страни и дека врз база на овој билатерален договор помеѓу Република Македонија и Република Грција ќе се олесни , нема да се реши се разбира, меѓутоа ќе се олесни проблемот на невработеноста, особено во врвот на сезоната туристичка и во текто на 2004 година, а особено кај граѓаните во пограничните региони за кои ќе постојат и посебни погодноси согласно овој договор. Меѓутоа, велам преговорите се во тек,практично се при крај и очекуваме во најкус можен временски период да дојде до потпишување на овој важен договор билатерален.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Багодарам.

Господин Оровчанец.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Само кратко, информацијата е дека господинот Љупчо Арсовски, одбил да го попише договорот, понудениот договор.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Госпоѓица Шекеринска.

РАДМИЛА ШЕКЕРИНСКА:

Вработениот во Министерството за надворешни работи неможе ни да има мандат да го потпише договорт, доколку се работи за билатерален договор, тој договор со целиот текст и со целата усогласена содржина ќе треба да помине на

одлука кај надлежните органи. Меѓутоа точно е дека надлежните служби во Министерството за надворешни работи учествуваат во преговори. Во моментот кога преговорите ќе бидат од страна на тимовите кои што ги водат, прогласени за завршени тогаш топката ќе се префрли кај надлежните ресорни министерства и влади од двете држави и во тој момент ќе се одреди кој од министрите или министерот за надворешни рбаоти, претпоставувам може и минситерот за труд и социјална политика ќе го изврши потпишувањето на договорите. Меѓутоа, велам дури и да постигнале стопостотна усогласеност по Предлог догвоорот, вработените, односно надлежните во Министерството за надворешни работи не ни можат да земат таков мандат да го потпишат договорот. Кога ќе се усогласи текстот ќе го разгледаме и ќе биде пристапено кон потпишување.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Госпоѓа Биковска Наташа.

НАТАША БИКОВСКА:

Благодарам претседателе.

Ќе поставам три прашања, од кои две се до министерот за здравство и едно до министерот за локална самоуправа.

Првото прашање е до министерот за здравство. Дали министерот за здравство располага со податокот, колку има и колку се забранети за работа нелегални, односно диви медицински ординации како општи специјалистички така и стоматолошки? Што се превзема, односно како досега е постапено согласно Законот за занитарна и здравствена инспекција и понатаму, дали воопшто санитарните и здравствени инспектори го известиле инспекторатот дека во регионот на нивно делување со години егзистираат нелегални ординации, кои не ги поседуваат соодветните одобренија за работа ,немаат ниту еден вработен, а докторите кои незаконито и неовластено вршат здравствена дејност се вработени во јавното здравство. За злоупотребата и ризикот врз нашите здравствени осигуреници, за криминалното богатење и нелојалната конкуренција како и за затајувањето на трудовата и финансова  инспекција и органите на прогонот, нема да идскутирам во вооj момент, затоа што сметам дека најповикана за оваа проблематика е санитарната и здравствена инспекција.

Само ќе потсетам, според своите овластувања од член 10 точка 13 од Законот за санитарна и здравствена инспекција, инспекторите можат да забранат

незаконито и неовластено вршење на здравствена дејност. По жалба против првостепеното решение на инспекторот, решава министерот за здравство, што е регулирано во член 14 од истиот закон.

Второто прашање е повторно до министерот за здравство. До кога во нашите аптеки ќе се издаваат лекови без лекарски рецепт, што е спротивно на Законот за лекови, но и на сите етички норми, особено кога се работи за младата популација.

Јас би инсистирала и го замолувам министерот за здравство, да побара информација од републичкиот санитарен и здравствен инспекторат, што до сега е сторено, но воедно да изготват стратегија со главниот републички санитарен и здравствен инспектор, на кој начин да ги мобилизираат подрачните инспектори, се разбира, со обврзувачки извештаи за нивните постапки. Се надевам дека конечно ова крајно несериозна и незаконска практика треба да се надмине.

Третото прашање е до министерот за локална самоуправа. До пратениците беше доставен извештај од Бирото за стопански недоволно развиени подрачја во кој е прикажано колку средства се потрошени по одредени проекти, кои се фирми изведувачи на тие проекти и во кои општини. После повеќе укажувања на граѓаните од општина Берово за постоење на незавршени проекти, финансирани преку ова Биро, го прашувам министерот: Дали е извршена контрола и дали Бирото за стопански недоволно развиени подрачја има увид како се трошени средствата во општина во изминатиот период, односно дали доделените средства наменски се искористени. Како ќе го надминеме проблемот на теренот, со дофинансирање и доизградба на незавршените проекти, за кои финансиската конструкција е затворена и кои ќе ја превземе за сето тоа одговорноста.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господин Селмани ќе одговори на првото прашање, министер за здравство.

РЕЏЕП СЕЛМАНИ :

Ви благодарам господине претседателе.

Точно е тоа дека подолг временски период ние сме свесни дека работат нелегални ординации, разни ординации, општа медицина, стоматолошки ординации,

специјалистички - консултативни ординации и во оваа група на нелегални ординации тука се две врсти на таков вид на нелегални. Значи, едни што имаат почено решение, првично решение, издадено од Министерството за здравство, тие ординации или објекти, врз база на барање на основачи, кои ги исполнуваат само двата услови, по однос на просторот и опремата, а третиот услов го немаат исполнето. Значи, кадровскиот услов, што значи дека нема вработен доктор односно стоматолог и нема конечно решение за отпочнување на вршење на дејноста и таа ординација е нелегална и овие дивите, кои немаат баш никакви услови проверени од нашето Министерството и немаат решение, ниту првично, ни конечно.

Во Министерството ние сме направиле едно согледување по однос на овие ординации што имаат првично решение, значи што ги исполнуваат двата услова по однос на просторот и опремата, а немаат конечно решение, немаат вработен носител на дејност. Еден пропуст и во издавањето на таков вид на решение од овие првичните, не е ставен никаде рокот до кога основачот е обврзан да вработи носител на дејност. Значи, со ваквите решенија се манипулира и тие ординации почнаа да функционираат така како што се, нелегални и тогаш при увид или како доказ го прикажувале тоа решение што не е дефинитивно и не е легално. Значи, по овој основ овие решенија што се издадени од Министерството за здравство направено е едно согледување и сите овие податоци се доставени до државниот санитарен и здравствен инспекторат и веќе има почетни активности во овој смер.

Што се последиците од ваков вид на работење. Некој спомна и пратеничката, една нелојална конкуренција и последиците што ги сноси државата врз база на неплаќање на сите доприноси, прилив на медицински потрошен материјал, значи има вработени во јавното здравство и кои работат во тие диви нелегални ординации, значи се прелева и медицински потрошен материјал во овие ординации. Тука има еден битен момент и неможност на Министерството за контрола на средувањето на законите. Значи, Закон за здравствена заштита и Закон за здравствено осигурување и контрола на правата на пациентите.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Госпоѓа Биковска, дали сте задоволна од одговорот?

НАТАША БИКОВСКА:

Да, од одговорот сум задоволна, но и неформално се договоривме со министерот да ги мобилизира инспекторите и да постапат на теренот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Второто прашање е до господинот Селмани.

РЕЏЕП СЕЛМАНИ:

По однос на второто прашање, проблемот со издавањето на лекови кои одат на рецепт, а се издаваат без лекарски рецепт, тука има активности и од Министерството за здравство. Предвидени се активностите врз база на соработката со Светската здравствена организација, со странските консултанти. Но, бидејќи се побарани некои извештаи од пратеничката, ние писмено ќе одговориме по ова прашање.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ќе добиете писмен одговор.

Третото прашање е до господинот Гештаковски, министер за локална самоуправа.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Госпдодине претседателе, почитуван пратеник,

Министерството за локална самоуправа во чиј состав е и Бирото за недоволно развиени подрачја, постапувајќи согласно законските одредби од Законот за поттикнување на недоволно развиените подрачја, целосниот извештај за работењето на Бирото за доделувањето на средства по општини и наменското користење, го достави на запознавање на пратениците. Во самиот извештај беше целосно прикажана целокупната состојба со секој проект и одобрени средства. Во самиот извештај, врз основа на работењето, констатирани се голем дел на недоследности во повеќе општини, вклучувајќи ја и општината Берово. Во тој дел одобрувани се повеќе средства, а констатирано е ненаменско користење или во основа најбитното исплаќани средства врз основа на неизвршени работи и таканаречени врз основа на фиктивни ситуации. Бирото и вработените целосно ги

анализираат наведените состојби, извршија контрола на терен и ги презедоа потребните мерки во рамките на активностите дозволени во закон. Во голем дел на одредени објекти го стопираа извршувањето врз основа на ненаменско доделените средства, онаму каде што не беа целосно искористени, а во голем дел извршија контрола на ненаменските средства и ги презедоа активностите од една страна задолжувајќи ги надлежните органи за прогон, а од друга страна најважна и најбитна задача е да се завршат тие објекти. Проблемот е во делот на добиените пари, а на неизвршените задачи и ние настојуваме пред се да се завршат објектите и тој аспект преземени се конкретни активности во делот на завршување на овој дел, а доколку пратеничката инсистира на конкретните проекти, степенот на изграденоста, преземените мерки, ќе можеме и писмено да доставиме извештај. Тоа се однесува за делот од Бирото, а за Берово има уште еден голем крупен објект, тоа е објектот на таканаречениот дел за реализација на проектот за изградба на резервоар во вода во општина Берово за кои исто така е извршена контрола од страна на Јавното претпријатире за станбен и деловен простор, се преземаат мерки за завршување на еден капитален објект, во кои во основа констатациите зборуваат дека се исплатени средства во износ од 71%, работите се завршени за 10%. Сметам дека конкретно на пратеникот ќе му дадеме и во писмена форма.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Можам да сфатам дека ќе добие писмен одговор, а доколку не сте задоволна од овој одговор госпоѓа Биковска?

НАТАША БИКОВСКА:

Од одговорот сум задоволна, само ќе го замолам министерот, бидејќи ги знае кои објекти, кои проекти и објекти се незавршени да поведе сметка бидејќи се работи за селски населби кои што проектите се од витален интерес, а јас ќе го информирам и лично за тоа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господин Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Проблемот не е така едноставен. Проблемот е, парите се префрлувани на фирми за неизвршени работи како што истакнав, фирми кои во основа ќе одговараат врз основа на позитивните прописи и врз основа на Кривичниот закон. Проблемот што тука произлегува во голем дел се фирми и луѓе, фирми - човек и во основа и со покренувањето на целокупниот процес тешко ќе можеме да ги повратиме средствата. Стравот во Министерството и Бирото е што тие средства се наменски или со цел така префрлувани за тешко да можеме да ги наплатиме. Ќе направиме напори и наша цел е да ги завршиме објектите, со одредени дури и замолувања и чести контакти на изведувачите кои ги зеле парите а не ги извршиле работите.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господин Асани ќе постави прашање.

ФАТМИР АСАНИ:

Почитувани колеги пратеници, претставници на Владата,

Дозволете ми да ви поставам неколку прашања кои ги има многу и кои тежнеат врз граѓаните.

Првото прашање е за министерот за внатрешни работи. Јас доаѓам од општина Липково, од една општина која што цели недели се наоѓа во едно државно полициско опкружување. Тие кои го држат народот затворен во овој полициски карантин, нивната присутност ја користат само преку ден, манифестирајќи сила, додека навечер се кријат позади трските, трудејќи се да најдат некое гнездо за да ја поминат ноќта. Ова е многу страшно за нив. Затоа, моето прашање е насочено до министерот за внатрешни работи, а тоа е ова.

Уште колку време демократија и слободното движење на граѓаните ќе биде заложник на македонската полиција или речено поинаку, кога има намера полициската држава, која ги има покажано своите заби во оваа зона да се замени со демократска држава, од причина дека оваа клетка покажува дека во Република Македонија сеуште има воен конфликт. Овој пат Владата го тероризира еден цел етнитет. Зошто се случува ова?

Второто прашање, жалам дека сум принуден уште еднаш да поставам едно прашање за кое, за жал, иако имаше едно ветување од страна на Владата, сеуште не е направено ништо конкретно. Прашањето што е доста загрижувачко и кое не придонесува за подобрувањето и демократизацијата за состојбата е запоставувањето на ресоцијализацијата на припадниците на бившите членови на ОНА и реконструкцијата на разрушените куќи. Има многу семејства кои сега и оваа зима ќе ја дочекаат без кров над главата. Треба да ве потсетам за фактот дека овие две прашања, покрај тоа што се предвидуваат со Охридскиот договор и се обврска и должност, исто така беа воспоставени и врз основа на приоритетите на платформите, на изборните платформи кои денеска раководат со Владата.

Сега поставувам прашање. Зошто не се почитува ресоцијализацијата на едната страна инволвирани во воениот конфликт од 2001 година, додека другата страна се привилегира. Потсетете се само на Законот за оштетувањата на безбедносните сили на Република Македонија и членовите на нивните семејства, додека ветувањето на Владата на Република Македонија дека ова право брзо ќе им припадне и на албанците не успеа.

Господа, што се направи во оваа насока?

Третото прашање - неколку пати до сега се побарало околу враќањето на албанците вработени на нивните работни места. Како што знаеме, сите се изнесоа на улица, користејќи го како претек воениот конфликт. Значи, до каде е овие работници кои со години работеа во своите претпријатија, ќе шетаат по улици како жртва на политиката, злонамерната политика на оваа Влада која е обврзана во овој повоен период да се погрижи за враќањето на меѓуетничката доверба. Затоа, како може да има релаксација и доверба меѓуетничка доверба меѓу враќањето на овие албански работници на нивните работни места.

За да бидам уште поконкретен прашувам. Кога ќе се вратат на работа албанците кои се отстранети од разните јавни претпријатија во општина Куманово, Липково и од целиот кризен регион.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Третото прашање претпоставувам дека до министерот за труд и социјала.

Господин Хари Костов на првото прашање.

Со оглед дека е 17,оо часот, со овие три прашања ќе завршиме, сугурно некаде до 17,15 часот.

ХАРИ КОСТОВ:

Да скратам, со оглед дека ваквото прашање практично беше дел од полемиките кои беа во изминатите неколку денови по одржувањето на точката околу безбедносната состојба во Република Македонија. Уште еднаш да повторам, поголемото присуство на полицијата во регионот во изминатиот месец во Кумановско - Липковскиот регион беше предизвикано од определени криминално - терористички и киднапирачки активности кои се случуваа во тој регион. Уште еднаш да повторам овој месец повеќе лод 80% се намалени и нарушувањата на јавниот ред и различните криминални активности кои се одвиваа. Јас досега во Министерството за внатрешни работи ниту пак во СВР - Куманово не сме добиле поплака било кое физичко лице, граѓани на тој дел дека има некои проблеми со зголемената присутност на полицијата на теренот затоа што таа полиција треба да овозможи владеење на правото на теренот, а не некоја друга состојба. Ниту е насочено против локалното население, нити некого малтретира и до сега немало никакви поплаки на однесувањето на полицијата и тн., туку обратно. И од оние информации што ги добиваме и од меѓународните монитори на теренот е дека локалното населние ја подржува вакват присутност на полицијата и намалување на криминалните појави на теренот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господин Асани, дали имате дополнително прашање или сте задоволен од одговорот?

ФАТМИР АСАНИ:

Јас мислам дека господин министер не ја кажа вистината. Таму нема толку криминалци како што тој мисли за да има толкав број на полициски сили. Ако има криминални сили или криминални групи тие ќе ги контролираат и навечер. Јас реков во мојата дискусија дека полицијата контролира само преку ден. Преку ден свртувајќи ја пушката на жителите од тој регион, а навечер не го прават тоа. Се знае дека криминалците се шетаат навечер, а не преку ден. Има случаи на патот

Склупчане - Ваксинце граѓаните се стопираат и граѓаните чекаат по два часа за да дојде еден полицаец да ги контролира, но тоа не се случува.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Дали имате на дополнителното прашање одговор господине Костов?

ХАРИ КОСТОВ:

Само кратко. Ако нема толку криминал, нема од што да се плашат од луѓето од полицијата и уште еднаш повторувам, од полицијата која е таму составена од мешан етнички состав.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

На второто прашање одговор ќе даде господинот Владо Поповски, задолжен за реинтеграција.

ВЛАДО ПОПОВСКИ:

Јас незнам за каков вид проблеми зборуваше господинот пратеник. Јас ќе се обидам само за дел на реконструкцијата на оштетените куќи. Колку што мене ми е познато, добро ни е познато дека во тој регион за кој пратеникот зборуваше нема некој посебен проблем. Во суштина се работи според планот и програмата за реконструкција на оштетените објекти во кои во овој момент се изведува втората фаза и освен проблемите што и се познати на јавноста и претпоставувам на пратениците, каде сеуште во селото Матечје имаме непотпишано уште 117 трипартитни договори. Значи, други проблеми во смисла на реконструкција на куќите нема. Се се одвива според планот и од таму не постои некоја посебна опасност дека овие куќи нема да бидат реконструирани.

Се разбира, доколку би се појавиле и одредени дневни проблеми во смисла на некаква рекатегоризација или пак дополнително вклучување во одредени програми, јас за такви проблеми не сум информиран и доколку дозволи пратеникот, доколку тие проблеми се појавени, ќе ги разгледаме и евентуално да ги разрешиме. Инаку, при Министерството за транспорт и врски постои крим комитетот во кој се вклучени и нашето Министерството за транспрот и врски, претставници на имплементаторите, на донаторите и на изведувачите. Секојдневно ја разгледуваат таа проблематика и доколку постојат одредени жалби во смисла на недоволно

реконструирана куќа, не според прописите, не според стандардите, тие дневно ги разрешуваат овие проблеми. Значи, сепак доколку се појавил ваков одреден проблем, ќе го разгледаме и во рамките на прописите на стандардите ќе биде разрешуван. Инаку, други проблеми освен она што континуирано го имаме со луѓето од Матејче, таму во смисла на реконструкција нема.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господин Фатмир Асани дали сте задоволен од одговорот, или имате дополнително прашање?

ФАТМИР АСАНИ:

Делумно сум задоволен, затоа што реконструкцијата на куќите и на албанците не е направена како што треба, затоа што има уште многу куќи кои не се реконструирани. И на тие на кои е направена реконструкцијата, не е извршената наплатата на мајсторите и тие бараат пари од самите сопственици на куќите, што не е во ред. Значи, парите некаде се изгубени.

Моето прашање е, пред извесно време во овој Парламент се донесе Законот за обезштетување на воено полициските сили и нивните семејства од 2001 година само за македонците. А кога ќе дојде ова и за албанците кои имаат изгубено свои членови во оваа војна за да се направи и нивно обештетување?

ВЛАДО ПОПОВСКИ:

Би сакал да дадам само еден коментар во смисла на реконструкцијата на куќите од она што во дополнителното прашање господинот пратеник истакна, во суштина и не постои некаков посебен проблем. Реконструкцијата на куќите и на македонците и на албанците, значи без исклучок се изведува по стандард на Меѓународната заедница. Кажав во Крим комитетот секојдневно се следат тие состојби. Доколку има вакви одредени состојби на кои што пратеникот укажува, ние ќе ги разгледаме и во согласност со стандардите ќе биде постапено. Значи, нема никакви исклучоци во тој дел. Сé се работи по соодветна програма во која што се вклучени сите куќи. И пред малку кажав дека се изведува втората фаза, тоа се куќите со најголемо оштетување од трета и четврта категорија во Македонија и тоа е сé според планот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

На вториот дел од дополнителното прашање ќе одговори господинот Владо Бучковски.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Бидејќи неколку пати и додека разговаравме за безбедноста и денеска на два пати беше споменат Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија, сакам да го упатам пратеникот да погледне дека тој закон е донесен во септември 2001 година за време на широката коалиција, дека едногласно е донесен, дека е предложен од поранешниот министер за внатрешни работи, министер за одбрана и министер за труд и социјална политика и дека само еден член е изменет од новата коалиција на почетокот од 2003 година. Така што погрешни се алузиите кои упорно се обидува да ги упати кон оваа Влада и правата кои треба да ги остваруваат. Тој е дециден закон и донесен е во оној момент кога сите проценивме дека таков закон треба во време на пост воен конфликт да биде донесен.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Третото прашање беше упатено до министерот за труд и социјална политика во врска со луѓето кои изгубиле работа како последица на војната.

На прашањето ќе одговори заменикот министер за труд и социјална политика, господинот Максуд Али.

МАКСУД АЛИ:

На прашањето писмено ќе му се достави одговор.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

На третото прашање ќе добиете писмен одговор.

Благодарам на сите за соработката и на министрите.

Ја заклучувам седницата.

(Седницата заврши во 17,05 часот).